B—Индикатор на загубата на решетото
C—Индикатор на загубата на сепараторот
D—Индикатор на количината на отпад
E—Индикатор на протокот на маса
F—Икона за наредна страница

- Црвените ленти укажуваат на тоа дека брзината на полнење е намалена.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за следната страница (F) за да поминете на следната страница.

Продолжува на следната страница

Потврдете ги поставките на подобрувањето:

ЗАБЕЛЕШКА: Ова е пример за можна состојба. Секогаш следете ги информациите прикажани на приказот.

Овозможува операторот да одговори на серија на пршања за секој параметар за да ги подобри претходните состојби на загуби и квалитет.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканото мени за параметри (A):

- Скршени зрна
- Плева/лушпи
- Парчиња слама/кочани
- Неовршен материјал
- Состојба на сламата
- Загуба од сепараторот
- Загуба од решетото
- Неовршена загуба
- Прекумерен отпад

Секое мени за параметри го прикажува следното:

- Проблемот е решен
- Подобро
- Нема промени
- Полошо


Кога ќе се одбере саканиот избор, допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач.

Повторете ја процедурата по потреба со менијата на останатите параметри.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за прекумерен отпад (B).

- Означено - прекумерниот отпад и понатаму постои.
- Неозначено - состојбата на прекумерниот отпад е подобрена.

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за помош (C). Подрачјето за информации (D) се префрла од моменталните поставки на машината кон подрачјето со информации за помош, кое дава повеќе детали за подобрувањата.



H105860 —UN—06DEC12

A—Менија на параметрите
B—Поле за прекумерен отпад
C—Икони за помош
D—Подрачје за информации
E—Икона за наредна страница
F—Икона за претходната страница

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за следната страница (E) за да поминете на следната страница.

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за претходната страница (F) за да се вратите на претходната страница ако е потребно.

Продолжува на следната страница

Потврдете ги поставките на претходно прифатливите параметри:

ЗАБЕЛЕШКА: Ова е пример за можна состојба. Секогаш следете ги информациите прикажани на приказот.


Овозможува операторот да потврди дека параметрите кои претходно не се одбрани сè уште се прифатливи или сега се неприфатливи.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи полето за посакуваната проценка на системот (A):

- Не, продолжи оптимизација - овозможува операторот да продолжи да го оптимизира системот. Системот продолжува да дава препорачани промени на машината.
- Да, задржи ја поставката и пријави нов проблем - овозможува операторот да додаде нов проблем во рамките на веќе постоечки проблем (проблеми). Системот продолжува да дава препорачани промени на машината.
- Да, отповикај го последното нагодување и продолжи - овозможува операторот да ја отповика последната промена на машината и да продолжи со другите препораки.
- Да, отповикај ги сите нагодувања и започни одново - овозможува операторот да ги отповика сите препорачани промени на машината извршени од страна на системот и да излезе од интерактивното нагодување на комбајнот.

Параметри кои не се претходно одбрани (B):

- Скршени зрна
- Плева/лушпи
- Парчиња слама/кочани



H108680 —UN—30JUL13

A—Поле за евалуација на системот
B—Параметри кои не се претходно одбрани
C—Икона за наредна страница
D—Икона за претходната страница

- Неовршен материјал
- Состојба на сламата
- Загуба од сепараторот
- Загуба од решетото
- Неовршена загуба
- Прекумерен отпад

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за следната страница (C) за да поминете на следната страница.

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за претходната страница (D) за да се вратите на претходната страница ако е потребно.

Продолжува на следната страница

Препорачани промени на машината:

Подрачјето со моменталните препораки (A) ги прикажува промените на препорачаните поставки на машината.

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за следната препорака или иконата за претходната препорака може да е неактивна (сиво означена), ако не постојат повеќе препораки.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за следната препорака (B) или иконата за претходната препорака (C) за да поминете кон следната препорака или да се вратите кон претходната препорака.


ЗАБЕЛЕШКА: Подрачјето за следни препораки (D) го прикажува идното нагодување предложено од системот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата внеси/зачувај (E) за да го извршите предложеното нагодување на машината.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за претходната страница (F) за да се вратите на претходната страница.

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за откажување (G) за да ја откажете препораката. Претходните нагодувања на машината ќе бидат задржани.

Системот за интерактивно нагодување на комбајнот ќе биде деактивиран со исклучување на моторот (клучот поставен на OFF), со системот за откажување или кога се постигне состојба на комплетна оптимизација. Системот не ги задржува минатите препораки на машина кога се рестартира интерактивното нагодување на комбајнот.



H108635 —UN—26JUL13

A—Подрачје со моментални препораки
B—Икона за следни препораки
C—Икона за претходни препораки
D—Подрачје за следни препораки
E—Икона за внесување/прифаќање
F—Икона за претходната страница
G—Икона за откажување


OUO6075,00015B3 -A8-31JUL13-11/12

Оптимизацијата завршена:

Оптимизацијата завршена (A) се појавува на приказот кога не се потребни понатамошни препораки на машината.

ЗАБЕЛЕШКА: При менување на состојбата на приносот и на теренот во текот на денот, параметрите на интерактивното нагодување на комбајнот МОРА да се рестартираат и нагодат.

A—Оптимизацијата завршена



H106314 —UN—10DEC12

OUO6075,00015B3 -A8-31JUL13-12/12

Брзина на полнење Harvest Smart™ (ако постои)

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува само ако машината е опремена со брзина на полнење Harvest Smart™.


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на комбајнот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™ (A).


Погледнете во поглавјето Брзина на полнење Harvest Smart™ за понатамошни информации за работење со следново:

- Работен режим (B)
  - OFF (исклучено)
  - Смарт
  - Капацитет
- Целен притисок (C)
- Максимална сила на моторот (D)
- Икона за напредна конфигурација (E)
  - Максимална брзина на жнеење
  - Осетливост
- Индикатор за статус на Harvest Smart™ (F)
- Икона за дијагностичките параметри (G)
- Икона за калибрација на Harvest Smart™ (H)

H94473 —UN—31MAR10



Икона за конфигурација на комбајнот





H106433 —UN—03JAN13

A—Икона за конфигурација на брзината на полнење Harvest Smart™
B—Работен режим
C—Целен притисок
D—Максимална сила на моторот
E—Икона за напредна конфигурација
F—Индикатор за статус на Harvest Smart™
G—Икона за дијагностичките параметри
H—Икона за калибрација на Harvest Smart™

OUO6075,000119D -A8-09JAN13-1/1

Екран за поставки на хедерот






Поставки на хедерот:


- Хедер за пченка и бројач на часови [1] (A)
  - Вид на хедер (автоматско откривање)
  - Вкупно редови (редови, според видот, нумерички влез) (B)
  - Растојание на редовите (C)
  - Промена на редот (намалување на редот на сечење) (D)
  - Крајна височина на снимање (Поставка на височината за снимање на вртењето ON/OFF) (E)
- Квадратче за вградена намотка (F)
- Транспортната лента/платформа/ременски пикап и бројач на часови [1] (G)
  - Вид на хедер (автоматско откривање)
  - Минимум намотка или брзина на ременскиот пикап (H)
  - Збирна ширина (збирна ширина, според видот, нумерички влез) (I)
  - Промена на ширината (намалување на ширина на косење) (J)
  - Крајна височина на снимање (Поставка на височината за снимање на вртењето ON/OFF) (K)

[1]За информации за ресетирањето на часовите на хедерот посетете го вашиот трговец со John Deere опрема.

OUO6075,000042C -A8-24AUG10-1/2



Приказ на хедерот за пченка



Приказ на платформата

Поставки на контролата на автоматскиот хедер (АНС):

- Вклучување на сензорот за висината на хедерот (A)
- Вклучување на продолжувањето на висината на хедерот (B)
- Вклучување на пловечки активен хедер (C)
- Вклучување на Dial-A-Speed (автоматска регулација на брзината на навојот) (D)
- Вклучување на продолжувањето на положбата на намотката[1] (E)
- Вклучување на продолжувањето на положбата на плочата на платформата[2] (F)
- Вклучување на страничното накосување[3] (G)

[1]Ако е поврзан со платформата на машината со намотка.
[2]Ако е поврзан со хедерот за пченка со нагодливи плочи на платформата.
[3]Ако е опремен со странично накосување.

OUO6075,000042C -A8-24AUG10-2/2

Промена на поставките на хедерот

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на ширината на хедерот (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога едно од седново е означено:

Приказ на хедерот за пченка:

- Квадратче за редови (B) - му овозможува на операторот да го постави бројот на редови на хедерот за пченка.
- Квадратче за растојание (C) - му овозможува на операторот да го постави растојанието на редовите на хедерот за пченка.
- Квадратче за промена на редовите (D) - му овозможува на операторот да ги постави промените на редовите (не потполна ширина на жнеење).
- Квадратче за вградена намотка (E) - му овозможува на операторот во тешки или услови на заплеткани култури да го вклучи системот на намотката на хедерот за пченка.


Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го изборникот додека не се прикаже вредноста за саканиот хедер. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја сочувате вредноста.

Само екран осетлив на допир: Внесете ја саканата вредност на хедерот на нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата влез/прифати за да ја сочувате вредноста.


Висина на сопирање на снимањето:

ЗАБЕЛЕШКА: Снимањето автоматски се исклучува на и над одредената висина и се вклучува под одредената висина, под услов сите други услови да се исполнети (сепаратор/хедер вклучен, моторот на брз празен од, фарма/поле е подесено), видете Рачно снимање ON/OFF во овој дел за информации привремено префрлање.

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот



H94622 —UN—05OCT10

A—Икона за поставка на ширината на хедерот
B—Квадратче за редови
C—Квадратче за растојание
D—Квадратче за промена на редот
E—Квадратче за вградена намотка
F—Икона за влез/прифати на висината на сопирање на снимањето

Ако сензорот за висината на хедерот или пловечки активниот хедер се вклучени, поставката за висината на прекин на снимањето е ирелевантна и снимањето се вклучува, под услов сите други услови да се исполнети (сепаратор/хедер вклучен, моторот на брз празен од, фарма/поле е подесено).

Подигнете го или спуштете го хедерот до саканата висина за прекин на снимањето.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати (F) за да ја сочувате вредноста.

Продолжува на следната страница

Приказ на транспортната лента/платформа/ременски пикап:

- Квадратче за минимум намотка или брзината на ременскиот пикап (B) - му овозможува на операторот да го постави минимумот на намотка или брзината на ременскиот пикап.
- Квадратче за ширина (C) - му овозможува на операторот да ја постави ширината на косење на платформата.
- Квадратче за промена на ширината (D) - му овозможува на операторот да ги постави промените на ширината на косење (не потполна ширина на жнеење).


Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го изборникот додека не се прикаже вредноста за саканиот хедер. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја сочувате вредноста.

Само екран осетлив на допир: Внесете ја саканата вредност на хедерот на нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата влез/прифати за да ја сочувате вредноста.

Висина на сопирање на снимањето:

ЗАБЕЛЕШКА: Снимањето автоматски се исклучува на и над одредената висина и се вклучува под одредената висина, под услов сите други услови да се исполнети (сепаратор/хедер вклучен, моторот на брз празен од, фарма/поле е подесено), видете Рачно снимање ON/OFF во овој дел за информации привремено префрлање.

Ако сензорот за висината на хедерот или пловечки активниот хедер се вклучени, поставката за висината на прекин на снимањето е ирелевантна и снимањето се вклучува, под услов сите други услови да се исполнети (сепаратор/хедер вклучен, моторот на брз празен од, фарма/поле е подесено).



A—Икона за поставка на ширината на хедерот
B—Квадратче за минимум намотка или за брзината на ременскиот пикап
C—Квадратче за ширина
D—Квадратче за промена на ширината
E—Икона за влез/прифати на висината на сопирање на снимањето

Подигнете го или спуштете го хедерот до саканата висина за прекин на снимањето.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата влез/прифати за висината на прекин на снимањето (E) за да ја сочувате вредноста.

OUO6075,0000428 -A8-27JUN12-2/2

Поставки на контролата на автоматскиот хедер (AHC)

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за автоматски режими на висината на хедерот (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога едно од седново е означено:

- Вклучување на сензорот за висината на хедерот (B)
- Вклучување на продолжувањето на висината на хедерот (C)
- Вклучување на пловечки активен хедер (D)
- Вклучување на Dial-A-Speed (автоматска регулација на брзината на навојот) (E)
- Вклучување на продолжувањето на положбата на плочата на платформата[1] (F)
- Вклучување на продолжувањето на положбата на намотката[2] (G)
- Вклучување на страничното накосување[3] (H)


Квадратчето го прикажува знакот за избор наведувајќи која икона ќе биде прикажана уклучена или исклучена во аголот.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако квадратчињата се со сива боја, тогаш таа опција не е достапна за вашата машина.

H96245 —UN—03MAY10




Икони за поставки на хедерот



H94938 —UN—05OCT10

Приказ на хедерот за пченка



H94937 —UN—05OCT10

Приказ на платформата

[1]Ако е поврзан со хедерот за пченка со нагодливи плочи на платформата.
[2]Ако е поврзан со платформата на машината со намотка.
[3]Ако е опремен со странично накосување.

OUO6075,00004BF -A8-01DEC10-1/1

Екран со информации за моторот


Поставки на моторот:

- Работни часови на моторот (A)
- Работни часови на сепараторот (B)
- Мерач на моќноста на моторот (C)
  - Зелен регион (35 до 100%)
  - Жолт регион (101 до 107%)
  - Црвен регион (108 до 114%)

ВАЖНО: Ако индикаторот се движи во црвениот регион, моќноста на моторот е максимизирана и машината потенцијално би можела да се закочи. Намалете го оптоварувањето на машина, додека индикатор не се врати во зелениот и жолтиот регион.

- Исклучување на режимот за чистење на филтерот на издувните гасови (D) [1]

[1]Се појавува кога е опремен со мотори Interim Tier 4/Stage III B или Final Tier 4/Stage IV.



H108617 —UN—26JUL13

- АВТОМАТСКИ режим за чистење на филтерот на издувните гасови (E) [1]
- Икона за чистење на филтерот на издувните гасови во паркирана положба (F) [1]

OUO6075,00015AC -A8-26JUL13-1/1

Чистење на филтерот за издувни гасови (Interim Tier 4/Stage III B)

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за информации за моторот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога едно од следното е означено:


ЗАБЕЛЕШКА: Системот се враќа по стандардно во режимот АВТОМАТСКИ секогаш кога е завртен контактниот клуч. Секогаш осигурете дека е одбран режимот АВТОМАТСКИ, освен во условите каде тоа не е безбедно. Погледнете во Кога да се исклучи системот за чистење на издувните гасови во поглавјето Работење со моторот.

- Исклучи го режимот за чистење на филтерот на издувните гасови (A) - овозможува системот за чистење на филтерот на издувните гасови да биде исклучен. Не се препорачува исклучувањето на системот. Треба да се користи само во одредени услови или во ситуации на итен случај. За подетални информации. погледнете во Кога да се исклучи системот за чистење на издувните гасови во поглавјето Работење со моторот.
- АВТОМАТСКИ режим за чистење на филтерот на издувните гасови (B) - овозможува системот за чистење на филтерот на издувните гасови да изврши интелигентно чистење филтерот, по потреба. Индикаторите на приказот во столпчето во аголот и приказот на потпирачот за рака му даваат информации на операторот поврзани со активноста на системот на филтерот на издувни гасови.


  ЗАБЕЛЕШКА: Индикаторот за чистење на филтерот за издувни гасови на приказот во столпчето во аголот се осветлува кога системот на филтерот за издувни гасови активно врши чистење на филтерот за издувни гасови.

- Иконата за чистење на филтерот на издувни гасови во паркирана положба (C) - е автоматизиран процес кој му овозможува на системот да го исчисти филтерот на издувни гасови кога тоа е потребно. За време на процесот, брзината на моторот е контролирана од системот и машината мора да биде паркирана за да се заврши оваа постапка. Времето потребно за процесот на чистење на филтерот на издувни гасови во паркирана состојба зависи од нивото на затнување на филтерот за издувни гасови, амбиентните температури и моменталната температура на издувните гасови. Приказот на потпирачот за рака ќе го прикаже проценетото време на завршување.

H94480 —UN—31MAR10



Икона за информации за моторот



H108618 —UN—26JUL13

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за чистење на филтер на издувни гасови во паркирана состојба може да биде активна или неактивна (во сива боја) во зависност од нивото на рестрикција на филтерот за издувните гасови. Погледнете во чистење на филтерот на издувните гасови во паркирана состојба во поглавјето Работење со моторот.

Системот се префрлува во режимот АВТОМАТСКИ кога чистењето на филтерот за издувни гасови во паркирана положба е завршено. Секогаш осигурете дека е одбран режимот АВТОМАТСКИ, освен во условите каде тоа не е безбедно. Погледнете во Кога да се исклучи системот за чистење на издувните гасови во поглавјето Работење со моторот.

OUO6075,00015B7 -A8-29JUL13-1/1

Управување со брзината на моторот (машини ProDrive™)

ЗАБЕЛЕШКА: Управувањето со брзината на моторот е софтверски контролирано и се активира со прекинувачот за исклучување на патен транспорт.

Управувањето со брзината на моторот ја намалува потрошувачката на гориво и ја зголемува ефикасноста на горивото.

- Потрошувачката на гориво е намалена во услови на ниско оптоварување со намалување на брзината на моторот.
- Одржувајте голема способност за оптоварување со динамичко зголемување на брзината на моторот кога е потребно.
- Теренската брзина се одржува за време на промените на брзината на моторот преку различни хидростатички преместувања.
- Брзината на моторот останува на долен празен од кога машината не се движи.
- Брзината на моторот е приближно 1600 вртежи/мин. кога машината е на рамен терен или со мала теренска брзина.
- Брзината на моторот се менува помеѓу приближно 1600 вртежи/мин. и максимален брз празен од, зависно од оптоварувањето на моторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Индикациските светла за брзината на моторот ќе се исклучат по преминот кон режим за работа во поле ако моторот не е во брзина на долен празен од за време на преминот. Моторот ќе остане на својата моментална брзина додека не се притисне едно од копчињата за празен од.

Операторот ја ограничува максималната брзина на моторот преку прекинувачите за брзината на моторот.

- Мала брзина на моторот - брзината на моторот останува на 1250 вртежи/мин. (rpm).
- Средна брзина на моторот - брзината на моторот нема да премине 1870 вртежи/мин. (rpm).
- Голема брзина на моторот - брзината на моторот се менува помеѓу приближно 1600 вртежи/мин. (rpm) и максимален брз празен од.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за информации за моторот.


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за управување со брзината на моторот (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за дијагностичките параметри (B).


H94480 —UN—31MAR10



Икона за информации за моторот



H108619 —UN—26JUL13



H108620 —UN—26JUL13

A—Икона за управување со брзината на моторот
B—Икона за дијагностичките параметри
C—Икона Враќање/Назад

Екранот за управување со брзината на моторот ја прикажува следната состојба и статус:

- Пренос ProDrive™
- Активен режим за работа на пат
- Операторот барал максимална брзина на моторот
- Барана брзина на моторот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање/назад (C) за да се вратите на претходната страница.

OUO6075,00015AE -A8-26JUL13-1/1

Екран за дијагностика и калибрација

Калибрации:


ЗАБЕЛЕШКА: Калибрациите се извршуваат со користење на упатствата прикажани на екранот. Операторот ги избира калибрација и иконата за калибрација на висината и е воден низ постапката.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи дијагностичката икона.


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за калибрација (A).

- Листата на калибрации погледнете ја во Кога да се калибрира во делот за Постапки на калибрација.

H94478 —UN—31MAR10



Икона за дијагностика



H94638 —UN—05OCT10


Калибрации

OUO6075,000042B -A8-02SEP10-1/4

Дијагностички параметри:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за дијагностички параметри (A).

- Дијагностички параметри - помага во обезбедувањето на повеќе информации во врска со потсистемот на машината за решавање на проблемот. Приказот ги собира податоците од дијагностичките адреси и ги прикажува собраните информации на една страница.



H94639 —UN—05OCT10

Дијагностички параметри

Продолжува на следната страница

OUO6075,000042B -A8-02SEP10-2/4

Специјални испитувања:

ЗАБЕЛЕШКА: Специјалното испитување за нагодување на брзината на вентилаторот за чистење можеби нема да функционира правилно ако бил инсталиран сет за забавување на брзината на чистење на вентилаторот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за дијагностички специјални испитувања (A).

- Дијагностички специјални испитувања - помогнува да се намали потребното време за да се дијагностицира проблем од страна на операторот или техничарот со тоа што тој е воден низ специјален сет на инструкции. Машината свтоматски проверува дали операторот е воден низ специјалните испитувања.



Специјални испитувања

OUO6075,000042B -A8-02SEP10-3/4

Поставувка за режимот на влечење [1]**:**

ВАЖНО: Не ја влечете машината освен во итни случаи на кратко растојание од 8 km/h (5 mph). За повеќе информации видете Влечење на машината во делот Транспортирање.


ЗАБЕЛЕШКА: Поставувката за режимот на влечење му овозможува на операторот во итни случаи да го избере следново.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставувката за режимот на влечење (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи квадратчето.

- Поставување на менувачот во неутрална положба и вклучување на квадратчето за исклучување на сопирачката за паркирање (B) - ја поставува машината во неутрална положба и го вклучува исклучувањето на сопирачката за паркирање.

[1]*Се појавува само со машините ProDrive и со копче за преносот.*



ЗАБЕЛЕШКА: Операторот мора да остане на седиштето за да да се исклучи сопирачката за паркирање.

Прекинувачот на сопирачката за паркирање притиснете го на потпирачот за рака за да ја ослободите сопирачката пред влечењето на машината.

OUO6075,000042B -A8-02SEP10-4/4

Избор на радио извор

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информации или иконата за аудио апликација.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за избор на извор (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за избор:

- MW (B)
- FM (C)
- LW (D)
- CD/MP3 (E)
- Universal Serial Bus (USB) (само Премиум радио) (F)
- Помошен влез (AUX) (G)
- Bluetooth® audio (само Премиум радио) (H)

Радио OFF;избирањето на иконата за информации или иконата за аудио апликација води до еранот за избор на извор. Избирањето на извор од овој екран го ВКЛУЧУВА радиото на избраниот извор.


Radio ON; избирањето на иконата за информации или иконата за аудио апликација води до почетната страница на моментално избраниот извор.

Избирањето на иконата за извор од почетната страница на радиото ќе ве одведо до екранот за избор на извор. Избирањето на извор од овој екран ќе го смени радиото на избраниот извор.




Икона за информации / Икона за аудио апликација

H105093 —UN—28MAR12



H105097 —UN—28MAR12



H105095 —UN—28MAR12


Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG

OUO6075,000112C -A8-25JUN12-1/1

Почетна страница MW/LW

ЗАБЕЛЕШКА: Почетните страници FM и LW се слични со почетната страница MW.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информации и забава или иконата за аудио апликација.



Икона за информации и забава/Икона за аудио апликација

H1105093 —UN—28MAR12

Икона за пребарување (A)

ЗАБЕЛЕШКА: Пребарувањето е оневозможено со допир или притисок врз потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата.

Овозможува операторот да пребарува низ достапните станици на одбраната радио фреквенција. Моменталната станица се слуша четири до осум секунди (зависно од времето потребно за производство на звук) пред да започне повторното пребарување.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за пребарување.

Икони за БАРАЊЕ на станица нагоре/надолу (B)

ЗАБЕЛЕШКА: Кога сте во режим на пребарување, пребарувањето е оневозможено со допирање или притискање на потврдниот прекинувач кога ќе се означат иконите.

БАРАЊЕ на станица нагоре/надолу му овозможува на операторот да пронајде станици со јаки сигнали.

ЗАБЕЛЕШКА: Може да се изврши рачно пребарување од предната плочка на радиото и преку прекинувачите на потпирачот за рака.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за канал надолу или за иконата за канал нагоре.


Икона за фрекценција (C)

Овозможува операторот да пребарува низ MW, LW, MWT, LWT.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за фреквенција за да се префрлате низ достапните радио фреквенции.

Икона за автоматско зачувување (D)

Автоматското складирање му овозможува на операторот да ги складира 6 најјаки фреквенции во појасот MWT и LWT.



H105271 —UN—26APR12

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за автоматско складирање за да ги зачувате 6 најсилни фреквенции.

ЗАБЕЛЕШКА: Притиснете го и задржете го копчето за фреквенција (BND) на радиото во тек на две секунди за да започнете со автоматско зачувување.

Икона за избор на извор (E)

Му овозможува на оператерот директно да промени во изворот за емитување или друг радио избор (за дополнителни информации, погледнете во Избирање извор за радио во ова поглавје).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за избор на извор за да се движите низ достапните избори.

Икона за звучни поставки (F)

Му дозволува на операторот да ги менува саканите звучни поставки. Погледнете во Звучни поставки во ова поглавје за понатамошни информации.

Продолжува на следната страница

Икона за исклучување на звукот (A)

Дозволува на операторот да го исклучи нивото на гласот на радиото.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за исклучување на гласот.

Поле на столбестиот дијаграм за гласност (B)

Дозволува на операторот да го нагоди тековното ниво на глас.

Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или вртете го копчето за бирање за да ги зголемите или намалите поставките на столбестиот дијаграм.

Меморирани канали 1—6 (C)

Овозможува операторот да избере меморирани станици (зададена е најниската достапна фреквенција).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата меморирана станица.

Притиснете ја и задржете ја иконата на екранот или потврдното копче во тек на две секунди за да ја сочувате фреквенцијата на активната станица како меморирана.

Копчињата за радиото и приказот се синхронизирани.

Картички за радио фреквенција (MW/LW) (D)

Овозможува операторот да пребарува низ дополнителните меморирани станици на други картички (ако се претходно снимени во меморијата).



H105272 —UN—03MAY12

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата картичка за да пребарувате низ дополнителните меморирани станици (ако се претходно снимени во меморијата).

Подрачје за приказ на името на артистот/песната (E)

Овозможува операторот да го гледа името на артистот и името на песната (ако е достапно) од тековната радио станица.

Подрачје за приказ на фреквенцијата на радио станицата (F)

Овозможува операторот да ги гледа фреквенцијата на радио станицата и бројот на мемориранот канал (ако е претходно снимен во меморијата).

OUO6075,0001521 -A8-18JUN13-2/2

Прикажана е почетната страница за ЦД/MP3

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информации и забава или иконата за аудио апликација.

Икона за избор на папка (A)

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за избор на папка и иконата за назив на папка не се достапни за време на репродукција на ЦД кое не во формат MP3.

Му дозволува на операторот да ја разгледа страницата за избор на папка (ако ЦД-то со MP3 содржи структура со папки).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за избор на папка. Радиото започнува да ја репродуцира првата песна во секоја папка според навигацијата.

Икона за пауза/репродукција (B)

Му дозволува на операторот да го паузира звукот и да продолжи со репродукцијата на звукот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за пауза/репродукција.

Икона за премотување наназад/премотување нанапред (C)

Му дозволува на операторот да ја премотува нанапред или наназад тековната репродукција на звук.

Допрете и држете ја иконата или притиснете и држете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за брзо премотување напред или иконата за брзо враќање назад за да премотувате нанапред или наназад низ аудио датотека. Откако ќе се испушти, репродукцијата продолжува.

Икона за претходниот запис/следниот запис (D)

Му дозволува на операторот да ја избере претходната песна или да премине кон следната песна.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за претходниот запис или за следниот запис.

Случајна папка/Случајно сите (E)

Дозволува на операторот да пребарува низ следните избори:


- Случајна папка (ЦД единствено со MP3)
- Случајно сите
- Исклучен случаен избор

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за случаен избор за да пребарувате низ изборите.



H105093 —UN—28MAR12

Икона за информации и забава/Икона за аудио апликација



H105275 —UN—26APR12

Икона Повтори го записот/Повтори ја папката/Повтори ги сите (F)

Овозможува операторот да пребарува низ следното:

- Повторување на записот
- Повтори папка (ЦД единствено со MP3)
- Исклучено повторување

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за повторување за да се движите низ достапните избори.

Икона за избор на извор (G)

Му овозможува на операторот директно да промени во изворот за емитување или друг радио избор (за дополнителни информации, погледнете во Избирање извор за радио во ова поглавје).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за избор на извор за да се движите низ достапните избори.

Икона за звучни поставки (H)

Му овозможува на операторот да ги менува звучните поставки (за дополнителни информации, погледнете во Поставки на радиото во ова поглавје).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за избор на звучните поставки.

Продолжува на следната страница

Икона за исклучување на звукот (A)

Дозволува операторот да го исклучи гласот на радиото и го покажува тековното ниво на звукот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за исклучување на гласот.

Поле на столбестиот дијаграм за гласност (B)

Дозволува на операторот да го нагоди тековното ниво на глас.

Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или вртете го копчето за бирање за да ги зголемите или намалите поставките на столбестиот дијаграм.


Поле на приказот (C)

Дозволува операторот да го види следново:

- Име на артистот
- Име на албумот
- Име на песна
- Број на записот
- Поминато време

Поле за икони на индикатори (D)

ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за случајна папка и иконата за повторување на папка можат единствено да се појават кога се репродуцира ЦД со MP3.



H105276 —UN—02MAY12

Дозволува на операторот да разгледа кои од следните икони биле претходно избрани:

- Случаен запис
- Случајна папка
- Повторување на записот
- Повторување на папката

OUO6075,0001517 -A8-17JUN13-2/3

Икона за папката (A)

Му дозволува на операторот да премине кон претходната папка (ако постои).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за папката.


Икона за активирање/деактивирање на листата со наслови (B)

Му дозволува на операторот да го активира/деактивира режимот на листата со наслови (ако постои).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за активирање/деактивирање на листата со наслови.

Име на папката (C)

Му дозволува на операторот да го разгледа називот на папката (ако папката претходно била именувана).




H105088 —UN—27MAR12

OUO6075,0001517 -A8-17JUN13-3/3

Почетна станица USB (Премиум радио)

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информации и забава или иконата за аудио апликација.



H105093 —UN—28MAR12

Икона за информации и забава/Икона за аудио апликација



H105277 —UN—26APR12

Икона за пауза/репродукција (A)

Му дозволува на операторот да го паузира звукот и да продолжи со репродукцијата на звукот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за пауза/репродукција. Радиото започнува да ја репродуцира првата песна во секоја папка според навигацијата.

Икона за избор на папка (B)

Овозможува операторот да ја види страницата за избор на папка.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за избор на папка.

Икона за премотување наназад/премотување нанапред (C)

Му дозволува на операторот да ја премотува нанапред или наназад тековната репродукција на звук.

Допрете и држете ја иконата или притиснете и држете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за брзо премотување напред или иконата за брзо враќање назад за да премотувате нанапред или наназад низ аудио датотека. Откако ќе се испушти, репродукцијата продолжува.

Икона за претходниот запис/следниот запис (D)

Му дозволува на операторот да ја избере претходната песна или да премине кон следната песна.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата икона за претходниот запис или за следниот запис.

Случајна папка/Случајно сите (E)

Дозволува на операторот да пребарува низ следните избори:

- Случајна папка
- Случајно сите
- Исклучен случаен избор

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за случаен избор за да пребарувате низ изборите.

Икона Повтори го записот/Повтори ја папката/Повтори ги сите (F)

Овозможува операторот да пребарува низ следното:

- Повторување на записот
- Повторување на папката
- Исклучено повторување

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за повторување за да се движите низ достапните избори.

Икона за избор на извор (G)

Му овозможува на операторот директно да промени во изворот за емитување или друг радио избор (за дополнителни информации, погледнете во Избирање извор за радио во ова поглавје).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за избор на извор за да се движите низ достапните избори.

Икона за звучни поставки (H)

Му овозможува на операторот да ги менува звучните поставки (за дополнителни информации, погледнете во Поставки на радиото во ова поглавје).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за избор на звучните поставки.

Продолжува на следната страница

Икона за исклучување на звукот (A)

Дозволува операторот да го исклучи гласот на радиото и го покажува тековното ниво на звукот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за исклучување на гласот.

Поле на столбестиот дијаграм за гласност (B)


Дозволува на операторот да го нагоди тековното ниво на глас.

Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или вртете го копчето за бирање за да ги зголемите или намалите поставките на столбестиот дијаграм.

Поле на приказот (C)

Дозволува операторот да го види следново:

- Име на артистот
- Име на албумот
- Име на песна



H105278 —UN—02MAY12

- Број на записот
- Поминато време

Име на папката (D)

Му дозволува на операторот да го разгледа називот на папката (ако папката претходно била именувана).

OUO6075,0001518 -A8-17JUN13-2/3

Икона за папката (A)

Му дозволува на операторот да премине кон претходната папка (ако постои).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за папката.


Икона за активирање/деактивирање на листата со наслови (B)

Му дозволува на операторот да го активира/деактивира режимот на листата со наслови (ако постои).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за активирање/деактивирање на листата со наслови.

Име на папката (C)

Му дозволува на операторот да го разгледа називот на папката (ако папката претходно била именувана).




H105088 —UN—27MAR12

OUO6075,0001518 -A8-17JUN13-3/3

Почетна страница за Помошен влез (AUX)

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информации и забава или иконата за аудио апликација.



H105093 —UN—28MAR12

Икона за информации и забава/Икона за аудио апликација

Далечински помошен влез (AUX) (A)

Покажува дека е поврзан надворешен уред кон помошниот влез за стерео (3,5 mm) и се избира како аудио извор (погледнете во Избор на извор за радиото во овој дел за дополнителни информации).

Икона за исклучување на звукот (B)

Дозволува на операторот да го исклучи нивото на гласот на радиото.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за исклучување на гласот.


Поле на столбестиот дијаграм за гласност (C)

Дозволува на операторот да го нагоди тековното ниво на глас.

Допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или вртете го копчето за бирање за да ги зголемите или намалите поставките на столбестиот дијаграм.

Икона за избор на извор (D)

Му овозможува на операторот директно да промени во изворот за емитување или друг радио избор (за дополнителни информации, погледнете во Избирање извор за радио во ова поглавје).



H105352 —UN—03MAY12

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за избор на извор за да се движите низ достапните избори.

Икона за звучни поставки (E)

Му дозволува на операторот да ги менува саканите звучни поставки. Погледнете во Звучни поставки во ова поглавје за понатамошни информации.


OUO6075,000151F -A8-17JUN13-1/1

Bluetooth® аудио

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата Bluetooth® аудио (A).

Погледнете го Прирачникот за радио операторот за дополнителни информации за приклучување на било кој Bluetooth® уред на радиото.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачите за функциите на радиото сместени на CommandARM исто така го контролираат поврзаниот Bluetooth® уред.



H105444 —UN—21MAY12

Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG

OUO6075,0001143 -A8-25JUN12-1/1

Поставки на радиото


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за информации или иконата за аудио апликација.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за напредните поставки (A) за да пристапите до аудио поставките.




H105093 —UN—28MAR12


Икона за информации / Икона за аудио апликација



H105097 —UN—28MAR12



H105099 —UN—03MAY12



H105100 —UN—03MAY12

Аудио поставки

Му овозможуваат на операторот да ги менува различните звучни поставки.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата аудио поставка:

- Bass (ниски тонови) (B)
- Treble (високи тонови) (C)
- Средни (D)
- Баланс (E)

Откако ќе се осветли саканата аудио поставка, допрете го симболот плус (+) или симболот минус (-), или вртете го изборникот за да ја зголемите или намалите поставката на линијскиот графикон.

Икона за следна страница (F)

Му овозможува на операторот да помине на следната страница.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за следна страница.

Икона за алтернативна фреквенција (AF) (G)

Алтернативната фреквенција е функција на Radio Data System-от (RDS) која му овозможува на операторот да остане на истата програма дури и ако радио фреквенција се менува.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за алтернативна фреквенција (AF) за да се овозможи оваа функција.

Квадратче (H) за алтернативна фреквенција (AF)

Квадратчето го прикажува знакот за избор укажувајќи дека алтернативна фреквенција (AF) е вклучена.

Икона (I) за известувања за сообраќајот (TA)

ЗАБЕЛЕШКА: Волуменот на известувањата за сообраќајот (TA) може да се нагоди со користење на копчето за мени и контролата на волуменот на радиото.

Известувања за сообраќајот е функција која што му овозможува на операторот да слуша различни сообраќајни извештаи.


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за известувања за сообраќајот (TA) за да се овозможи оваа функција.

Квадратче за известувања за сообраќајот (K)

Квадратчето го прикажува знакот за избор укажувајќи дека е вклучена функцијата известувања за сообраќајот.

OUO6075,0001130 -A8-07MAY12-1/1

Ракување со телефонот (Премиум радио)



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ) / Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)



H105093 —UN—28MAR12

Икона за примена на телефонот

ЗАБЕЛЕШКА: Копчињата на телефонот на оваа страница се оневозможени додека телефонот го синхронизира именикот со радиото.

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за примена на телефонот.

Икона за префрлување на повик (A)

Му овозможува на операторот да го префели повикот на телефонот поврзан за приватност.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за префрлување на повикот.

Икона за именикот (B)

Му овозможува на операторот да има преглед на синхронизираниот именик (видете Именик во овој дел, за дополнителни информации).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за именикот.

Икона за историја на повиците (C)

Му овозможува на операторот да ги види пропуштените повици, бираните повици и примените повици (видете Историја на повиците за дополнителни информации).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за историја на повиците.

Икона за Bluetooth® поставки (D)


Му овозможува на операторот можност да ги менува Bluetooth® поставките (види Поставки на телефонот (Premium радио) во овој дел, за дополнителни информации).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за Bluetooth® поставките.

Нумеричка тастатура на телефонот (E)

Му овозможува на операторот да го бира телефонскиот број користејчи го екранот за приказ.

Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG



H105090 —UN—27MAR12

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканиот број. Повторете додека не се прикаже саканиот телефонски број.

Икона за бришење (F)

Му овозможува на операторот да го избрише бројот додека го бира телефонскиот број.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за бришење.

Икона за повик (G)

ЗАБЕЛЕШКА: Додека повикот е во тек, на екранот се појавува името на контактот и телефонскиот број.


Некои икони не се достапни во текот на траењето на повикот. Употребувајте го Вашиот мобилен телефон ако имате потреба да ги користите броевите додека разговарате.

Му овозможува на операторот да го бира телефонскиот број претходно внесен користејќи ја нумеричка тастатура на телефонот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата на повиците.

OUO6075,0000E4B -A8-25JUN12-1/1

Именик (Премиум радио)



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

H105094 —UN—28MAR12



Икона на апликацијата за телефонот


ЗАБЕЛЕШКА: Ако во Вашиот мобилен телефон се направи нов контакт, телефонот мора повторно да биде синхронизиран Bluetooth® на радиото (погледнете во Поставки на телефон во ова поглавје за понатамошни информации).

Еден контакт НЕ МОЖЕ да биде уредуван преку приказот на потпирачот за рака. Контактот мора да се уреди преку мобилниот телефон, и телефонот мора повторно да биде синхронизиран Bluetooth® на радиото (погледнете во Поставки на телефон во ова поглавје за понатамошни информации).

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата на апликацијата за телефонот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за именикот (A).



H104857 —UN—27MAR12

H104858 —UN—27MAR12

Алфабетски функциски копчиња (B)

Му дозволуваат на операторот да го намали бројот на имиња во листата со контакти кон тие имиња што започнуваат со избраната икона за буква.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканата алфабетска икона.

Икона Враќање/Назад (C)

Дозволува операторот да се врати на претходната страница.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање/назад.

Листа со контакти во именикот (D)

ЗАБЕЛЕШКА: Максималниот број на записи во именикот изнесува 650. Максималниот број на карактери за еден телефонски број изнесува 20. Максималниот број на карактери за еден телефонски именик изнесува 20.

Со избирање на еден број од страницата со ставки на телефонскиот именик директно ќе го повика тој број.

Некои телефони нема соодветно да се синхронизираат со Bluetooth® на радиото. Ако се случи тоа, не може да се воспостави повик од страницата за именик.

Овозможува операторот да избере контакт од списокот и ќе ја прикаже страницата за запис од именикот која ги наведува телефонските броеви на контактите (мобилен, работа, домашен).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканиот контакт.


Алфабетското подредување на контакти според име и презиме ги следи поставките на именикот од на телефонот.

Продолжува на следната страница

Bluetooth е регистриран заштитен знак на Bluetooth SIG

OUO6075,0001519 -A8-12JUN13-2/2

Директориуми на телефонот (Премиум радио)



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ) / Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата за примена на телефонот.

ЗАБЕЛЕШКА: Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за директориуми (A). Дојдовениот повик од контактот го покажува името на контактот и телефонскиот број. Дојдовениот повик примен од непознат контакт се појавува на приказот како **Unknown** *(непознат).*

Пропуштениот повик се појавува на екранот со името на повикувачот и телефонскиот број (ако повикувачот е во именикот). **Unknown** *(непознат) се појавува на екранот ако повикувачот не е во именикот.*

Страницата за директориуми му овозможува на операторот да го прегледа следново:

- Пропуштени повици (B)
- Бирани повици (C)
- Примени повици (D)


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи саканото мени на повици.

ЗАБЕЛЕШКА: Листата на повици се појавува од претходно избраното мени. Името на лицето и телефонскиот број се појавуваат (ако повикувачот е во телефонскиот именик) со точното време. Операторот може да избере од саканата листа да го повика тоа лице или бројот.


H105094 —UN—28MAR12



Икона за примена на телефонот




H104863 —UN—27MAR12



H104864 —UN—28MAR12

OUO6075,0000E4D -A8-02APR12-1/1

Поставки за телефон (премиум радио)



H95878 —UN—29MAR10

Икона за главното мени (приказ)/Прекинувач за главното мени (потпирач за рака)

Притиснете ја иконата или прекинувачот за главното мени.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога е означена иконата на апликацијата за телефонот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата (A) за поставките на Bluetooth®.

Икона за вклучување/исклучување на Bluetooth® (B)

Прекинувачот за брзо сопирање (A) му дозволува на операторот истовремено да ги ИСКЛУЧИ следните во случај на итност:

- Вклучување на хедерот
- Погон на растоварната спирала
- Свртување на растоварната спирала
- Капаци за резервоарот за зрна (ако се вградени)
- Автоматско преклопување на спиралата (ако постои)
- ProDrive (погонското движење брзо сопира) (ако е вграден)

Притискање на прекинувачот за погонот на растоварната спирала на повеќенаменската рачка го рестартира погонот на растоварната спирала. За да го вклучите погонот на хедерот, завртете го прекинувачот на OFF (икслучување) и повторно на ON (вклучување).



H97774 —UN—01NOV10

A—Прекинувач за брзо сопирање

OUO6075,000061E -A8-13DEC10-1/1

Прекинувач за свртување на растоварната спирала

Прекинувачот за свртување на растоварната спирала (A) му дозволува на операторот да ја сврти растоварната спирала кон внатре или надвор рачно или автоматски.

Системски барања:
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Операторот мора да седи.

Притиснете го врвот на прекинувачот за вртење на растоварната спирала за да ја свртите кон надвор или притиснете го дното на прекинувачот за да ја свртите спиралата кон внатре.

Рачна контрола: Притиснете и држете го прекинувачот делумно внатре додека спиралата не дојде во саканата положба. Спиралата застанува кога ќе се отпушти прекинувачот.

Автоматска контрола: Притиснете го прекинувачот до крај внатре и ослободете го. Спиралата ќе се ниша целосно нанадвор или навнатре без да го држите прекинувачот.



H94982 —UN—01NOV10

A—Прекинувач за свртување на растоварната спирала

ЗАБЕЛЕШКА: Функцијата за автоматско нишање на спиралата нема да работи кога е вклучен погонот на растоварната спирала. Кога растоварната спирала не се користи, се препорачува да ја свртите растоварната спирала назад во положба за транспорт.

OUO6075,000045B -A8-13DEC10-1/1


Прекинувач на погонот на растоварната спирала

Прекинувачот за погонот на растоварната спирала (A) му дозволува на операторот да ја вклучи или исклучи растоварната спирала.

Системски барања:
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Операторот мора да седи.

Притиснете го прекинувачот за погонот на растоварната спирала еднаш за да го вклучите или притиснете го уште еднаш за да го исклучите. Индикациското светло се пали кога е вклучен системот.

ЗАБЕЛЕШКА: Погонот на растоварната спирала може да се исклучи и со прекинувачот за брзо сопирање (B) во случај на опасност. За да ја вклучите растоварната спирала ако хедерот и растоварната спирала се сопрени со прекинувачот за брзо сопирање, притиснете го повторно прекинувачот на растоварната спирала.



H94983 —UN—01NOV10

A—Прекинувач на погонот на растоварната спирала **B—Прекинувач за брзо сопирање**

Погонот на растоварната спирала ќе се вклучи само кога копчето се држи додека спиралата е во режим на автоматско нишање или кога спиралата рачно се ниша кон надвор за помалку од 50%.

Ако операторот го напушти седиштето по вклучувањето, погонот на растоварната спирала ќе продолжи да фунционира уште пет секунди пред да се исклучи. За да го вклучите системот, седнете на седиштето на операторот и притиснете го повторно прекинувачот за растоварната спирала.


ЗАБЕЛЕШКА: Ако системот за растовар не успее да се вклучи или неочекувано запре, седнете на седиштето и притиснете го прекинувачот за растоварната спирала еднаш.

OUO6075,000045C -A8-13DEC10-1/1

Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

Прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот (A) му дозволува на операторот да го подигне или спушти хедерот.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот има две задржани положби. Со туркање на делот на прекинувачот навнатре хедерот полека се подигнува или се спушта. Со туркање на целиот прекинувачот навнатре, хедерот се подигнува или се спушта многу побрзо.



H94984 —UN—01NOV10

A—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

Системски барања:
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Операторот мора да седи.

Притиснете и држете го врвот на прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот за да го подигнете, или притиснете и држете го дното на прекинувачот за да го спуштите хедерот.

OUO6075,000045D -A8-13DEC10-1/1


Прекинувач за странично накосување

ЗАБЕЛЕШКА: На комбајни опремени со доставна комора за рамен терен или со странично накосување, која работи заедно со платформа на транспортна лента 600D, опремена со додатокот Dual Zone Float, прекинувачот за странично накосување обезбедува независно нагодување на притисокот при лебдење во десната и левата рака за лебдење и цилиндри на тркалото за мерење (ако е вградено).

Прекинувачот на страничното накосување (A) му дозволува на операторот да ја накоси доставната комора лево или десно.

Системски барања:
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.

Притиснете ја десната страна на прекинувачот за странично накосување за да ја накосите доставната комора десно, или притиснете ја левата страна на прекинувачот за да ја накосите лево.



H94985 —UN—01NOV10

A—Прекинувач за странично накосување

OUO6075,000045E -A8-13DEC10-1/1

Прекинувач за подигнување на платформата со намотката/движење на намотката напред и назад


ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот се користи и за контрола на брзината на задното вратило на хедерот за пченка и нагодливото растојание на плочата на платформата (ако е вградено). Видете под Прекинувач за брзината на задното вратило на хедерот за пченка и за нагодливото растојание на плочата на платформата во овој дел за повеќе информации.

Прекинувачот за подигнување на намотката/движење на намотката напред и назад (A) му дозволува на операторот да ја контролира положбата на намотката.

Системски барања:
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.

Притиснете и држете го врвот на прекинувачот за да ја подигнете намотката или притиснете и држете го дното на прекинувачот за да ја спуштите намотката.

Притиснете и држете ја левата страна на прекинувачот за да ја движите намотката напред или притиснете и држете ја десната страна на прекинувачот за да ја движите намотката назад.



H94986 —UN—01NOV10

A—Прекинувач за подигнување на намотката/движење на намотката напред и назад

OUO6075,000045F -A8-13DEC10-1/1

Прекинувач за брзината на задното вратило на хедерот за пченка / нагодливо растојание на плочата на платформата

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот се користи и за контрола на платформата со намотката/движење на намотката напред и назад. Видете под Прекинувач за подигнување на платформата со намотката/движење на намотката напред и назад во овој дел за повеќе информации.

Прекинувачот за брзината на задното вратило и за растојанието на плочата на платформата (A) му дозволува на операторот да ја контролира брзината на задното вратило на хедерот за пченка и да го нагодува растојанието на плочата на платформата (ако е вградено).


Системски барања:
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.

ЗАБЕЛЕШКА: Повеќебрзински погон на доставната комора може да се нагодува со вртење на клучот на ON (вклучи). Кога машината ќе се вклучи и работи, доставната комора работи на меморираната брзина.

Погон CommandTouch на повеќебрзинската доставна комора (изборно): Кога се додава хедер за пченка или хедер за култури во редови, брзината на задното вратило и растојанието на плочата на платформата се користи за контрола на брзината на задното вратило и за нагодливото растојание на плочата на платформата.

Притиснете го врвот или дното на прекинувачот еднаш за да го активирате приказот. Притиснете го врвот на прекинувачот за да го зголемите изборот на брзина или притиснете го дното на прекинувачот за да го намалите изборот на брзина.

Моменталната брзина се прикажува во црно, а саканата брзина светка во сино на приказот додека саканата брзина не се достигне.



H94986 —UN—01NOV10

A—Прекинувач за брзината на задното вратило и за растојанието на плочата на платформата

Покажаните брзини се во висок празен од и без товар:

- Прва брзина: 510—530 вртежи/мин.
- Втора брзина: 560—580 вртежи/мин.
- Трета брзина: 620—640 вртежи/мин.
- Четврта брзина: 700—720 вртежи/мин.
- Петта брзина: 770—790 вртежи/мин.

Растојание на плочата на платформата (ако е вградено): Притиснете ја левата или десната страна на прекинувачот еднаш за да го активирате приказот. Притиснете ја левата страна на прекинувачот повторно за да го зголемите растојанието и притиснете ја десната страна на прекинувачот за да го намалите растојанието.

OUO6075,0000620 -A8-13DEC10-1/1

Копчиња за активирање на хедерот


Кога копчињата за активирање на хедерот (A), (B) или (C) ќе се притиснат, се изведуваат следните функции:

- Враќање на висина на хедерот
- Детекција на висината на хедерот
- Контрола на страничното накосување
- Враќање на положбата на намотката
- Враќање на положбата на плочата на платформата
- Активно лебдење на хедерот

Системот за електронска контрола го враќа хедерот во положба претходно избрана од операторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Положбите на хедерот постигнати со притискање на копчињата за активирање може да бидат надвладеани со притискање на прекинувачот за подигнување/спуштање на намотката или движење на намотката напред и назад (D) или прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот и странично накосување (E). Еднаш кога копчињата за активирање рачно ќе се надвладеат, притиснете го саканотот копче за активирање за повторно активирање.

Системски барања:
- Правилно опремениот хедер е поврзан.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Овозможено е враќање на висината на хедерот, детекција на висината на хедерот или режим на активно лебдење на хедерот.



H94987 —UN—23NOV09

A—Копче за активирање 1
B—Копче за активирање 2
C—Копче за активирање 3
D—Прекинувач за подигнување на намотката/движење на намотката напред и назад
E—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот и рачно странично накосување

- Хедерот е вклучен.

Притискањето на копчињата за активирање на хедерот го активира системот. Системот за контрола на хедерот презема контрола и го движи хедерот во положба избрана од операторот.

OUO6075,0000461 -A8-13DEC10-1/1


Копче за обновување AutoTrac™ (ако постои)

Копчето за обновување на AutoTrac™ (A) го активира или деактивира системот AutoTrac™.

Копчето за обновување на AutoTrac исто така го активира или деактивира системот RowSense™. За повеќе информации, погледнете во Приračникот за користење на AutoTrac™.

Системски барања:
- Правилно опремениот хедер е поврзан.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.
- Хедерот е вклучен.

AutoTrac е регистриран заштитен знак на Deere & Company
RowSense е регистриран заштитен знак на Deere & Company



H94988 —UN—23NOV09

A—Копче за обновување на AutoTrac™


OUO6075,0001311 -A8-13NOV12-1/1

Копчиња за синхронизација на машината (ако постои)

Копчињата за синхронизација на машината му овозможуваат на операторот да ја користи функцијата за поттурнување во Синхронизација на машината со користење на иконите ма приказот GreenStar™ 3 2630. Погледнете во Прирачникот за користење на синхронизирање на машината за понатамошни информации.

Притиснете го копчето за зголемување (A) за да го поместите тракторот нанапред или притиснете го копчето за намалување (B) за да го поместите тракторот наназад.

Системски барања:
- Приказот GreenStar™ 3 2630 да биде поврзан.
- Моторот да работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт мора да биде во положба за теренска работа.



H106156 —UN—13NOV12

A—Копче за зголемување **B—Копче за намалување**

GreenStar е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001312 -A8-16NOV12-1/1

Столпче во аголот на кабината CommandTouch™

(1) — индикатор за лев трепкач: му укажува на операторот дека е вклучен левиот трепкач.

(2) — индикатор за предупредување за исклучување на машината (црвено): свети и потребно е машината да сопре веднаш и да се реши проблемот. Дијагностичкиот код за грешка се прикажува на екранот на потпирачот за раце се додека проблемот не се реши.

(3) — индикатор за предупредување за сервисирање (жолто): свети и трепка кога постои проблем со машината. Потребно е машината да сопре колку што е можно побрзо. Дијагностичкиот код за грешка се прикажува на екранот на потпирачот за рака.

(4) — индикатор за предупредување со информација (сиво): свети и трепка кога дијагностичкиот код за грешка е активен. Го предупредува операторот да биде свесен за оваа состојба. Кога предупредувањето е прифатено, исчезнува пораката на екранот и индикаторот за предупредување се ИСКЛУЧУВА.

(5) — индикатор за десен трепкач: му укажува на операторот дека е вклучен десниот трепкач.

(6) — индикатор за светла на приколката: светнува кога кабелскиот сноп на приколката е поврзан и активиран е трепкачот.


(7) — индикатор за долги светла: му укажува на операторот дека тековно се избрани долгите светла.

ВАЖНО: Final Tier 4/Stage IV: Може да настане оштетување на компонентите за чистење на издувните гасови ако моторот е ИСКЛУЧЕН додека вршите чистење на филтерот на издувни гасови или кратко откако ќе заврши чистењето. Алармот се активира и на приказот се прикажува порака за предупредување. Стартувајте ја машината и следете ги пораките на приказот за да овозможите компонентите да се изладат.

(8) — индикатор за чистење на филтерот на издувните гасови (Interim Tier 4/Stage III B and Final Tier 4/Stage IV): свети кога системот на филтерот за издувни гасови активно врши чистење на филтерот за издувни гасови.

(9) — индикатор за мерач на моќноста на моторот: го прикажува на операторот процентот моќност со кој моторот работи во кој било зададен момент.

ВАЖНО: Ако индикаторот се движи во црвениот регион, моќноста на моторот е максимизирана и машината потенцијално би можела да се закочи. Намалете го оптоварувањето на машина, додека индикатор не се врати во зелениот и жолтиот регион.



- Зелен регион (35 до 100%)
- Жолт регион (101 до 107%)
- Црвен регион (108 до 114%)

Продолжува на следната страница

(10) — индикатор за температура на моторот: за нормална работна температура, се прикажуваат седум до девет ленти.

Ако се озвучи алармот и се појави порака за температурата на моторот, исклучете го моторот и веднаш проверете го проблемот.

(11) - индикатор за количина на гориво: покажува колку гориво има останато во резервоарот. Кога нивото ќе достигне 10% (приближно еден работен час) на преостанато гориво, индикаторот за гориво трепка, алармот се озвучува и се појавува порака за ниско ниво на гориво.

Индикаторот покажува нула ленти кога резервоарот за гориво е празен.

(12) — индикатор за ниво на течност за филтерот за дизел издувни гасови (DEF) (Final Tier 4/Stage IV): покажува колку течност има преостанато во резервоарот.

- Кога нивото ќе достигне 10%, индикаторот за ниво трепка, алармот се озвучува и се појавува порака за ниско ниво на течност.
- Кога нивото ќе достигне 0%, индикаторот за ниво светнува и прекинува со трепкање, се озвучува алармот и појавува порака за немање течност и ограничена моќност на моторот.
- Кога ќе се достигне загуба на налевањето, индикаторот за ниво светнува и прекинува со трепкање, се озвучува алармот и појавува порака за немање течност, ограничена моќност на моторот и ограничена брзина. Индикаторот за предупредување за исклучување на моторот (црвен) светнува, моторот е во редуцирана состојба и функциите на машината се ограничени.

(13) — индикатор за брзината на преносот или опсегот на брзините:


- **Машини со 3-брзини што не се ProDrive™:** прикажува која брзина е тековно избрана. Индикаторите 1, 2, 3 светнуваат во зависност од изборот на брзина.
- **Машини со 2 брзини со ProDrive™:** прикажува кој опсег на брзина е тековно избран. Индикаторите 1, и 2 светнуваат во зависност од изборот на опсегот на брзина.

(14) — индикатор за сопирачка за паркирање: светнува кога е избрана сопирачката за паркирање.

(15) — индикатор за неутралност: прикажува дека машината е моментално во неутрална положба.

(16) — индикатор за брзината на моторот: ја прикажува брзината на моторот во вртежи во минута.

(17) — индикатор за теренска брзина: ја прикажува теренската брзина на машината (km/h или mph).



H105895 —UN—01OCT12

Продолжува на следната страница

OUO6075,00015AA -A8-02AUG13-2/3

(18) — нумерички приказ за висината на хедерот: ја прикажува тековната висина на хедерот.

(19) — приказ на положбата за висина на хедерот: ја прикажува тековната положба за висина на хедерот.

(20) — приказ за поставената точка за висина на хедерот: ја прикажува посакуваната поставена точка од операторот.

(21) — број за активација на хедерот: го прикажува тековно избраната активација.

(22) - Обновување на положбата на плочата на платформата: покажува дека системот е тековно активен.

(23) - Обновување на Dial-A-Speed/намотката:

- **Dial-A-Speed (лева икона):** покажува дека системот е тековно активен.
- **Икона за обновување на намотката (десна икона):** покажува дека системот е тековно активен.

(24) - Обновување на висината на хедерот/Детекција на висината на хедерот/Активно лебдење на хедерот:

- **Обновување на висината на хедерот (лева икона):** покажува дека системот е тековно активен.
- **Детекција на висината на хедерот (десна икона):** покажува дека системот е тековно активен.
- **Активно лебдење на хедерот (десна икона):** покажува дека системот е тековно активен.


(25) — приказ за страничното накосување: ја прикажува положбата на рамката на доставната комора.

(26) - индикатор на загубата на решетото: ја покажува загубата на зрна од решетото.

(27) - Индикатор за вкупна загуба: го покажува просечната загуба на зрна од подрачјето на решетото и на сепараторот.

(28) — индикатор за загубата на сепараторот: ја покажува загубата на зрна од подрачјето на сепараторот.

(29) — Индикатор за количината на отпад: го прикажува количеството на повратени отпадоци.



OUO6075,00015AA -A8-02AUG13-3/3

Приказ за контрола на активен хедер

Копче за брзина Dial-A-Speed (A): му дозволува на операторот автоматска контрола на работната брзина за намотката или за хедерите на ременските пикапи. Работната брзина е сооднос помеѓу теренската брзина на машината и брзината на намотката или ременот.


Вражање на висината на хедерот (B): му дозволува на операторот да ја избере положбата на хедерот релативно со шасијата на машината и автоматски да се врати во таа положба.

Враќање на положбата на плочата на платформата (C): му дозволува на операторот да ја избере положбата на плочите на платформата (ако се вградени) и автоматски да се врати во таа положба.

Враќање на положбата на намотката (D): му дозволува на операторот да ја избере висината на намотката и предната/задната положба на намотката и автоматски да се врати во таа положба.

Детекција на висината на хедерот (E): му дозволува на операторот да ја избере положбата на хедерот релативно со тлото и автоматски да се врати во таа положба.

Детекција на висината на хедерот (HydraFlex) (E): му дозволува на операторот да го нагоди земјениот притисок на лентата со сечила или на тежината на лентата со сечила и автоматски да се врати во таа поставка. HydraFlex работи заедно со детекцијата на висината на хедерот за да одржи положба на хедерот релативна со земјата, да ја следи контурата на земјата и автоматски да се врати во таа положба.



H98580 —UN—01DEC10

Активно лебдење на хедерот (F): дозволува работа со крут хедер при контакт со тлото и одржување на однапред поставен контактен притисок. Операторот избира колку е цврст контактот на хедерот со земјата и автоматски се враќа во тој притисок.

Странично накосување (G): му овозможува на операторот да одржува положба на хедерот релативна со земјата. Сензорите на секој крај на хедерот го мерат растојанието до тлото. Хедерот се накосува за да се порамнат растојанијата до тлото за секој крај на хедерот. Ако се вградени лев и десен сензор за детекција на висината на хедерот и страничното накосување е активно, системите работат заедно за да ја одржуваат најблиската положба на лентата со сечила релативна со тлото.

OUO6075,00004C4 -A8-01DEC10-1/1

Опис на систем за автоматска контрола на висината на хедерот

Системот за автоматска контрола на висината на хедерот врши компензација за нерамната земја и ја контролира хоризонталната и вертикалната положба на хедерот. Системот постојано ги споредува поставената положба и реалната положба, одржувајќи го хедерот во посакуваната работна положба.

Системски барања:

- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт во положба за теренска работа.
- Моторот работи.
- Хедерот е вклучен.
- Активирана е посакуваниот режим за контрола на хедерот.

Нагодување на страничното накосување (A)

- Паралелните нагодувања на хедерот во однос на земјата се извршуваат преку сензорите сместени на секој крај од хедерот. Ова обезбедува растојанието меѓу хедерот и земјата да е еднакво и на левата и на десната страна.

Нагодување на висината на платформата (B и C)

- Враќање на висината на хедерот — платформата може да биде поставена во која било положба во рамките на опсегот на доставната комора.



H98581 —UN—14OCT10

A—Странично накосување
B—Детекција на висината на хедерот/активно лебдење на хедерот
C—Враќање на висина на хедерот

- Детекција на висината на хедерот — висината на платформата се одржува преку сензорите за висина прикачени на платформата. Ова овозможува висината на хедерот секогаш да биде константна низ нерамен терен.
- Активно лебдење на хедерот — машината одржува постојан притисок на контактот на хедерот со земјата.

OUO6075,00004C5 -A8-01DEC10-1/1

Комбинации на режими на копчињата за активирање

Подолу се покажани неколку вообичаени режими, но постојат многу комбинации.

Вклучени режимите на команди	Копче за активирање 1	Копче за активирање 2	Копче за активирање 3
Враќање на висината	Враќање на висината		
Враќање на висината, детекција на висината	Враќање на висината	Детекција на висината	
Враќање на висината, детекција на висината HydraFlex	Враќање на висината	Детекција на висината HydraFlex	
Враќање на висината, детекција на висината, детекција на висината HydraFlex [a]	Враќање на висината	Детекција на висината	Детекција на висината HydraFlex
Враќање на висината, детекција на висината, детекција на висината HydraFlex [b]	Враќање на висината	Детекција на висината	Детекција на висината HydraFlex
Враќање на висината, детекција на висината, активно лебдење на хедерот	Враќање на висината	Детекција на висината	Активно лебдење на хедерот
Враќање на висината, детекција на висината HydraFlex, активно лебдење на хедерот	Враќање на висината	Детекција на висината HydraFlex	Активно лебдење на хедерот
Враќање на висината, активно лебдење на хедерот	Враќање на висината		Активно лебдење на хедерот
Детекција на висината	Детекција на висината		
Детекција на висината HydraFlex	Детекција на висината HydraFlex		
Детекција на висината, детекција на висината HydraFlex [a]	Детекција на висината		Детекција на висината HydraFlex
Детекција на висината, детекција на висината HydraFlex [b]	Детекција на висината		Детекција на висината HydraFlex
Детекција на висината, детекција на висината HydraFlex, активно лебдење на хедерот [a]	Детекција на висината, детекција на висината HydraFlex		Активно лебдење на хедерот
Детекција на висината, активно лебдење на хедерот	Детекција на висината		Активно лебдење на хедерот
Детекција на висината HydraFlex, активно лебдење на хедерот	Детекција на висината HydraFlex		Активно лебдење на хедерот
Активно лебдење на хедерот	Активно лебдење на хедерот		

[a] *Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за да ја вклучите детекцијата на висината и детекцијата на висината HydraFlex, што бара 600F или 600FD со помошен сензори за висина или 600D со тркала за мерење.*
[b] *Стандарден режим со платформа 600D ако тркалата за мерење не се закачени со клинови за време на калибрација, што бара 600D со тркала за мерење.*

OUO6075,0000AC3 -A8-23JUN11-1/1

Враќање на висина на хедерот

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му овозможува на возачот да ја избере положбата на доставната комора релативно со машината и автоматски да се врати во таа положба.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (видете во поглавјето Постапки на калибрација).

Копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка се користат за избирање на една од трите различни висини на хедерот што можат да се програмираат.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако се овозможат повеќе режими, за повеќе информации погледнете ги Комбинациите на режими за копчињата за активирање во овој дел.

Вклучување/исклучување на системот:


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за автоматски режими на висината на хедерот (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање на висината на хедерот (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

H96245 —UN—03MAY10




Икони за поставки на хедерот



H95934 —UN—05OCT10

Приказ на хедерот за пченка



H95933 —UN—05OCT10

Приказ на транспортната лента/платформа/ременски пикап

A—Икона на автоматски режими на висината на хедерот

B—Икона на враќање на висината на хедерот

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Системот за враќање на висината на хедерот е вклучен.
- Хедерот е вклучен.

Активирајте го враќањето на висината на хедерот со притискање на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање (B) на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за враќање на висината на хедерот (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.


За да се промени зададената висина (C) на копчињата за активирање, притиснете го саканото копче за активирање и нагодете ја висината користејќи го копчето за контрола на активната висина на хедерот (D).

Завретете го копчето за контрола на активната висина на хедерот на симболот (+) за да го подигнете хедерот и да ја зададете вредноста или на симболот (-) за да го спуштите хедерот и да ја зададете вредноста.

Бар-дијаграмот (E) и нумеричкиот приказ (F) ја покажуваат положбата на хедерот во однос на тлото, врз основа на сензорот за враќање на висината на хедерот поврзан со доставната комора.

Рачното нагодување на висината на хедерот со употреба на прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот (G) го деактивира системот.


Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Хедерот автоматски ќе се премести во однапред избраната висина.



H98582 —UN—14OCT10



H95079 —UN—27JAN10



H95077 —UN—18DEC09

A—Икона на враќање на висината на хедерот
B—Број на копчето за активирање
C—Зададена висина
D—Копче за контрола на висината на хедерот
E—Бар-дијаграм
F—Нумерички приказ
G—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

OUO6075,00004C6 -A8-01DEC10-2/2

Детекција на висината на хедерот

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му дозволува на операторот да ја избере положбата на хедерот релативно со тлото и автоматски да се врати во таа положба.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (видете во поглавјето Постапки на калибрација).

Копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка се користат за избирање на една од трите различни висини на хедерот што можат да се програмираат.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако се овозможат повеќе режими, за повеќе информации погледнете ги Комбинациите на режими за копчињата за активирање во овој дел.

Вклучување/исклучување на системот:


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за автоматски режими на висината на хедерот (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за детекција на висината на хедерот (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

H96245 —UN—03MAY10




Икони за поставки на хедерот



H95936 —UN—05OCT10

Приказ на хедерот за пченка



H95935 —UN—05OCT10

Приказ на транспортната лента/платформа/ременски пикап

A—Икона на автоматски режими на висината на хедерот

B—Икона за детекција на висината на хедерот

Продолжува на следната страница

OUO6075,00004C7 -A8-01DEC10-1/2

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Системот за детекција на висината на хедерот е вклучен.
- Хедерот е вклучен.

Активирајте ја детекцијата на висината на хедерот со притискање на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање (B) на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за детекција на висината на хедерот (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.

За да се промени зададената висина (C) на копчињата за активирање, притиснете го саканото копче за активирање и нагодете ја висината користејќи го копчето за контрола на активната висина на хедерот (D).

Завретете го копчето за контрола на активната висина на хедерот на симболот (+) за да го подигнете хедерот и да ја зададете вредноста или на симболот (-) за да го спуштите хедерот и да ја зададете вредноста.

Бар-дијаграмот (E) и нумеричкиот приказ (F) ја покажуваат положбата на хедеро, врз основа на сензорот за висината на хедерот поврзан со хедерот.


ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот на хедерот за спуштање може да се намести за веднаш да го исклучи системот додека не се притисне копчето за активирање, за повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Рачното нагодување на висината на хедерот со прекинувачот за спуштање на хедерот (G) привремено го надвладува системот додека не се ослободи. Еднаш кога прекинувачот ќе се ослободи, системот се враќа во автоматски режим.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот на хедерот за спуштање може да се намести да не го активира повторно системот кога ќе се притисне прекинувачот на хедерот за спуштање, за повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Со употреба на прекинувачот за подигнување на хедерот (G) привремено се деактивира системот додека не се притисне прекинувачот за спуштање на хедерот. Кога прекинувачот ќе се притисне, системот се активира повторно.


Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Хедерот автоматски ќе се премести во однапред избраната висина.



H99253 —UN—01DEC10



H95079 —UN—27JAN10



H95077 —UN—18DEC09

A—Икона за детекција на висината на хедерот
B—Број на копчето за активирање
C—Зададена висина
D—Копче за контрола на висината на хедерот
E—Бар-дијаграм
F—Нумерички приказ
G—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

OUO6075,00004C7 -A8-01DEC10-2/2

Детекција на висината на хедерот (платформи HydraFlex)

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му дозволува на операторот да го нагоди земјениот притисок на лентата со сечила или на тежината на лентата со сечила и автоматски да се врати во таа поставка. HydraFlex работи заедно со детекцијата на висината на хедерот за да одржи положба на хедерот релативна со земјата, да ја следи контурата на земјата и автоматски да се врати во таа положба. Главите HydraFlex користат сензор сместен на десната страна на хедерот, за да го мери хидрауличниот притисок кој се користи за поддршка на лентата со сечила.

ЗАБЕЛЕШКА: HydraFlex не ја контролира висината на сечење во однос на тлото. Ова се контролира автоматски од системот за детекција на висината и не е нагодливо со копчето за активна контрола на хедерот кога е присутен HydraFlex.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (видете во поглавјето Постапки на калибрација).


Копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка се користат за избирање на еден од трите различни притисоци HydraFlex што можат да се програмираат.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако се овозможат повеќе режими, за повеќе информации погледнете ги Комбинациите на режими за копчињата за активирање во овој дел.


Вклучување/исклучување на системот:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот



H95935 —UN—05OCT10

Приказ на транспортната лента/платформа/ременски пикап

A—Икона на автоматски режими на висината на хедерот

B—Икона за детекција на висината на хедерот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за автоматски режими на висината на хедерот (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за детекција на висината на хедерот (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Системот за детекција на висината на хедерот е вклучен.
- Хедерот е вклучен.

Активирајте ја детекцијата на висината на хедерот (HydraFlex) со притискање на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање (B) на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за детекција на висината на хедерот (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.

За да се промени зададениот притисок (C) на копчињата за активирање, притиснете го саканото копче за активирање и нагодете го притисокот користејќи го копчето за контрола на активната висина на хедерот (D).

Бар-дијаграмот (E) и нумеричкиот приказ (F) го покажуваат зададениот притисок врз основа на притисокот во лентата со сечила на платформата.

ЗАБЕЛЕШКА: HydraFlex не може да работи независно од детекцијата на висината на хедерот во автоматски режим. Овие системи реаботат заедно за да ја контролираат тежината на лентата со сечила и движењето на хедерот.

Завретете го копчето за контрола на активната висина на хедерот на симболот (+) за да го зголемите притисокот HydraFlex и да ја зададете вредноста или на симболот (-) за да го спуштите притисокот HydraFlex и да ја зададете вредноста.

ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот на хедерот за спуштање може да се намести за веднаш да го исклучи системот додека не се притисне копчето за активирање, за повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

Рачното нагодување на висината на хедерот со прекинувачот за спуштање на хедерот (G) привремено го надвладува системот додека не се ослободи. Еднаш кога прекинувачот ќе се ослободи, системот се враќа во автоматски режим.


ЗАБЕЛЕШКА: Прекинувачот на хедерот за спуштање може да се намести да не го активира повторно системот кога ќе се притисне прекинувачот на хедерот за спуштање, за повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.



H99253 —UN—01DEC10



H95079 —UN—27JAN10



H95077 —UN—18DEC09

A—Икона за детекција на висината на хедерот
B—Број на копчето за активирање
C—Зададена вредност на притисок
D—Копче за контрола на висината на хедерот
E—Бар-дијаграм
F—Нумерички приказ
G—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

Со употреба на прекинувачот за подигнување на хедерот (G) привремено се деактивира системот додека не се притисне прекинувачот за спуштање на хедерот. Кога прекинувачот ќе се притисне, системот се активира повторно.

Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 или рачно спуштајќи ја висината на хедерот со прекинувачот за спуштање на хедерот (G) да го реактивирате системот. Хедерот автоматски ќе се премести во однапред избраниот притисок.

Продолжува на следната страница

Систем Dial-A-Speed

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му дозволува на операторот автоматска контрола на работната брзина за намотката или за хедерите на ременските пикапи. Работната брзина е сооднос помеѓу теренската брзина на машината и брзината на намотката или ременот.

Системот работи со секаков вграден хедер со соодвентите сензори за брзина на намотката или на ременскиот пикап.

Вклучување/исклучување на системот:


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за автоматски режими на висината на хедерот (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата Dial-A-Speed (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот



H95938 —UN—05OCT10

Приказ на транспортната лента/платформа/ременски пикап

A—Икона на автоматски режими на висината на хедерот

B—Икона за Dial-A-Speed

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Хедерот и сепараторот се вклучени.
- Вклучен е системот Dial-A-Speed.
- Теренска брзина поголема од 0.25 km/h (0.16 mph).

ЗАБЕЛЕШКА: Системот Dial-A-Speed нема да работи ако теренската брзина е помала од 0.25 km/h (0.16 mph).

Иконата Dial-A-Speed (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.

Соодносот на теренската брзина спрема брзината на намотката или ременскиот пикап се нагодува со помош на копчето Dial-A-Speed (B). Завртете го копчето кон симболот плус (+) за да ја зголемите брзината на намотката или на ременскиот пикап или кон симболот минус (-) за да ја намалите брзината на намотката или на ременскиот пикап.

Приказот ја прикажува поставката на соодносот на моменталните брзини. Што поголем број на соодонос е избран, толку побрзо работи намотката или ременскиот пикап во однос на теренската брзина на машината.



H98584 —UN—14OCT10



H95084 —UN—27JAN10

A—Икона за Dial-A-Speed

B—Копче за бирање Dial-A-Speed

OUO6075,00004C9 -A8-27JUN12-2/3

Промена на минималната брзина на намотката или на ременскиот пикап

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставка на ширината на хедерот (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи квадратчето за минималната брзина на намотката или на ременскиот пикап (B).

Екран кој не е осетлив на допир или екран осетлив на допир: Ротирајте го изборникот додека не се прикаже вредноста за саканиот хедер. Притиснете го потврдниот прекинувач за да ја сочувате вредноста.


Само екран осетлив на допир: Внесете ја саканата вредност на хедерот на нумеричкиот приказ. Допрете ја иконата влез/прифати за да ја сочувате вредноста.

ЗАБЕЛЕШКА: Минималната брзина на намотката или на ременскиот пикап има низок опсег од 1 вртежи/мин.

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот




H95085 —UN—05OCT10

A—Икона за поставка на ширината на хедерот

B—Квадратче за минимум намотка или за брзината на ременскиот пикап


OUO6075,00004C9 -A8-27JUN12-3/3

Систем за странично накосување (изборно)



H522777 —UN—04MAR99

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му овозможува на операторот да одржува положба на хедерот релативна со земјата. Сензорите се употребуваат за одредување на висината на секој крај од хедерот. Системот за странично накосување го накосува хедерот за да се порамнат растојанијата до тлото за секој крај на хедерот. Системот за странично накосување користи специјална доставна комора што му дозволува на хедерот да се накоси лево и десно.

Ако се вградени лев и десен сензор за детекција на висината на хедерот и страничното накосување е активно, системите работат заедно за да ја одржуваат најблиската положба на лентата со сечила релативна со тлото.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (видете во поглавјето Постапки на калибрација).

Копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка се користат за активирање на системот.


Вклучување/исклучување на системот:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за автоматски режими на висината на хедерот (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата на странично накосување (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.



H95939 —UN—05OCT10

Приказ на хедерот за пченка



H95940 —UN—05OCT10

Приказ на транспортната лента/платформа/ременски пикап

A—Икона на автоматски режими на висината на хедерот

B—Икона на странично накосување

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Хедерот е калибриран.
- Хедерот е вклучен.
- Системот за странично накосување е вклучен.

Активирајте го страничното накосување со притискање на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за странично накосување (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.


ЗАБЕЛЕШКА: Притискањето на прекинувачот за странично накосување (B) го надвладува системот. Кога прекинувачот ќе се ослободи во рок од пет секунди, системот се враќа во автоматски режим.

Притиснете ја десната страна на прекинувачот за да го накосите хедерот десно, или притиснете ја левата страна на прекинувачот за да го накосите лево.

Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Хедерот автоматски се враќа во автоматски режим.



H98585 —UN—14OCT10



H95087 —UN—01NOV10

A—Икона на странично накосување

B—Прекинувач за странично накосување

OUO6075,00004CA -A8-01DEC10-2/2

Активно лебдење на хедерот

ЗАБЕЛЕШКА: Системот работи само со крути платформи, флексибилни платформи и платформи на транспортната лента.

Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Овозможува крут хедер да биде ракуван при контакт со земјата и да се одржува однапред поставен контактен притисок. Возачот избира колку цврст е контактот на хедерот со земјата и автоматски се враќа во тој притисок. Сензор го мери притисокот на маслото во цилиндрите за подигнување во доставната комора и го одржува тој притисок додека хедерот се движи преку тлото. Прецизноста најмногу зависи од поставките на претполнењето на акумулаторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Додека се движи во полето, сензорот го мери притисокот во цилиндрите за подигнување. Системот го активира соленоидниот вентил на подигнувањето/спуштањето на хедерот врз основа на притисокот на маслото во цилиндрите за подигнување. Ова одржува постојан притисок на контактот на хедерот со земјата како што се менува теренот.


Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (видете во поглавјето Постапки на калибрација).

Копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка се користат за избирање на еден од трите различни притисоци на хедерот што можат да се програмираат.


Вклучување/исклучување на системот:

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот



H95941 —UN—23JUN11

Приказ на транспортната лента/платформа/ременски пикап

A—Икона на автоматски режими на висината на хедерот

B—Икона за активно лебдење на хедерот

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за автоматски режими на висината на хедерот (A).

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за активно лебдење на хедерот (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:

- Правилно опремениот хедер е поврзан на машината.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.
- Вклучен е режимот за активно лебдење на хедерот.
- Хедерот е вклучен.

Активирајте го лебдењето на хедерот со притискање на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање (B) на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за активно лебдење на хедерот (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.

За да се промени зададениот притисок (C) на копчињата за активирање, притиснете го саканото копче за активирање и нагодете го притисокот користејќи го копчето за контрола на активната висина на хедерот (D).

Завртете го копчето кон симболот плус (+) за да ја зголемите зададената вредност на притисокот на цилиндерот за подигнување (го подигнува хедерот) или кон симболот минус (-) за да ја намалите зададената вредност на притисокот на цилиндерот за подигнување (го спушта хедерот).

Бар-дијаграмот (E) и нумеричкиот приказ (F) го покажуваат моменталниот притисок на лебдење на хедерот. Единици: бар за метричкиот систем и psi за англискиот систем.

Рачното подигнување на активното лебдење на хедерот со употреба на прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот (G) го деактивира системот.

ЗАБЕЛЕШКА: Притискањето на прекинувачот за подигнување/спуштање на хедерот го исклучува системот за пет секунди.


Притиснете ги копчињата за активирање 1, 2 или 3 за повторно да го активирате системот. Хедерот автоматски ќе се премести во однапред избраниот притисок.



H99254 —UN—01DEC10



H95079 —UN—27JAN10



H95077 —UN—18DEC09

A—Икона за активно лебдење на хедерот
B—Број на копчето за активирање
C—Зададена вредност на притисок
D—Копче за контрола на висината на хедерот
E—Бар-дијаграм
F—Нумерички приказ
G—Прекинувач за подигнување/спуштање на хедерот

OUO6075,00004CB -A8-08DEC10-2/2

Враќање на положбата на намотката

ЗАБЕЛЕШКА: Промени на иконата за поставки на хедерот врз основа на видот на хедерот поврзан со машината.

Му дозволува на операторот да ја избере положбата на намотката во однос на лентата со сечила и автоматски да се врати во таа положба.

Системот мора да се калибрира со секој хедер што се користи (видете во поглавјето Постапки на калибрација).

Копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка се користат за избирање на еден од трите различни позиции на намотката/на плочата на платформата што можат да се програмираат.

Вклучување/исклучување на системот:


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за поставки на хедерот.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за автоматски режими на висината на хедерот (A).


Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за враќање на позицијата на намотката (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Се појавува знакот за избор кој покажува дека системот е вклучен или исчезнува кога системот е исклучен.

H96245 —UN—03MAY10



Икони за поставки на хедерот



H95942 —UN—05OCT10

Приказ на транспортната лента/платформа/ременски пикап

A—Икона на автоматски режими на висината на хедерот

B—Икона на враќање на положбата на намотката

Продолжува на следната страница

Работа:

Системот е активен кога:


- Правилно опремениот хедер (со сензори за положбата на намотката) е поврзан на машината и е калибриран.
- Моторот работи.
- Прекинувачот за исклучување на патниот транспорт е во положба за теренска работа.

ЗАБЕЛЕШКА: Кога условите за жетва се такви што се потребни повеќе положби на намотката, на пример една положба за налегнатите култури, а една положба за исправените култури, возачот може да ја зачува положбата на намотката за секое копче за враќање и да оди од една положба на намотката во друга избирајќи ги саканите копчиња за враќање.

Зачувајте ја зададената вредност на враќањето на положбата на намотката со притискање и држење две секунди на моментално избраните копчиња за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка. Иконата (A) светка означувајќи дека е зачувана зададената вредност.



H98586 —UN—14OCT10



H95091 —UN—01NOV10

A—Икона на враќање на положбата на намотката
B—Прекинувач за подигнување на намотката и движење на намотката напред и назад
C—Број на копчето за активирање

Активирајте го враќањето на положбата на намотката со притискање на копчињата за активирање 1, 2 или 3 на повеќенаменската рачка.

Бројот на копчето за активирање (C) на приказот означува кое копче за активирање е избрано.

Иконата за активно враќање на положбата на намотката (A) се појавува на приказот означувајќи дека системот е активен.

Користете го прекинувачот за подигнување на намотката и движење на намотката напред/назад (B), за да се добие саканата положба напред или назад како и положбата на висината на намотката.

Рачното движење на прекинувачот за подигнување на намотката и движење на намотката напред/назад (B) на повеќенаменската рачка ја деактивира положбата на намотката.

Монтирајте го заменетиот хедер на намотката за ременот на пикап пумпата (C) и погонскиот ремен за фиксна брзина (B).

Монтирајте ја и затегнете ја завртката со глава (A) според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртка со глава—Вртлив момент.....185 N·m (136 lb-ft)

A—Шраф со глава
B—Погонски ремен за фиксна брзина
C—Хедер на намотката за ременот на пикап пумпата



H90926 —UN—28FEB08


OUO6075,000066C -A8-02FEB10-6/8

Монтирајте го погонскиот ремен (A) околу пумпата на намотката и задните ременици (B).

Монтирајте ја претходно извадената потпора на пумпата на намотката (C) со завртка со глава и навртка.

Затегнете ги навртките (D) така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата.

A—Погонски ремен
B—Ременица
C—Потпора
D—Навртки (2 употребени)




H90979 —UN—06MAR08

OUO6075,000066C -A8-02FEB10-7/8

Затегнете ги навртките (A) така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата за правилно да се затегна погонскиот ремен.

Монтирајте ги левите штитници на доставната комора.

A—Навртки



H90925 —UN—28FEB08

OUO6075,000066C -A8-02FEB10-8/8


Нагодување на хедерот на намотката за ременот на пикап пумпата (фиксирана брзина на доставната комора)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Олабавете ја сигурносната навртка (A).

Затегнете ја навртката (B) така што предлошката (C) да дојде во положба меѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка.

A—Сигурносна навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач



H90975 —UN—06MAR08

OUO6075,000066D -A8-02FEB10-1/1


Замена на Командтач погонскиот ремен за комбинирана брзина на доставната комора

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Спуштете го безбедносниот граничник и извадете ги штитниците од левата страна на доставната комора.

Извадете ги штитниците (A).

A—Штитници



H90968 —UN—05MAR08

OUO6075,0000653 -A8-02FEB10-1/2

Разлабавете ги навртките (A) за да се олабави погонскиот ремен и разлабавете ја затезната навртка (B).


Извадете го погонскиот ремен (C) од ремениците.

Монтирајте го заменетиот погонски ремен и завртете го затегачот за 3/4 кон жлебот и затегнете ја затезната навртка.

Затегнете ги навртките така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата.

Монтирајте ги претходоно извадените штитници на доставната комора.

A—Навртки
B—Затезна навртка
C—Погонски ремен



H90969 —UN—05MAR08

OUO6075,0000653 -A8-02FEB10-2/2

Нагодување на Командтач погонскиот ремен за комбинирана брзина на доставната комора


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Спуштете го безбедносниот граничник и извадете ги штитниците од левата страна на доставната комора.

Затегнете ги навртките (A) така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако мерачот е затегнат до крај, разлабавете ја затезната навртка (B) и поместете го затегачот повисоко во жлебот. Затегнете ги навртките така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата.

Монтирајте ги претходно извадените штитници на доставната комора.



H90970 —UN—05MAR08

A—Навртки **B—Затезна навртка**

OUO6075,0000654 -A8-02FEB10-1/1


Замена на хедерот на намотката за ременот на пикап пумпата (Командтач комбинирана брзина на доставната комора)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Спуштете го безбедносниот граничник и извадете ги штитниците од левата страна на доставната комора.

Извадете ги штитниците (A).

A—Штитници




H90968 —UN—05MAR08

OUO6075,0000655 -A8-02FEB10-1/6

Разлабавете ги навртките (A) на пружината за затегање (B) за да се олабави погонскиот ремен.

Извадете ги завртката со глава и навртката (C) за ја тргнете потпората на пумпата на навртката (D).

A—Навртки
B—Пружина за затегање
C—Завртка со глава и навртка
D—Потпора




H87350 —UN—05FEB07

Продолжува на следната страница

OUO6075,0000655 -A8-02FEB10-2/6

Разлабавете ги навртките (A) за да се олабави погонскиот ремен (B) и извадете го штитникот (C).

A—Навртки
B—Погонски ремен
C—Штитник



H90971 —UN—05MAR08

OUO6075,0000655 -A8-02FEB10-3/6

Извадете ги носачот на сензорот (A) и завртката со глава (B).


Извадете го погонскиот ремен на доставната комора (C) од ремениците и хедерот на намотката за ременот на пикап пумпата (D).

Монтирајте го заменетиот хедер на намотката за ременот на пикап пумпата и погонскиот ремен на доставната комора.

Монтирајте го носачот на сензорот и затегнете ја завртката со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртка со глава—Вртлив момент	185 N•m (136 lb-ft)



H90972 —UN—05MAR08


A—Носач на сензорот
B—Шраф со глава
C—Погонски ремен на доставната комора
D—Хедер на намотката за ременот на пикап пумпата

OUO6075,0000655 -A8-02FEB10-4/6

ЗАБЕЛЕШКА: Потребно е да се обезбеди еднаков отвор од секоја страна на погонскиот ремен за да се спречи триење на ременот.

Монтирајте го претходно изваденият штитник (C) и затегнете ги навртките (A) така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата за правилно да се затегне погонскиот ремен (B).

A—Навртки
B—Погонски ремен
C—Штитник



H90971 —UN—05MAR08


Продолжува на следната страница

OUO6075,0000655 -A8-02FEB10-5/6

Монтирајте ја претходно изваденатa потпора на пумпата на намотката (A) и осигурајте ја со завртка со глава и навртка (B).

Затегнете ги навртките (C) додека не се појават отвори (D) низ мерачот.

A—Потпора
B—Завртка со глава и навртка
C—Навртки
D—Отвори



H87517 —UN—27FEB07


OUO6075,0000655 -A8-02FEB10-6/6

Нагодување на хедерот на намотката за ременот на пикап пумпата (Командтач комбинирана брзина на доставната комора)

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Затегнете ги навртките (A) додека не се појават отвори (B) низ мерачот.

A—Навртки
B—Отвори



H87518 —UN—27FEB07


OUO6075,0000656 -A8-02FEB10-1/1

Рачен накосен индикатор (странично накосен систем)

За брзо визуелно утврдување дали хедерот е во ниво со шасијата на машината, странично искосениот систем е опремен со рачен индикатор на накосувањето.

Кога засекот (A) е во средина на гумениот печат, хедерот е приближно во ниво со телото на машината. Индикаторите може да бидат корисни и како референца во текот на работењето.

A—Засек



H62284A —UN—24JAN00

OUO6075,000066E -A8-02FEB10-1/1


Прикачете ја комбинираната спојка со клиновите за закачување со единечен врв

ВАЖНО: Не активирајте ги клиновите за заклучување додека хедерот е на земја. Ако комбинираната спојка мора да биде активирана додека хедерот е на земја, откачете го кабелот од рачката.


Извадете го капакот (A) и исчистете го лицето на комбинираната спојка (B).

A—Капак

B—Лице на комбинираната спојка



H90927 —UN—31MAR10



H90928 —UN—28FEB08


OUO6075,000066F -A8-02FEB10-1/6

Отворете ја рачката (A) и извадете ја комбинираната спојка (B) од држачите за складирање (C).

A—Рачка

B—Комбинирана спојка

C—Држачи за складирање



H70035 —UN—19SEP01

Продолжува на следната страница


OUO6075,000066F -A8-02FEB10-2/6

ЗАБЕЛЕШКА: За да спречите оштетување на кабелот за заклучување, на рачката е прикачена заштитна завртка. Ако се обидете да ги активирате клиновите за заклучување додека хедерот е на земја ќе се скрши завртката на рачката. (Погледнете во Положба на дополнителни заштитни завртки во ова поглавје.)

Монтирајте ја комбинираната спојка (A) врз кутијата (B).

Повлечете го и задржете го копчето за заклучување (C) за да се затвори рачката (D).

A—Комбинирана спојка
B—Приклучна кутија
C—Копче за заклучување
D—Рачка




H82378 —UN—07FEB05

OUO6075,000066F -A8-02FEB10-3/6

ВАЖНО: Доколку целосно не се затвори комбинираната спојка и не се активира копчето за заклучување, хедерот може да падне при жнеење или транспортирање.

Кога рачката на комбинираната спојка е целосно затворена, копчето за заклучување (A) автоматски ќе ги заклучи спојките заедно.

A—Копче за заклучување



H87894 —UN—19APR07

Продолжува на следната страница

OUO6075,000066F -A8-02FEB10-4/6

ЗАБЕЛЕШКА: Кога е прикачен хедерот, клиновите за заклучување мора да се движат слободно низ отворите на плочата за заклучување. Ако клиновите за заклучување не поминуваат низ плочите за заклучување, проверете дали плочите за заклучување на хедерот се соодветно нагодени.

Клиновите за заклучување (A) мора да се движат слободно низ отворите на плочата за заклучување во хедерот кога комбинираната-спојка е заклучена. Плочата за заклучување (B) мора да биде во контакт со носачот (C). Растојанието (D) меѓу дното на плочата и клинот мора да биде помал отколку меѓу горниот дел од плочата и клинот (E). За ова плочата за заклучување можеби ќе треба да се преврти.

Ако е потребно нагодување: Извадете ги завртките со глава (F), превртете ја плочата и повторно монтирајте ја.


Затегнете ги завртките со глава според спецификациите за M10 или M12.

Технички податоци (спецификации)

Внатрешност на плочата на заклучување (завртки со глава M10)—Вртлив момент.....80 N·m (60 lb-ft)


Технички податоци (спецификации)

Надворешност на плочата на заклучување (завртки со глава M12)—Вртлив момент.....130 N·m (96 lb-ft)



H81307 —UN—28JUN04

Внатрешност на плочата на заклучување (завртки со глава M10)



H81308 —UN—28JUN04

Надворешност на плочата на заклучување (завртки со глава M12)


A—Клин за заклучување
B—Плоча за заклучување
C—Носач на дното
D—Отвор
E—Горен дел на плочата
F—Завртки со глава

OUO6075,000066F -A8-02FEB10-5/6

Монтирајте го капакот на комбинираната спојка (A) во положба за складирање на платформата.

Извадете ја телескопската оска од положбата за складирање и монтирајте ја на задната оска на доставната комора при што фаќачот за брзо прикачување мора целосно да се заклучи.

A—Капак



H74305 —UN—18NOV02

OUO6075,000066F -A8-02FEB10-6/6

Прикачување и откачување на хедерот од доставната комора

⚠ ВНИМАНИЕ: Не оставајте ги погонските оски на машината. Случајното вклучување на доставната комора може да предизвика физичка повреда или оштетување на машината.

ВАЖНО: Погонските оски со кардански пренос се користат од левата и десната страна на сите одобрени хедери.

ЗАБЕЛЕШКА: Комплетната постапка на прикачување и откачување е опишана во упатството за работа со хедерот.

Исклучете ја погонската телескопска оска од доставната комора кај спојката за брзо исклучување (A) од десната и левата страна.

Поставете ја погонската телескопска оска во положба за складирање (B).


ВАЖНО: Клиновите за заклучување не смеат да се активираат додека хедерот е на земјата. Ако комбинираната спојка мора да биде активирана додека хедерот е на земја, откачете го кабелот од рачката.

ЗАБЕЛЕШКА: Клиновите за заклучување треба да бидат сосема повлечени кога рачката е целосно врз граничникот. Нагодете го кабелот за монтирање ако клиновите за заклучување не се сосема повлечени (погледнете во Заклучување со единичен врв—Нагодување).


Повлечете го и држете го копчето за заклучување (C) за да се отклучи бравата додека ја подигате рачката за исклучување на комбинираната спојка.

Извадете го капакот на комбинираната спојка од положбата за складирање на хедерот и ставете го капакот врз комбинираната спојка на машината.


Поставете ја и заклучете ја комбинираната спојка во положба за складирање (D).



H52778 —UN—23MAR99



H82374 —UN—07FEB05



H87895 —UN—19APR07

A—Спојка за брзо исклучување
B—Положба за складирање
C—Копче за заклучување
D—Положба за складирање на комбинираната спојка

OUO6075,0000670 -A8-02FEB10-1/1

Заклучување со единичен врв—Нагодување

ЗАБЕЛЕШКА: Доставна комора со странично накосување: Нагодувања смеат да се прават само на кабелот кај рачката за комбинираната спојка.


Отворете го левиот штитник (A) на доставната комора.

Разлабавете ги сигурносните навртки (B) на кабелот.


ВАЖНО: Проверете дали рачката е врз граничникот на комбинираната спојка. Доколку не се уверите дека рачката е врз граничникот ќе добиете неточни димензии на клиновите што може да предизвика паѓање на хедерот при жнеење или транспортирање.

Повторно поставете ја рачката на комбинираната спојка врз граничникот.

A—Штитник **B—Сигурносни навртки**



H90929 —UN—28FEB08



H90930 —UN—28FEB08

OUO6075,0000671 -A8-02FEB10-1/4


ЗАБЕЛЕШКА: Поместувањето на кабелот “нагоре” во држачот го вовлекува клинот внатре.

Поместувањето на кабелот “надолу” во држачот го извлекува клинот надвор.

Нагодете го кабелот во држачот колку што е потребно за соодветно нагодување на клинот:

- Левиот клин за заклучување треба да биде порамнет на +/- 2 mm (0.08 in.) (A).

A—Димензија




H90931 —UN—05MAR08

Лев клин за заклучување

Продолжува на следната страница OUO6075,0000671 -A8-02FEB10-2/4

Држете ја долната сигурносна навртка (B) и затегнете ја горната сигурносна навртка (A).

A—Горна сигурносна навртка B—Долна сигурносна навртка



H90932 —UN—28FEB08

OUO6075,0000671 -A8-02FEB10-3/4

ВАЖНО: Доколку не проверите дали клиновите се со точни димензии хедерот може да падне при жнеење или транспортирање.

Целосно спуштете ја рачката на комбинираната спојка (A) и проверете дали клиновите (B) (и на двете страни) се поставени според спецификациите. Ако не се поставени според спецификациите, извршете повторно нагодување.


Технички податоци (спецификации)

Клинови на доставната комора—Растојание.....45—52 mm (1-3/4 in. — 2 in.)

A—Рачка на комбинираната спојка B—Клинови



H81287 —UN—23JUN04



H90933 —UN—28FEB08

OUO6075,0000671 -A8-02FEB10-4/4


Нагодување на кабелот во долниот дел за порамнување со теренот на доставната комора

Нагодувањата треба да бидат направени на долниот крај од кабелот за заклучување ако навоите (A) не се центрирани во држачот (B).


Разлабавете ги сигурносните навртки (C) и нагодете го кабелот така што навоите да бидат центрирани во држачот.

Затегнете ја сигурносната навртка.

A—Навои
B—Носач
C—Сигурносни навртки



H79380 —UN—10DEC03



H79389 —UN—10DEC03

OUO6075,0000672 -A8-02FEB10-1/1

Порамнување на доставната комора со теренот-нагодување со подметнувачи

ЗАБЕЛЕШКА: За да се изведе точно нагодување со теренот гумите мора да бидат еднакво напумпани.


Хедерот мора да биде порамнет кога се закачува за доставната комора.

Подигнете го хедерот на средна висина.

Застанете на околу 5 m (15 ft.) пред хедерот.

Споредете го долниот дел на хедерот со предната оска на машината.

Ако хедерот не е порамнет, извадете ги завртките (A) и ставете ги подметнувачите (B) од крај до крај на горната греда од доставната комора за да се порамни хедерот.



H85585 —UN—22MAR06


A—Шрафови
B—Подметнувач

OUO6075,0000673 -A8-02FEB10-1/1

Клинови за заклучување на доставната комора (Чистење)

Доколку клиновите за заклучување тешко се движат врз странично наваленитe доставни комори, исчистете ги остатоците од жнеењето од местата (A).

A—Места за чистење




H84880 —UN—04NOV05

OUO6075,0000674 -A8-02FEB10-1/1

Рачно отклучување на доставната комора

За да го отстраните хедерот ако заштитната завртката се скрши, притиснете ги клиновите за заклучување (A) низ плочите за заклучување и поставете ги M12 завртките со глава (B) во отворот (C). Повторете го истото на спротивната страна.

A—Клинови за заклучување
B—Шраф со глава
C—Отвор




H84881 —UN—04NOV05

OUO6075,0000675 -A8-02FEB10-1/1

Положба на заштитната завртка

Ако заштитната завртка (A) се скрши, извадете ја и заменете ја со резервна заштитна завртка (B). Резервни заштитни завртки се обезбедени.


A—Заштитна завртка
B—Резервни заштитни завртки




H98963 —UN—02NOV10

OUO6075,0000676 -A8-02NOV10-1/1

Крилни врати



H106221 —UN—19FEB13



H106222 —UN—19FEB13

A—Клин
B—Плочки за блокирање
C—Брава

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Работата за блокирање и ослободување на рачката е иста и на двете страни од машината.

1. Отстранете ја пружинската стега и клинот (A) од плочата за заклучување (B). Поставете ја повторно пружинската стега во клинот.
2. Завртете ја бравата (C) и повлечете ги надолу крилестите врати за да подигнете.


Продолжува на следната страница

OUO6075,0001329 -A8-16NOV12-1/2

ВАЖНО: Не користете ги цилиндрите (A) како држачи за раце и не обесувајте ништо на овие цилиндри. Ова може да предизвика шипката на цилндарот да се свитка или да се скрши.

Во ладни временски услови или при силни ветрови, овие крилести врати може да “ползат” надолу. Поставете го граничникот на шипката за да ги задржите крилестите врати во своето место.

A—Цилиндри



H96801 —UN—09JUN10

Граничници на левиот цилиндар

OUO6075,0001329 -A8-16NOV12-2/2

Штитници на левата страна


S660 и S670

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Странични штитници — отстранете го клинот за брзо заклучување (A и B) за да ги отворите штитниците.

Отстранете ги завртките со глава (C) и подигнете ги штитниците за да ги извадите.

A—Клин за брзо заклучување
B—Клин за брзо заклучување
C—Завртки со глава



H105327 —UN—01MAY12

OUO6075,00015A0 -A8-25JUN13-1/5


S680, S685 и S690

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Странични штитници — отстранете го клинот за брзо заклучување (A) за да го отворите штитникот.

Отстранете ги завртките со глава (B) и подигнете го штитникот за да го извадите.

A—Клин за брзо заклучување
B—Завртки со глава




H96802 —UN—09JUN10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00015A0 -A8-25JUN13-2/5

Штитник на вентилаторот — отстранете го клинот за брзо заклучување (A) и завртете ја бравата (B) за да го отстраните штитникот (C).

A—Клин за брзо заклучување
B—Брава
C—Штитник




H96803 —UN—09JUN10

OUO6075,00015A0 -A8-25JUN13-3/5

Горен штитник на сепараторот — отстранете ги клиновите за брзо заклучување (A) и извадете го штитникот (B).

A—Клинови за брзо заклучување
B—Штитник



H96804 —UN—09JUN10


Продолжува на следната страница

OUO6075,00015A0 -A8-25JUN13-4/5


Преден штитник на сепараторот — отстранете ги клиновите за брзо заклучување (A) и извадете го штитникот (B).

Отстранете ги завртките со глава (C) и притиснете го предниот штитник на сепараторот (D) кон назад за да го извадите.

A—Клинови за брзо заклучување
B—Штитник
C—Шраф со глава
D—Штитник



H96804 —UN—09JUN10



H96805 —UN—09JUN10

OUO6075,00015A0 -A8-25JUN13-5/5

Десен штитник


⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Заден штитник и штитник на средниот вентилатор— Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и отворете го штитникот (B) на помошниот ремен.

Извадете го клинот за брзо заклучување (C) и завртете ја бравата (D) да се отклучи.

Подигнете ги и тргнете ги задниот штитник (B) и штитникот на средниот вентилатор (E).

A—Клин за брзо заклучување
B—Штитник
C—Клин за брзо заклучување
D—Брава
E—Штитник



H96806 —UN—09JUN10


Продолжува на следната страница

OUO6075,00007C7 -A8-28SEP10-1/2

Штитник на предниот сепаратор— Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и извлечете го штитникот (B) напред.

Извадете ја завртката со глава (C) и извадете го штитникот.

A—Клин за брзо заклучување
B—Штитник
C—Завртка со глава



H96807 —UN—09JUN10

OUO6075,00007C7 -A8-28SEP10-2/2

Капаци на сепараторот

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ВАЖНО: За да ја спречите загубата на зрна, проверете дали капаците на сепараторот се допрени до сепараторот под работ на сепараторот. Капаците се поставени од левата кон десната страна на машината, кога се гледа однапред.

Не оставајте ги капаците на сонце зашто ќе се искриват.


По два капаци (A) се поставени на секоја страна од машината за да го изолираат делот за вршење.

По три капаци (A) од секоја страна го изолираат делот за сепарација.


Клинови за брзо заклучување (B) и пружини од ленти (C) се користат за осигурување на капаците.

Извадете ги клиновите за брзо заклучување и подигнете ги пружините од ленти за да ги извадите капаците.

A—Капаци
B—Клинови за брзо заклучување
C—Пружини од ленти



H62100 —UN—20JAN00



H96808 —UN—09JUN10

OUO6075,00007C8 -A8-09JUN10-1/1

Стандарден доставен акцелератор

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

ЗАБЕЛЕШКА: Крилата можат да бидат поставени во обратна насока за дополнително носење.

Крилата на доставниот акцелератор и потрошните ленти може да се заменат без да се извади доставниот акцелератор. Заменете ги крилата на доставниот акцелератор во групи по две, поставени едни наспроти други за да се обезбеди правилен баланс.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако акцелераторот се вади од машината или се сервисира, затегнете ги затезните завртки пред да ги обезбедите крилата. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Извадете ги завртките со заоблена глава (A) и заменете ги потрошните ленти (B) на доставниот акцелератор по потреба. Стегнете ги винтовите со кружна глава според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Завртки со заоблена глава на потрошната лента на доставниот акцелератор—Вртлив момент.....70 Nm (52 lb-ft)

Извадете ги навртките со глава (C) и заменете ги крилата (D) на доставниот акцелератор по потреба. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на крилата на доставниот акцелератор—Вртлив момент.....70 Nm (52 lb-ft)



H85626 —UN—27MAR06

Крила на доставниот акцелератор (стандарден)



H85627 —UN—27MAR06

Крила на доставниот акцелератор (стандарден)

A—Завртки со заоблена глава
B—Потрошна лента на доставниот екцелератор
C—Завртки со глава
D—Крила на доставниот акцелератор

OUO6075,0000AB0 -A8-16JUL07-1/1

Доставен акцелератор за тешка култура — заменување на крилата

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Крилата на доставниот акцелератор и потрошните ленти може да се заменат без да се извади доставниот акцелератор. Заменете ги крилата на доставниот акцелератор во групи по две, поставени една наспроти друга за да се обезбеди правилна рамнотежа.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако акцелераторот се вади од машината или се сервисира, затегнете ги винтовите на стегата пред да ги обезбедите крилата. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Извадете ги винтовите со кружна глава (A) и заменете ги лентите за носење (B) на доставниот акцелератор по потреба. Стегнете ги винтовите со кружна глава според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Винтови со кружна глава на лентата за носење на доставниот акцелератор—Вртлив момент.....104 N·m (77 lb.-ft.)

Извадете ги навртките со глава (C) и заменете ги крилата (D) на доставниот акцелератор по потреба. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на крилата на доставниот акцелератор—Вртлив момент.....70 N·m (52 lb.-ft.)



H107173 —UN—06MAR13

Крила на доставниот акцелератор (тешка култура)



H107174 —UN—06MAR13

Крила на доставниот акцелератор (тешка култура)

A—Винтови со кружна глава
B—Лента за носење на доставниот акцелератор
C—Завртки со глава
D—Крила на доставниот акцелератор

OUO6075,000140D -A8-08MAR13-1/1

Замена на крилата на доставниот акцелератор со запци

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Крилата на доставниот акцелератор и потрошните ленти може да се заменат без да се извади доставниот акцелератор.

Извадете ги завртките со заоблена глава (A) и заменете ги потрошните ленти (B) на доставниот акцелератор по потреба. Стегнете ги винтовите со кружна глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со заоблена глава на потрошната лента на доставниот акцелератор—Вртлив момент.....73 N·m (54 lb.-ft.)


Извадете ги навртките со глава (C) и заменете го склопот на крилата (D) по потреба.

ВАЖНО: Доставниот акцелератор мора да биде статички избалансиран. Додајте подлошки колку што е потребно за да се избалансира доставниот акцелератор.

Монтирајте го склопот на крилата да се преклопи на местото (E) како што е прикажано. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.


Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава на склопот на крилата на доставниот акцелератор—Вртлив момент.....73 N·m (54 lb.-ft.)



H102209 —UN—15JUN11

Крило на доставниот акцелератор




H102210 —UN—15JUN11

Крило на доставниот акцелератор


A—Завртки со заоблена глава
B—Потрошна лента на доставниот екцелератор
C—Завртки со глава
D—Склоп на крилата
E—Место на преклопување

OUO6075,0000CA3 -A8-15JUN11-1/1

Под за чешлање на доставниот акцелератор со запци (машини за ориз)



H105544 —UN—20JUN12



H105543 —UN—20JUN12

A—Под на кабината **B—Мазна обложена плоча**

ЗАБЕЛЕШКА: Машината се испорачува од фабрика со инсталиран под за чешлање. Подот за чешлање може да работи само со доставниот акцелеатор со запци.

Кога подот за чешлање (A) ќе се извади при жнеење, мора да се монтира (од левата страна на машината) мазната обложена плоча (B) што се добива со машината.

Информација што не се однесува на жнеење ориз:

- Пченка-извадете го подот за чешлање и монтирајте ја мазната обложена плоча.
- Соја-ако раските станат проблем, извадете го подот за чешлање и монтирајте ја мазната обложена плоча.
- Мали зрна-извадете го подот за чешлање и монтирајте ја мазната обложена плоча.


OUO6075,0001166 -A8-22JUN12-1/8

Вадење на подот за чешлање:

⚠ ВНИМАНИЕ: Подигнете ја доставната комора, спуштете го безбедносниот граничник, изгаснете го моторот, активирајте ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот.

Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и поместете ја рачката (B) за да се отвори собирачот на камења.

A—Клин за брзо заклучување **B—Рачка**



H99239 —UN—01DEC10


Продолжува на следната страница OUO6075,0001166 -A8-22JUN12-2/8

Извадете ги и осигурајте ги завртките со глави и навртките (A) од двете страни на машината.

Извадете ги клинот за брзо заклучување и долната рачка (C) додека го вадите склопот на доставната плоча (B).

Подигнете ја рачката на доставната плоча (C).

A—Завртки со глава и навртки
B—Склоп на доставната плоча
C—Рачка



H86271 —UN—10JUL06


OUO6075,0001166 -A8-22JUN12-3/8

Извадете ги и осигурајте ги прицврстувачите (A) и носачот (B) од двете страни на машината.

Извадете ги и осигурајте ги завртките со глава и навртките (C).

Извадете ги и осигурајте ги плужните завртки и извадете го подот за чешлање.

A—Машински делови (4 употребени)
B—Носачи (2 употребени)
C—Завртки со глава и навртки (6 употребени)



H92220 —UN—16JUN08

OUO6075,0001166 -A8-22JUN12-4/8


Мазната обложена плоча (A) испорачана со машината монтирајте ја од левата страна.

Монтирајте ги претходно извадените завртки со глави и навртки (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Плужните завртки мора да се стават во дупките што претходно го држеле делот за спречување загуба на зрна од подот за чешлање.

Монтирајте ги претходно извадените плужни завртки (C).

A—Мазна обложена плоча
B—Завртки со глава и навртки (2 употребени)
C—Плужни завртки (6 употребени)



H105545 —UN—21JUN12


Продолжува на следната страница

OUO6075,0001166 -A8-22JUN12-5/8

Монтирајте ги претходно извадените завртки со глави и навртки (C).

Монтирајте го претходно извадениот носач (B) од двете страни на машината и осигурајте го со извадените прицврстувачи (A).

A—Машински делови (4 употребени)
B—Носачи (2 употребени)
C—Завртки со глава и навртки (4 употребени)



H92220 —UN—16JUN08


OUO6075,0001166 -A8-22JUN12-6/8

Спуштете ја рачката на доставната плоча (C) и монтирајте го претходно извадениот склоп на доставната плоча (B).

Монтирајте ги претходно извадените завртки со глави и навртки (A) од двете страни на машината.

Турнете ја рачката напред и нагоре за да ја затвори доставната плоча и осигурајте ја со клин за брзо заклучување.

A—Завртки со глава и навртки
B—Склоп на доставната плоча
C—Рачка




H86271 —UN—10JUL06

OUO6075,0001166 -A8-22JUN12-7/8

Поместете ја рачката (B) надолу за да се затвори собирачот на камења и осигурајте ја со клин за брзо заклучување (A).

A—Клин за брзо заклучување
B—Рачка



H99239 —UN—01DEC10

OUO6075,0001166 -A8-22JUN12-8/8

Замена на ремонот на доставниот акцелератор


ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Разлабавете ги навртките (A) за да се олабави ремонот од предниот дел на потпорната оска (B).


Разлабавете ги навртките (C) за да се олабават решетото, вентилаторот и ремонот на спиралниот преносник (D).

Извадете ги двата ремена од ремениците на меѓупреносното вратило за да се овозможи вадењето на ремонот на доставниот акцелератор.

A—Навртки
B—Преден дел на потпорната оска на ремонот
C—Навртки
D—Ремен



H96924 —UN—16JUN10




H96925 —UN—16JUN10

OUO6075,00007F1 -A8-14JUN11-1/4

Турнете ја рачката (A) нагоре за да излезе од засекот на носачот (B) и за да се олабави ремонот на акцелераторот.

A—Рачка
B—Носач



H96926 —UN—16JUN10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00007F1 -A8-14JUN11-2/4

Доставен акцелератор со стандардна брзина и голем капацитет на достава

Извадете ги завртките со глава (A) и ременицата (B).

Извадете го ременот (C) на доставниот акцелератор и монтирајте друг ремен.


Монтирајте ја ременицата и осигурајте ги навртките со глава.

Турнете ја рачката нагоре во засекот на носачот.

Нагодете го доставниот акцелератор така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата.

Монтирајте го решетото, венилаторот и ременот на спиралниоит преносник и предниот дел на потпорната оска на ременот.

Нагодете ја затегнатоста на ремените така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата.



H86422 —UN—28JUL06

A—Завртки со глава (6 употребени)
B—Ременица
C—Ремен на влезниот акцелератор

OUO6075,00007F1 -A8-14JUN11-3/4

Доставен акцелератор со голема брзина и голем капацитет на достава

Извадете ги завртките со глава (A) и ременицата (B).

Извадете го ременот (C) на доставниот акцелератор и монтирајте друг ремен.


Монтирајте ја ременицата и осигурајте ги навртките со глава.

Турнете ја рачката нагоре во засекот на носачот.

Нагодете го доставниот акцелератор така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата.

Монтирајте го решетото, венилаторот и ременот на спиралниоит преносник и предниот дел на потпорната оска на ременот.

Нагодете ја затегнатоста на ремените така што предлошката да дојде во положба меѓу крајот на мерачот и дното на основата.



H75090 —UN—06FEB03

A—Завртки со глава (6 употребени)
B—Ременица
C—Ремен на влезниот акцелератор


OUO6075,00007F1 -A8-14JUN11-4/4

Нагодување на ременот на доставниот акцелератор

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Затегнувачот на ременот на доставниот акцелератор се наоѓа на десната страна на машината зад оската на доставната комора.

Разлабавете ја навртката (A) и затегнете ја навртката (B) така што предлошката (C) да дојде во положба меѓу крајот на мерачот (D) и дното на основата. Затегнете ја сигурносната навртка.



H85678 —UN—06APR06

A—Сигурносна навртка
B—Навртка
C—Подлошка
D—Мерач

OUO6075,0000743 -A8-19MAR07-1/1


Промена на брзината на акцелераторот со стандардна брзина и голем капацитет на достава

ЗАБЕЛЕШКА: За препорачаното поставување на брзината на доставниот акцелератор погледнете во одделот Поставка на културата.

Кога ги менувате брзините на сепараторот исклучете го и вклучете го погонот за да го видите новиот опсег на брзини.

За да ја смените брзината на доставниот акцелератор во положба на поголема брзина:

- Турнете ја рачката (A) нагоре за да излезе од засекот на носачот (B) и за да се олабави ременот.
- За голема брзина поместете го ременот (C) во вдлабнатините на двете ременици.
- Турнете ја рачката нагоре во засекот на носачот за да ја повратите затегнатоста на ременот.



H96926 —UN—16JUN10

H86423 —UN—28JUL06

A—Рачка
B—Носач
C—Ремен

OUO6075,00007F2 -A8-27OCT10-1/1

Промена на помала брзина на акцелераторот со стандардна брзина и голем капацитет на достава

ЗАБЕЛЕШКА: За препорачаното поставување на брзината на доставниот акцелератор погледнете во одделот Поставка на културата.

Кога ги менувате брзините на сепараторот исклучете го и вклучете го погонот за да го видите новиот опсег на брзини.


За да ја смените брзината на доставниот акцелератор во положба на помала брзина:

- Турнете ја рачката (A) нагоре за да излезе од засекот на носачот (B) и за да се олабави ремењот.
- Извадете го ремењот (C) од долната ременица и оставете го слободно да виси на горната ременица.


ЗАБЕЛЕШКА: Ремењот мора да се свитка за да влезе меѓу горната ременица и страничната обвивка.

- За помала брзина извадете го ремењот (D) од горната ременица (E) и поместете го на внатрешната ременица.
- Монтирајте го ремењот (C) на внатрешните вдлабнатините на долната ременица.
- Турнете ја рачката нагоре во засекот на носачот за да ја повратите затегнатоста на ремењот.


A—Рачка
B—Носач
C—Ремен
D—Ремен
E—Горна ременица



H96926 —UN—16JUN10




H75088 —UN—07FEB03



H75076 —UN—06FEB03


OUO6075,00007F3 -A8-14JUN11-1/1

Типови на корпа



H54506 —UN—23MAR99

Корпа со кружна шипка за мулти-култури




H54507 —UN—25JUN99

Корпа со мала мрежа

Достапни се три различни корпи за различни култури и услови на културата.

- Корпата со кружна шипка за мулти-култури се користи за пченка и соја.
- Корпата со голема мрежа се користи за ориз, соја и за зрнесто сорго.
- Корпата со мала мрежа се користи за ситни зрна.



H54508 —UN—22JUN99

Корпа со голема мрежа

OUO6075,00007A8 -A8-02JUN10-1/1


Граничници на решетката на сепараторот

Граничниците се прикажани во складирана положба (како што е прикажано) од фабриката.

Граничниците можат да се користат за пченка за да се намалат деловите од кочан во примерокот од резервоарот за зрна.

ВАЖНО: Граничниците треба да се користат само за пченка и соја. Отстранете ги граничниците за сите други култури (поставете ги граничниците во складирана положба, како што е прикажано).

Извадете ги сите граничници на решетката на сепараторот (A) од складирана положба (како што е прикажано) и поставете ги помеѓу решетките на сепараторот (B) и каналот на сепараторот (C).




H86634 —UN—20SEP06

A—Граничници
B—Решетки на сепараторот
C—Канал на сепараторот

OUO6075,0000B06 -A8-03JAN11-1/1

Типови на решетка на сепараторот



Стандардна решетка од леано железо на сепараторот



Решетка за тешки работни услови на сепараторот

Достапни се две различни опции за решетки на сепараторот за машината.

- Стандардна решетка од леано железо на сепараторот - доаѓа како стандардна за сите машини, освен за машините за ориз.
- Решетка за тешки работни услови на сепараторот - се користат во ситуации на тешки култури. Овие решетки се изборна опција на сите машини со ротор со променлив проток, но стандардна опција за машините за ориз.

OUO6075,000140F -A8-08MAR13-1/1

Капаци на решетката на сепараторот (ако постојат)

Се препорачува за многу суви мали зрна. Капаците (A) се поставуваат на решетката на сепараторот за одржување на рамнотежата при товарање плева во чистачот на зрна.


Капаци на стандардна решетка од леано железо

- Поставете два реда (осум капаци) на десната страна и три реда (дванаесет капаци) на левата страна. Оставрете нагодувања по потреба, во зависност од условите.


Капаци на решетка за тешки работни услови

- Поставете еден ред (четири капаци) на десната страна и два реда (осум капаци) на левата страна. Оставрете нагодувања по потреба, во зависност од условите.

A—Капаци на решетката на сепараторот



Капаци на стандардна решетка од леано железо / капаци на решетка за тешки работни услови



OUO6075,0001410 -A8-08MAR13-1/1

Заштитни винтови на секторниот запченик на корпата

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.


Употребувајте сигурносни винтови (A) доставени само од John Deere, посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за резервни сигурносни винтови.

Ако сигурносните винтови се скршат, заменете со дополнителните сигурносни винтови (B), кои се доставени во носачот на секторниот запченик.

Стегнете ги сигурносните винтови според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Сигурносни винтови—Вртлив момент.....15 N·m (133 lb-in.)



H88917 —UN—14JUN07

A—Сигурносни винтови

B—Дополнителни сигурносни винтови (4 употребени)


OUO6075,0000BEC -A8-14JUN07-1/1

Оддели за корпа — отстранување и поставување

ВНИМАНИЕ: Одделите за корпа се тешки и незгодни за ракување. Можеби ќе биде потребно и второ лице за да се отстранат и постават одделите за корпа.

ЗАБЕЛЕШКА: За полесно отстранување, целосно затворете ја корпата.

1. Поместете ја рачката (A) за да го промените запчестиот пренос на роторот во неутрална положба (B).



H96927 —UN—17JUN10

A—Рачка


B—Неутрална положба

Продолжува на следната страница

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-1/17

2. Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.
3. Отстранете ги капаците за проверка на сепараторот (A).
4. Проверете го абењето на одделите за корпата со користење на Мерач на растојание AH204933.

A—Капаци на сепараторот




H96446 —UN—20MAY10

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-2/17

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранувањето на решетката на сепараторот овозможува ротирачкиот ротор да има максимално растојание помеѓу корпата и елементот на вршалката.

5. Отстранете ги завртите со глава (A) и решетката на сепараторот (B).

A—Шрафови со глава **B—Решетка на сепараторот**




H96447 —UN—20MAY10

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-3/17

6. Олабавете ги завртките со глава (A) и отстранете го металниот пренасочувач (B) на левата плоча.

A—Шрафови со глава **B—Пренасочувач**




H63543 —UN—12APR00

Продолжува на следната страница OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-4/17

7. Поставете парче картон (A) или полиестер над спиралите на преносникот. Ова овозможува заштита на спиралите и овозможува мазна површината за отстранување на корпите.

A—Картон




H63541 —UN—12APR00

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-5/17

8. Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.
9. Отстранете ги клиновите за брзо заклучување и предните два капаци на сепараторот (A) на десната страна на машината.

A—Капак на сепараторот




H96929 —UN—17JUN10

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-6/17

10. Отстранете го клинот за заклучување со пружина (A) од држачот на корпата (B).
11. Подигнете го држачот на корпата и отстранете ја рачката од секој оддел на корпата.

A—Клин со пружина **B—Држач на корпата**




H75040 —UN—04FEB03

Држач на корпата

Продолжува на следната страница OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-7/17

12. Олабавете ги завртките со глава (A).
13. Целосно отворете ја корпата. Ова овозможува тежината на корпата да се одмора на коритото на спиралата на преносникот.


A—Завртки со глава (12 употребени)



H63582 —UN—14APR00

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-8/17

14. Отстранете ги завртките со глава (A).
15. Отстранете ги расцепките, клиновите (B) и ”Z” шипката (C).
16. Завртете го роторот така што ќе се појави празнина во патеката на елементот на вршалката во средината на корпата.
17. Отстранете го средниот оддел на корпата.
18. Лизгајте ја задната корпа до средишната положба и отстранете ја.
19. Лизгајте ја предната корпа до средишната положба и отстранете ја.
20. Поставете ги корпите во обратниот редослед.




H63583 —UN—14APR00

A—Завртки со глава (12 употребени)
B—Клинови
C—”Z” шипка

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-9/17

21. Поставете ја рачката на корпата (A) во жлебот (B) на одделите на корпата.
22. Поставете го држачот на корпата (C) и прицврстете го со клинот со пружина (D).

A—Рачка
B—Жлеб
C—Држач на корпата
D—Клин со пружина




H75041 —UN—04FEB03

Продолжува на следната страница

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-10/17

23. Поставете ја ”Z” шипката (C) над рабовите од корпата и поставете ги завртките со глава, но не ги затегнувајте.
24. Поставете ги клиновите (B).
25. Затворете ја целосно корпата.

A—Завртки со глава (12 употребени)
B—Клинови
C—”Z” шипка




H63583 —UN—14APR00

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-11/17

26. Осигурете дека краевите на корпите тесно влегуваат во ”Z” шипката и најпрво затегнете го горниот ред завртки со глава (A).
27. Последно затегнете го долниот ред завртки со глава.
28. Нагодете го нивото на корпата. (Погледнете во Порамнување на корпата, понатаму во ова поглавје.)

A—Завртки со глава




H51980 —UN—16FEB99

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-12/17

ЗАБЕЛЕШКА: Проверете дали горниот раб на капакот на сепараторот е под држачите.

29. Поставете ги капаците на сепараторот (A).
30. Поставете ги претходно отстранетите заштитни елементи за пристап до капаците за проверка на сепараторот.

A—Капаци на сепараторот




H96929 —UN—17JUN10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-13/17

31. Поставете ја решетката на сепараторот (B) и затегнете ја со завртките со глава (A).

A—Шрафови со глава **B—Решетка на сепараторот**




H96447 —UN—20MAY10

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-14/17

32. Отстранете го картонот (A) или полиестерот од спиралите на преносникот.

A—Картон




H63541 —UN—12APR00

OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-15/17

33. Поставете го пренасочувачот (B) во оригиналната положба и затегнете ги завртките со глава (A).

A—Шрафови со глава **B—Пренасочувач**




H63543 —UN—12APR00

Продолжува на следната страница OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-16/17

34. Поставете ги капаците за проверка на сепараторот (A).
35. Поставете ги претходно отстранетите заштитни елементи за пристап до капаците за проверка на сепараторот.
36. Поместете го погонскиот запчест пренос на роторот во претходната положба.

A—Капак на сепараторот



H96446 —UN—20MAY10


OUO6075,00007F5 -A8-12OCT10-17/17

Порамнување на корпата

ЗАБЕЛЕШКА: Капаците на корпа со кружна шипка (ако се поставени) треба да се отстранат пред да се започнува со порамнување на корпата.

1. Отстранете ги заштитните елементи по потреба за да пристапите до капаците за проверка на сепараторот.
2. Отстранете ги капаците за проверка на сепараторот (A).

A—Капак на сепараторот



H96446 —UN—20MAY10


OUO6075,00007F6 -A8-12OCT10-1/9

ЗАБЕЛЕШКА: Отстранувањето на решетката на сепараторот овозможува пристап до ротирачкиот ротор.

3. Отстранете ги завртите со глава (A) и решетката на сепараторот (B).

A—Завртка со глава (4 употребени)

B—Решетка на сепараторот




H96447 —UN—20MAY10

Продолжува на следната страница


OUO6075,00007F6 -A8-12OCT10-2/9

4. Повлечете ги граничните винтови (A и B).

A—Граничен винт **B—Граничен винт**



H63912 —UN—15MAY00




H63911 —UN—15MAY00

OUO6075,00007F6 -A8-12OCT10-3/9

5. Олабавете ги сигурносните навртки (A) и одвртете ја секоја од навртките (B) за пет кругови.

A—Долна навртка (2 употребени) **B—Горна навртка (2 употребни)**




H51982 —UN—16FEB99

Продолжува на следната страница OUO6075,00007F6 -A8-12OCT10-4/9

6. Употребете го прекинувачот за нагодување на корпата за да ја нагодите корпата кон нагоре сè додека полжавестиот запченик (B) и секторниот запченик (A) не се порамнат во нагорна положба.

A—Секторен запченик **B—Полжавест запченик**




H96450 —UN—20MAY10

OUO6075,00007F6 -A8-12OCT10-5/9

7. Поместете ја рачката (A) за да го промените запчестиот пренос на роторот во неутрална положба (B).

A—Рачка **B—Неутрална положба**




H96927 —UN—17JUN10

Продолжува на следната страница

OUO6075,00007F6 -A8-12OCT10-6/9

8. Бавно нагодувајте ја горната навртка на предниот винт со окце (A) сè додека елементите не ја “потчукнуваат” корпата додека роторот се врти. Одвртете за три целосни кругови.
9. Бавно нагодувајте ја горната навртка на задниот винт со окце (C), сè додека елементите не ја “потчукнуваат” корпата додека роторот се врти. Одвртете за три целосни кругови.
10. Бавно нагодувајте ја кон надолу горната навртка на предниот винт со окце (A) додека елементите не ја “потчукнат” корпата. Бавно одвртувајте додека не престане “потчукнувањето”. Само што ќе заврши “потчукнувањето”, одвртете за еден цел круг и затегнете ја горната сигурносна навртка.
11. Бавно нагодувајте ја кон надолу горната навртка на задниот винт со окце (C), сè додека елементите не ја “потчукнуваат” корпата. Бавно одвртувајте додека не престане “потчукнувањето”. Само што ќе заврши “потчукнувањето”, одвртете за еден цел круг и затегнете ја горната сигурносна навртка.
12. Затегнете ја долната предна навртка за нагодување на корпата. Држете ја со рачвест клуч горната навртка на предниот винт со окце (A) и затегнете ја долната сигурносна навртка на предниот винт со окце (B).
13. Затегнете ја долната задна навртка за нагодување на корпата. Држете ја со рачвест клуч горната навртка на задниот винт со окце (C) и затегнете ја долната сигурносна навртка на задниот винт со окце (D).



H65419 —UN—22NOV00


A—Горна навртка на предниот винт со окце
B—Долна сигурносна навртка на предниот винт со окце
C—Горна навртка на задниот винт со окце
D—Долна сигурносна навртка на задниот винт со окце

Продолжува на следната страница

OUO6075,00007F6 -A8-12OCT10-7/9


14. Нагодете го предниот и задниот граничен винт на корпата (A) преку затегнување на долната навртка (B) сè додека главата на винтот (C) не е тесно поставен кон корпата. Затегнете ја горната навртка (D) додека со рачвест клуч ја држите долната навртка (B).

A—Граничен винт (2 употребени)
B—Сигурносна навртка
C—Глава на винтот
D—Сигурносна навртка



H65421 —UN—22NOV00

Преден граничен винт




H65420 —UN—22NOV00

Заден граничен винт

OUO6075,00007F6 -A8-12OCT10-8/9

15. Поставете ја решетката на сепараторот (B) и затегнете ја со завртките со глава (A).
16. Поместете го погонскиот запчест пренос на роторот во претходната положба.
17. Поставете ги претходно отстранетите капаци за проверка на сепараторот и штитниците.
18. Калибрирајте ја положбата на корпата од внатре во кабината. (За повеќе информации погледнете во поглавјето Постапки за калибрација.)

A—Завртка со глава (4 употребени)
B—Решетка на сепараторот



H96447 —UN—20MAY10

OUO6075,00007F6 -A8-12OCT10-9/9

Лопатки на горниот капак на сепараторот (ако постојат)


Лопатките на горниот капак на сепараторот (A) се наоѓаат на десната страна од машината, зад товарната спирала за чисти зрна.

Лопатките на горниот капак на сепараторот може да се нагодуваат во две различни положби со користење софтвер.

ЗАБЕЛЕШКА: Работењето на лопатките на сепараторот во напредна положба може да ја зголеми загубата на зрна во одредени култури и услови. Времето за задржување на културата во сепараторот се намалува за да се подобри квалитетот на сламата.

- (B) — Напредна положба
- (C) — Стандардна положба

Погледнете во Конфигурација на управувањето со остатоците во поглавјето Екрани на приказот на CommandCenter за повеќе информации за како да ги промените положбите преку софтверот.



H97060 —UN—22JUN10

A—Лопатки на горниот капак на сепараторот
B—Напредна положба
C—Стандардна положба

OUO6075,0000811 -A8-12OCT10-1/1


Елементи на вршалката и запци (ротор TriStream) - отстранување и поставување

ВАЖНО: Роторот е балансиран склоп. Елементите и запците мора да бидат поставени во сетови од три со цел да се одржи рамнотежата. Комплети за замена се достапни како сервисни делови и вклучуваат нови завртки со глава со претходно нанесено средство за запирање на навојот и заптивката. Запците или елементите кои се олабавуваат може да предизвикаат оштетување на машината.


Ако запците и елементите мора да бидат отстранети поради други причини освен нивно заменување, пред отстранувањето означете ја положбата на забецот (запците) / елементот (елементите). Поставете во истата положба пред отстранувањето за да се задржи рамнотежата. Секогаш употребувајте нови завртки со глава.

Погрижете се да ги исчистите отпадоците и предната напречна спирала ако заменувањето на забецот е поради скршени или оштетени запци. Неуспешноста да се направи тоа пред почетното стартување може да предизвика скршените запци да рециркулираат и да предизвикаат оштетување на забецот.

1. Отстранете ги решетките на сепаратор или одделите на решетката по потреба за да пристапете до роторот. (Погледнете во Оддели за корпа — отстранување и поставување во ова поглавје.)
2. Проверете го абењето на елементите на вршалката и запците на сепараторот со користење на Мерач за растојание KXE10110.



H82539 —UN—07MAR05



H73898 —UN—30OCT02

A—Завртка со глава

3. Отстранете ги завртките со глава (A) и елементот на вршалката или забецот.


Продолжува на следната страница

4. Проверете ги RIVNUT® додатоците со навој (A). Заменете ако постои оштетување.
5. Ако едниот елемент или забец треба да се замени, заменете ги сите во групата. Пример: Ако елементот 2 треба да се замени, исто така заменете ги и елементите 1 и 3.
6. Употребете го дијаграмот за положба на елементите на вршалката и запците на сепараторот за да ги препознаете елементите и запците.
7. Затегнете ги завртките со глава според спецификациите.

Технички податоци (спецификации)

Завртки со глава за елементот на вршалката и забецот на сепараторот—Вртлив момент.....90 N·m (66 lb.-ft.)

RIVNUT е регистриран заштитен знак на RIVNUT Engineered Products Inc.




H54006 —UN—18FEB99

A—Додаток со навој

OUO6075,0000B7F -A8-14JUN11-2/2

Положба на елементот на вршалката и забецот на сепараторот (конфигурација за ротор TriStream за тешки зрна)




H82830 —UN—23MAR05

ЗАБЕЛЕШКА: Можат да се додаваат дополнителни елементи кон конфигурацијата за тешки зрна во положбите означени со “O” на самиот ротор ако се посакува конфигурацијата за густа бала.

Групи на елемент на вршалката (конфигурација на ротор за тешки зрна)	Групи на забец на сепараторот (конфигурација на ротор за тешки зрна)
Елементи од група 1 = 1, 2, 3	**Запци од група 1 =** 1, 4, 5
Елементи од група 2 = 4, 5, 6	**Запци од група 2 =** 2, 3, 6
Елементи од група 3 = 8, 10, 12	**Запци од група 3 =** 8, 9, 11
Елементи од група 4 = 14, 16, 18	**Запци од група 4 =** 7, 10, 12
Елементи од група 5 = 19, 21, 23	**Запци од група 5 =** 13, 16, 18
	Запци од група 6 = 14, 15, 17
	Запци од група 7 = 19, 22, 23
	Запци од група 8 = 20, 21, 24

OUO6075,0000B81 -A8-22MAR11-1/1

C—Завртка на тркало
D—Приклучок од 32 mm
E—Наставка
F—Клуч со момент на завртување
G—Тркало



H96868 —UN—11JUN10



H96863 —UN—10JUN10

Редослед на затегнување

OUO6075,0001081 -A8-28FEB12-1/1


Затегнување на погонските тркала во момент на вртење (конфигурација со двојни тркала)

Секој пат кога внатрешно или надворешно двојно тркало се поместуваат или заменуваат, затегнете ги винтовите на тркалата според спецификацијата и вкрстена шема. По еден работен час, затегнете ги винтовите на тркалата уште еднаш според спецификацијата и потоа на секои 100 работни часови.


Технички податоци (спецификации)

Завртки на тркалото—Вртлив момент (подмачкано).....710 N·m (524 lb.-ft.)


A—Растојание меѓу двојните тркала
B—Подлошка
C—Завртка на тркало
D—Приклучок од 32 mm
E—Наставка
F—Клуч со момент на завртување
G—Внатрешно двојно тркало
H—Граничник
I— Надворешно двојно тркало



Внатрешно двојно тркало



Надворешно двојно тркало



Редослед на затегнување

OUO6075,0001082 -A8-28FEB12-1/1

Поместување на тркалата на предниот погон

ВНИМАНИЕ: Избегнете сериозна повреда или смрт предизвикана од дефект на крајниот погон и загуба на погонското тркало за време на транспорт или при теренска работа. Не надминувајте го максималното поместување на тркало.

ВАЖНО: Употребувајте тркала, гуми и граничници кои се доставени само од John Deere. Гаранцијата ќе биде прекината доколку се употребуваат компоненти кои не се од John Deere и кои не ги исполнуваат спецификациите.


Не употребувајте двојни гуми кои се спојуваат со стегач. Тие не ги исполнуваат спецификациите на John Deere.

Не работете со поместување на задните тркала кон надвор.

Растојанието во поместувањето на тркалата значително влијае на животниот век на деловите на крајниот погон. Кога ги поставувате погонските тркала, осигурете дека димензијата на поместувањето (A) измерена од површината на вретеното (B) до средишната линија (C или D) е во рамките на спецификацијата.


Максимално поместување на тркалата—Технички податоци (спецификации)

Единично тркало—Растојание	114,3 mm (4-1/2 in.)
Двојни тркала—Растојание	50,8 mm (2 in.)



H65047 —UN—30OCT00

Единично тркало



H65048 —UN—30OCT00

Двојни тркала

A—Димензија
B—Површина на вретеното
C—Средишна линија на гумата
D—Средишна линија на двојни гуми

OUO6075,000130E -A8-09NOV12-1/1

Подготвување на двојните тркала за траснпортирање или работа

ВНИМАНИЕ: Не се обидувајте да работите со машината во поле без да ги отстраните надворешните двојни тркала. Може да дојде до штета со машината.

Движете ја машината само на кратки растојанија кога се остранети надворешни двојни тркала. Пред да ја движете машината намалете ја тежината на машината со отстранувањето на хедерот и испразнување на резервоарот за зрна.

Кога двојните тркала се подготвуваат за транспортирање, надворешните тркала може да се отстранат за да се намали ширина на транспортирањето.

Обртете се кон следните упатства секогаш кога предните тркала (надворешните и внатрешните) треба да се отстранат и да се инсталираат на машината со двојните тркала. Внатрешното тркало не може да се отстрани без најпрвин да се отстрани надворешното тркало.

Обрнете посебно внимание на изјавите “ВНИМАНИЕ” затоа што тие се наменети за Вашата безбедност, безбедноста на другите и безбедно работење на машината.

OUO6075,000082A -A8-15MAR07-1/1


Отстранете ги предните тркала—Двојни тркала

ВНИМАНИЕ: За да ја избегнете повреда или смрт, подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник. Некои склопови од вас побаруваат да работите под доставната комора.


Без вклучениот безбедносен граничник, доставната комора изненадно може да се спушти предизвикувајќи сериозни повреди или смрт.

1. Подигнете ја доставната комора и спуштете го безбедносниот граничник (A).
2. Внатрешни и надворешни тркала: Со предните гуми на теренот, олабавете ги винтовите на тркалото еден обрт но засега не ги отстранувајте.

A—Безбедносен граничник



TS696 —UN—21SEP89



H90891 —UN—26FEB08

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001115 -A8-13APR12-1/2

ВНИМАНИЕ: Дигалката МОРА да има најмал капацитет на подигнување од 5443 kg (6 тони). Резервоар за горива МОРА да биде празен, а приклучок на хедерот отстранет.

Блокирајте ги и двете страни на гумите за да спречите движење на машината.

3. Со дигалката, подигнете го предниот крај на машината (A).

ВНИМАНИЕ: За да спречите лични повреди предизвикани со неочекувано движење на машината, проверете дека машината е ставилна по блокирањето. Не ја потпирајте машината со блокови од згура, шупливи тули или со други материјали што можат да се здробат под константниот товар. Не работете на машина која е придржувана само од дигалка.


Проверете дека предната оска е блокирана пред да ги отстранете тркалата.

4. Положбата на сигурно блокриање под предната оска (B). Спуштете ја машината до блокирањето, проврерувајќи дека не се гледа или осетува пренос на тежината.


ВНИМАНИЕ: Склоповите на тркалата се тешки, незгодни за ракување и тешки за контролирање поради ектремно поместување на гуми и бандажи. Двајца луѓе се потребни за отстранување на тркалата.

5. Поддржувајќи го склипот на надворешните тркала, отстранете ги ремените на тркаклата, подлошките, граничниците и предните тркала. Оддалечете ги склоповите на трака од машината.

ЗАБЕЛЕШКА: Машината може да извршува транспортирање со внатрешните гуми во положбата. Исто така, надворешните тркала може да се вопн функција во машината оставјќи ги внатрешните тркалаво непречена работа.



TS229 —UN—23AUG88



H63871 —UN—09MAY00

A—Дигалка **B—Предна оска**

Следете ги истите чекори за отстранување на внатрешните тркала.

- Ослабавете ги ремените на тркалата за еден целосен вртеж.
- Поддржете го склопот на тркалата.
- Отстранете ги ременовите на тркалата, подлошките, граничниот прстен како и внатрешното тркало.

OUO6075,0001115 -A8-13APR12-2/2

Поставете ги предните тркала—Двојни тркала

ВНИМАНИЕ: Двојните тркала се тешки (приближно 550 kg (1213 lb.) без течен баласт) и тешки за ракување поради големото порамнување на гумата и бандажот. Кога ракувате со тркалата, небалансираната тежина може одеднаш да го направи тркалото незгодно за ракување и тешко за контролирање. За да избегнете лична повреда, потребни се двајца за контрола и ракување со тркалото.

ЗАБЕЛЕШКА: Ако поставувате двојни тркала, и надворешното и внатрешното тркало се позиционирани така што долниот дел на клиновите на гумата се насочени кон напред и кон надолу. Гумите МОРА да бидат поставени како што е наведено, во спротивно машината нема да може да се вози.


Се препорачува пилотска двоглава навртка HXE16110 за помош при насочување на тркалата во својата положба.

1. Поставете ги пилотските двоглави навртки во горните и долните отвори на главината на погонот (A). Навоите на двоглавата навртка мора целосно да влезат во отворот така што внатрешниот крај е порамнет со внатрешниот дел од главината.


ВАЖНО: Поради изжлебениот дизајн на граничниот прстен, винтовите на внатрешните тркалото можат да се проверуваат и да бидат затегнати кога е отстрането надворешното тркало.

Внатрешното тркало е поставено преку главината на погонот (бандажот е вдлабнат), што ја поставува гумата во близина на машината.

2. Поставете го внатрешното тркало на двоглавите навртки така што долниот крај на клиновите на гумата се кон напред и кон надолу.
3. Поставете го тркалото со граничниот прстен (B) и прицврстете го со подлошките (C) и винтовите на тркалото (D). Главите на винтовите на тркалото се вклопуваат во поголеми отвори без навој.
4. Отстранете ги пилотските двоглави навртки и заменете ги со подлошки и винтови за тркало.
5. Затегнете ги винтовите на тркалото според спецификацијата со користење на вкрстена насока за рамномерно и цврсто да го затегнете тркалото со главината.



H96886 —UN—14JUN10



H96863 —UN—10JUN10

Редослед на затегнување

A—Главина на погонот
B—Граничен прстен
C—Подлошки (10 употребени)
D—Винтови на тркало (10 употребени)

Технички податоци (спецификации)

Винтови на тркало—Вртлив момент (подмачкано)	710 N·m (524 lb.-ft.)

6. Повторете ги чекорите на спротивната страна од машината.

Продолжува на следната страница

ВАЖНО: Поради изжлебениот дизајн на граничниот прстен, винтовите на внатрешните тркалото можат да се проверуваат и да бидат затегнати кога е отстрането надворешното тркало.


ЗАБЕЛЕШКА: Надворешните тркала имаат отвор за синџир (E) на бандажите.

7. Поставување на надворешно тркало: Поставете ги пилотските двоглави навртки (A) во горните и долните нажлебени отвори на граничниот прстен. Навоите на двоглавата навртка мора да се порамнат со отворот.
8. Поставете го надворешното тркало на двоглавите навртки така што долниот крај на клиновите на гумата се кон напред и кон надолу.
9. Поставете го тркалото со граничниците (B) и прицврстете го со подлошките (C) и винтовите на тркалото (D).
10. Отстранете ги пилотските двоглави навртки и заменете ги со граничниците, подлошките и винтовите за тркало.
11. Затегнете ги винтовите на тркалото според спецификацијата со користење на вкрстена насока за рамномерно и цврсто да го затегнете тркалото со главината.


Технички податоци (спецификации)

Винтови на тркало—Вртлив момент (подмачкано).....710 N·m (524 lb.-ft.)

12. Повторете ги чекорите на спротивната страна од машината и пониско до земјата.
13. Проверете го притисокот во гумата и напумпајте ако е потребно. Погледнете во Нега и сервисирање на гумите во ова поглавје за притисок на напумпаност на гумата.



H96887 —UN—17JUN10



H96863 —UN—10JUN10

Редослед на затегнување

A—Пилотски двоглави навртки
B—Граничници
C—Подлошки (10 употребени)
D—Винтови на тркало (10 употребени)
E—Отвор за синџир


OUO6075,00015D2 -A8-07AUG13-2/2

Двојни тркала со широко растојание за единично прикачување (изборно)

Централниот прстен за прикачување (A) дозволува секое тркало одвоено да се прикачи на машината.

Прстените за прикачување Ви дозволуваат да инсталирате или отстраните Вашите надворешни тркала без да ги отстранувате внатрешните погоски тркала. Тоа ја олеснува подготовката на машината за товар или истовар од приколка или кога е потребна потесна ширина на транспортот.

A—Прстен за прикачување



H48058 —UN—19AUG96

OUO6075,000082D -A8-15MAR07-1/1

Вртлив момент на винтот на задното тркало

Секој пат задното тркало се вади и затегнете ги винтовите на тркалото според спецификацијата. По еден работен час, затегнете ги винтовите на тркалата уште еднаш според спецификацијата и потоа на секои 100 работни часови.

Технички податоци (спецификации)

M16 винтови на тркало (нормална употреба, погонот на две тркала)—Вртлив момент (суво)	315 N·m (230 lb.-ft.)
M22 винтови на тркало (екстремно тешки услови на работа, погонот на две тркала)—Вртлив момент (подмачкано)	710 N·m (524 lb.-ft.)
M22 винтови на тркало (погонот на четири тркала)—Вртлив момент (подмачкано)	710 N·m (524 lb.-ft.)



H96809 —UN—09JUN10

ЗАБЕЛЕШКА: Задните гуми монтирајте ги со поместување “внатре” и со вентилите на надвор.

Правилната секвенца на вртливиот момент видете ја на ознаката на гумата.

OUO6075,0001084 -A8-28FEB12-1/1

Употреба на течен тег

ВНИМАНИЕ: За поставување на течен тег (баласт) треба да се има специјална опрема и обука.

ВАЖНО: Покријте го бандажот целосно со раствор за да не кородира, но НИКОГАШ не полнете ја гумата повеќе од 90 проценти. Премногу раствор нема да остави доволно воздух за амортизирање на шоковите. Може да се појави оштетување на гумите.

Раствор од вода и калциум хлорид овозможува безбеден и економичен баласт. Ако исправно се користат, нема да ги оштети гумите, внатрешните гуми или бандажите.

Користете калциум хлорид за да спречете замрзнување на водата. Мешавината од 1.6 kg (3-1/2 lb) калциум хлорид по 3.8 L (1 gal) нема да ја замрзне наведеното средство -45°C (-50°F).

ЗАБЕЛЕШКА: Не се препорачува користење на алкохол како течен баласт. Растворите на калциум хлорид се потешки и поекономични.



H96809—UN—09JUN10

Полнете тубелес гумите најмалку на нивото на вентилот (најмалку 75 проценти полни). Послаб раствор ќе ги изложи деловите на бандажите, што може да доведе до корозија. Внатрешните гуми можат да бидат наполнети до кој било степен под 90 проценти.

OUO6075,00007D0 -A8-10JUN10-1/1

Барања во врска со баластот (S660)

ЗАБЕЛЕШКА: Гумите на кои им е потребна течност треба да се наполнети до 75%.

	Нормално (падини од 15% или помалку)				Екстремно брдски терен (падини пострмни од 15%)			
	Погон на четири тркала: Не		Погон на четири тркала: Да		Погон на четири тркала: Не		Погон на четири тркала: Да	
	Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност	
Хедер	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**
606C	0	0	0	0	0	0	0	0
606C-SM	0	0	0	0	0	0	0	0
608C	0	0	0	0	0	0	0	0
608C-SM	0	0	0	0	NR	1, 2, 3, 4, 5, 6	5, 6	1, 2, 3, 4
612C	0	0	0	0	NR	4, 5, 6	NR	4, 5, 6
615 BPU	0	0	0	0	0	0	0	0
618R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
620R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
622R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
625R & F	0	0	0	0	5, 6	1, 2, 3, 4	4, 5, 6	1, 2, 3
630R & F	0	0	0	0	NR	1, 2, 3, 4, 5, 6	NR	1, 2, 3, 4, 5, 6
635F	0	0	0	0	NR	4, 5, 6	NR	4, 5, 6
625D	0	0	0	0	NR	4, 5, 6	NR	4, 5, 6
630D	0	0	0	0	NR	6	NR	6
635D	5, 6	1, 2, 3, 4	2, 4, 5, 6	1, 3	NR	NR	NR	NR
640D	NR	1, 2, 3, 4, 5, 6	NR	1, 2, 3, 4, 5, 6	NR	NR	NR	NR
630FD	0	0	0	0	NR	6	NR	6
635FD	2, 4, 5, 6	1, 3	0	0	NR	NR	NR	NR
640FD	NR	1, 2, 3, 4, 5, 6	NR	1, 2, 3, 4, 5, 6	NR	NR	NR	NR

BPU = Појасна пикап платформа
R = Ригидна платформа
F = Флексибилна платформа
D = Платформа на транспортната лента
FD = Флексибилна платформа на транспортната лента
C = Хедер за пченка
C-SM = Хедер за пченка со StalkMaster™

0 = Не е потребен баласт за ниту една опција на задни гуми.
1 = 500/85R24 IMP 177A8 SVT задни гуми.
2 = 500/80R28 IMP 176A8 SFT задни гуми.
3 = VF520/80R26 165A8 TL CEREXBIB задни гуми.
4 = 620/75R26 166A8 TL MEGAXBIB задни гуми.
5 = VF620/70R26 170A8 TL CEREXBIB задни гуми.
6 = 750/65R26 166A8 TL MEGAXBIB задни гуми.
NR = Не се препорачува затоа што машината со хедер не може да биде правилно баластирана.

StalkMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001547 -A8-29JUL13-1/1

Барања во врска со баластот (S670)

ЗАБЕЛЕШКА: Гумите на кои им е потребна течност треба да се наполнети до 75%.

	Нормално (падини од 15% или помалку)				Екстремно брдски терен (падини пострмни од 15%)			
	Погон на четири тркала: Не		Погон на четири тркала: Да		Погон на четири тркала: Не		Погон на четири тркала: Да	
	Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност	
Хедер	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**
606C	0	0	0	0	0	0	0	0
606C-SM	0	0	0	0	0	0	0	0
608C	0	0	0	0	0	0	0	0
608C-SM	0	0	0	0	4, 5, 6	1, 2, 3	2, 4, 5, 6	1, 3
612C	0	0	0	0	NR	4, 5, 6	NR	4, 5, 6
612C-SM	0	0	0	0	NR	6	NR	4, 5, 6
615 BPU	0	0	0	0	0	0	0	0
618R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
620R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
622R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
625R & F	0	0	0	0	4, 5, 6	1, 2, 3	0	0
630R & F	0	0	0	0	NR	1, 2, 3, 4, 5, 6	NR	1, 2, 3, 4, 5, 6
635F	0	0	0	0	NR	4, 5, 6	NR	4, 5, 6
625D	0	0	0	0	NR	4, 5, 6	NR	2, 3, 4, 5, 6
630D	0	0	0	0	NR	6	NR	6
635D	2, 4, 5, 6	1, 3	0	0	NR	NR	NR	NR
640D	NR	1, 2, 3, 4, 5, 6	4, 5, 6	1, 2, 3	NR	NR	NR	NR
630FD	0	0	0	0	NR	5, 6	NR	4, 5, 6
635FD	0	0	0	0	NR	NR	NR	NR
640FD	5, 6	1, 2, 3, 4	4, 5, 6	1, 2, 3	NR	NR	NR	NR

BPU = Појасна пикап платформа
R = Ригидна платформа
F = Флексибилна платформа
D = Платформа на транспортната лента
FD = Флексибилна платформа на транспортната лента
C = Хедер за пченка
C-SM = Хедер за пченка со StalkMaster™

0 = Не е потребен баласт за ниту една опција на задни гуми.
1 = 500/85R24 IMP 177A8 SVT задни гуми.
2 = 500/80R28 IMP 176A8 SFT задни гуми.
3 = VF520/80R26 165A8 TL CEREXBIB задни гуми.
4 = 620/75R26 166A8 TL MEGAXBIB задни гуми.
5 = VF620/70R26 170A8 TL CEREXBIB задни гуми.
6 = 750/65R26 166A8 TL MEGAXBIB задни гуми.
NR = Не се препорачува затоа што машината со хедер не може да биде правилно баластирана.

StalkMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001548 -A8-29JUL13-1/1

Барања во врска со баластот (S670 HillMaster™)

ЗАБЕЛЕШКА: Гумите на кои им е потребна течност треба да се наполнети до 75%.

	Нормално (падини од 15% или помалку)				Екстремно брдски терен (падини пострмни од 15%)			
	Погон на четири тркала: Не		Погон на четири тркала: Да		Погон на четири тркала: Не		Погон на четири тркала: Да	
	Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност	
Хедер	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**
606C	0	0	0	0	0	0	0	0
606C-SM	0	0	0	0	0	0	0	0
608C	0	0	0	0	NR	1, 2	0	0
608C-SM	0	0	0	0	NR	1, 2	NR	1, 2
615 BPU	0	0	0	0	0	0	0	0
618R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
620R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
622R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
625R & F	0	0	0	0	NR	1, 2	NR	1, 2
630R & F	0	0	0	0	NR	2	NR	1, 2
625D	0	0	0	0	NR	NR	NR	NR
630D	0	1, 2	0	0	NR	NR	NR	NR
630FD	0	0	0	0	NR	NR	NR	NR

BPU = Појасна пикап платформа
R = Ригидна платформа
F = Флексибилна платформа
D = Платформа на транспортната лента
FD = Флексибилна платформа на транспортната лента
C = Хедер за пченка
C-SM = Хедер за пченка со StalkMaster™

0 = Не е потребен баласт за ниту една опција на задни гуми.
1 = 500/85R24 IMP 177A8 SVT задни гуми.
2 = VF520/80R26 165A8 TL CEREXBIB задни гуми.
NR = Не се препорачува затоа што машината со хедер не може да биде правилно баластирана.

StalkMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001549 -A8-29JUL13-1/1

Барања во врска со баластот (S680, S685 и S690)

ЗАБЕЛЕШКА: Гумите на кои им е потребна течност треба да се наполнети до 75%.

	Нормално (падини од 15% или помалку)				Екстремно брдски терен (падини пострмни од 15%)			
	Погон на четири тркала: Не		Погон на четири тркала: Да		Погон на четири тркала: Не		Погон на четири тркала: Да	
	Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност	
Хедер	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**
606C	0	0	0	0	0	0	0	0
606C-SM	0	0	0	0	0	0	0	0
608C	0	0	0	0	0	0	0	0
608C-SM	0	0	0	0	3, 4	1, 2	0	0
612C	0	0	0	0	NR	3, 4	NR	3, 4
612C-SM	0	0	0	0	NR	4	NR	4
615 BPU	0	0	0	0	0	0	0	0
618R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
620R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
622R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
625R & F	0	0	0	0	3, 4	1, 2	0	0
630R & F	0	0	0	0	NR	1, 2, 3, 4	NR	1, 2, 3, 4
635F	0	0	0	0	NR	3, 4	NR	3, 4
625D	0	0	0	0	NR	3, 4	NR	3, 4
630D	0	0	0	0	NR	4	NR	4
635D	0	0	0	0	NR	NR	NR	NR
640D	0	0	0	0	NR	NR	NR	NR
630FD	0	0	0	0	NR	4	NR	3, 4
635FD	0	0	0	0	NR	NR	NR	4
640FD	0	0	0	0	NR	NR	NR	NR

BPU = Појасна пикап платформа R = Ригидна платформа F = Флексибилна платформа D = Платформа на транспортната лента FD = Флексибилна платформа на транспортната лента C = Хедер за пченка C-SM = Хедер за пченка со StalkMaster™	0 = Не е потребен баласт за ниту една опција на задни гуми. 1 = 500/85R24 IMP 177A8 SVT задни гуми. 2 = 500/80R28 IMP 176A8 SFT задни гуми. 3 = VF620/70R26 170A8 TL CEREXBIB задни гуми. 4 = 750/65R26 166A8 TL MEGAXBIB задни гуми. NR = Не се препорачува затоа што машината со хедер не може да биде правилно баластирана.

StalkMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,000154A -A8-29JUL13-1/1

Барања во врска со баластот (S680 HillMaster™, S685 HillMaster™ и S690 HillMaster™)

ЗАБЕЛЕШКА: Гумите на кои им е потребна течност треба да се наполнети до 75%.

	Нормално (падини од 15% или помалку)				Екстремно брдски терен (падини пострмни од 15%)			
	Погон на четири тркала: Не		Погон на четири тркала: Да		Погон на четири тркала: Не		Погон на четири тркала: Да	
	Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност		Потребна е течност	
Хедер	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**	**Не**	**Да**
606C	0	0	0	0	0	0	0	0
606C-SM	0	0	0	0	0	0	0	0
608C	0	0	0	0	0	0	0	0
608C-SM	0	0	0	0	NR	1	0	0
615 BPU	0	0	0	0	0	0	0	0
618R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
620R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
622R & F	0	0	0	0	0	0	0	0
625R & F	0	0	0	0	NR	1	0	0
630R & F	0	0	0	0	NR	1	NR	1
625D	0	0	0	0	NR	NR	NR	1
630D	0	0	0	0	NR	NR	NR	NR
630FD	0	0	0	0	NR	NR	NR	NR

BPU = Појасна пикап платформа
R = Ригидна платформа
F = Флексибилна платформа
D = Платформа на транспортната лента
FD = Флексибилна платформа на транспортната лента
C = Хедер за пченка
C-SM = Хедер за пченка со StalkMaster™

0 = Не е потребен баласт за ниту една опција на задни гуми.
1 = 500/85R24 IMP 177A8 SVT задни гуми.
NR = Не се препорачува затоа што машината со хедер не може да биде правилно баластирана.

StalkMaster е регистриран заштитен знак на Deere & Company


OUO6075,000154B -A8-29JUL13-1/1

Налепница за положби на џеб за дигалка

ВНИМАНИЕ: Секогаш испразнете го резервоарот за зрна пред да ја подигнувате машината.

Блокирајте ги и двете страни на гумите за да спречите движење на машината.

Налепницата за положби на џебот за дигалка (A) се наоѓа на скалата на кабината. Налепницата ги прикажува точните положби за подигнување на машината со користење на соодветни дигалки.



H106687 —UN—24JAN13

A—Налепница за положби на џеб за дигалка

OUO6075,0001392 -A8-24JAN13-1/1

Разработување на моторот

S660, S670, S680 и S690 (Tier 2/Stage II)

Новите мотори се наполнети во фабриката со моторно масло John Deere Break-In Plus™. За време на периодот на разработување, додајте моторно масло John Deere Break-In Plus™ по потреба, за да се одржи наведеното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

Ако моторното масло Break-In™ се користи при почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот по најмногу 100 часови.

Ако моторното масло John Deere Break-In Plus™ се користи, променете го маслото и филтерот најмалку за 100 работни часови, а најмногу за периодот наведен за маслата John Deere Plus-50™ II или Plus-50™ (за повеќе информации погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Горива и подмачкувачи).

ВАЖНО: НЕ додавајте масло за надоместување, сè додека нивото на маслото не е под ознаката 'ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење. Маслото John Deere Break-In Plus™ треба да се користи за надоместување на кое било масло истрошено за време на овој период.


НЕ употребувајте моторно масло Plus-50™ или Plus-50™ II за време на периодот на разработување на нов мотор или на мотор на кој е извршен главен ремонт. Овие масла нема да дозволат нов или ремонтиран мотор правилно да се разработи за време на овој период на разработување.

За време на периодот на разработување почесто проверувајте го нивото на моторното масло. Ако за време на овој период мора да се додаде масло, се препорачува масло John Deere Break-In Plus™.

ВАЖНО: НЕ наполнувајте над ознаката FULL (ПОЛНО). Нивото на масло во рамките на штрафираното подрачје се смета за прифатлив работен опсег.


ЗАБЕЛЕШКА: Одредено зголемување на потрошувачката на масло може да се очекува кога се користат масла со низок вискозитет. Почесто проверувајте ги нивоата на масло.

Избегнувајте продолжени период на работење на моторот во празен од или продолжена работа под максимално оптоварување. Ако моторот работи во празен од повеќе од 5 минути, исклучете го моторот.




H95375 —UN—16FEB10

S660 и S670



H95419 —UN—19FEB10

S680 и S690



H86717 —UN—19OCT06

А—Шипка за мерење

После периодот на разработување, променете го моторното масло и заменете го филтерот на моторното масло. Наполнете го картерот со John Deere Plus-50™ II, John Deere Plus-50™ или масло со сезонски степен на вискозност (за препораки за масло, погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Горива и подмачкувачи).

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека шипката за мерење е завртена или притисната целосно во куќиштето пред да ја отстранувате за да го проверите нивото на масло.

Продолжува на следната страница

Отстранете ја шипката за мерење (A) и дневно проверувајте го нивото на масло. Нивото на маслото треба да биде помеѓу ознаката "ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) и врвот на штрафираното подрачје на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката ”ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ), додајте масло по потреба (за препораки за масло, погледнете во поглавјето Горива и подмачкувачи).

Внимавајте од истекувања. Не работете со моторот кога нивото на масло е под ознаката ”ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење.

Break-In Plus е регистриран заштитен знак на Deere & Company
Break-In е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere & Company

Продолжува на следната страница

S660, S670, S680, S685 и S690 (Interim Tier 4/Stage III B)

Новите мотори се наполнети во фабриката со моторно масло John Deere Break-In Plus™. За време на периодот на разработување, додајте моторно масло Break-In Plus™ по потреба, за да се одржи наведеното ниво на масло.

Работете со моторот во разновидни услови, особено под тешки оптоварувања со минимален празен од, за да остварите соодветно разработување на деловите на моторот.

За време на почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот најмалку за 100 работни часови и најмногу за интервалот наведен за маслото John Deere Plus-50™ (за понатамошни информации, погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Горива и подмачкувачи).

Ако едно од овие масла се користи за почетното работење на нов или ремонтиран мотор, променете го маслото и филтерот најмалку за 100 часови, а најмногу за 400 часови.

ВАЖНО: НЕ додавајте масло за надоместување, сè додека нивото на маслото не е под ознаката ’ADD“ (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење. Маслото John Deere Break-In Plus™ треба да се користи за надоместување на кое било масло истрошено за време на овој период.

НЕ употребувајте моторно масло Plus-50™ или Plus-50™ II за време на периодот на разработување на нов мотор или на мотор на кој е извршен главен ремонт. Овие масла нема да дозволат нов или ремонтиран мотор правилно да се разработи за време на овој период на разработување.


За време на периодот на разработување почесто проверувајте го нивото на моторното масло. Ако за време на овој период мора да се додаде масло, се препорачува масло John Deere Break-In Plus™.

ВАЖНО: НЕ наполнувајте над ознаката FULL (ПОЛНО). Нивото на масло во рамките на штрафираното подрачје се смета за прифатлив работен опсег.

ЗАБЕЛЕШКА: Одредено зголемување на потрошувачката на масло може да се очекува кога се користат масла со низок вискозитет. Почесто проверувајте ги нивоата на масло.


Избегнувајте продолжени период на работење на моторот во празен од или продолжена работа под максимално оптоварување. Ако моторот работи во празен од повеќе од 5 минути, исклучете го моторот.

После периодот на разработување, променете го моторното масло и заменете го филтерот на моторното масло. Наполнете го картерот со John Deere Plus-50™ II или друго масло за дизел мотор (за препораки за масло, погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Горива и подмачкувачи).




H95306 —UN—11FEB10

S660 и S670



H95396 —UN—17FEB10

S680, S685 и S690



H86717 —UN—19OCT06

A—Шипка за мерење

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека шипката за мерење е целосно завртена во куќиштето пред да ја отстранувате за да го проверите нивото на масло.

Отстранете ја шипката за мерење (A) и дневно проверувајте го нивото на масло. Нивото на маслото треба да биде помеѓу ознаката "ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) и врвот на штрафираното подрачје на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката ”ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ), додајте масло по потреба (за препораки за масло, погледнете во поглавјето Горива и подмачкувачи).

Продолжува на следната страница

Внимавајте од истекувања. Не работете со моторот кога нивото на масло е под ознаката ”ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење.

Break-In Plus е регистриран заштитен знак на Deere & Company
PLUS-50 е регистриран заштитен знак на Deere & Company

OUO6075,0001553 -A8-09JUL13-4/6

Сите машини

Ако воздушната температура е под -10 °C (14 °F), употребете грејач за блокот на моторот.

Индикаторот за температура треба да биде во зелената зона (A) за време на нормалното работење.

ВАЖНО: Спречете можно оштетување на моторот. Не ИСКЛУЧУВАЈТЕ го моторот ако предупредувачкото светло за температурата е ВКЛУЧЕНО или ако лентите се во црвената зона. ИСКЛУЧУВАЊЕТО на моторот предизвикува температурата на разладното средство уште повеќе да се зголеми, што предизвикува оштетување на машината. Намалете го оптоварувањето и нека моторот работи на пониска брзина за да се намали температурата на разладното средство. Ако температурата не се намали брзо, исклучете го моторот и одредете ја причината пред да продолжите со работењето.

Внимателно набљудувајте го мерачот на температурата. Ако мерачот се движи во црвената зона, намалете го оптоварувањето на моторот и одредете ја причината пред да продолжите со работењето.



H105918 —UN—05OCT12

A—Зелена зона (нормално работење)


OUO6075,0001553 -A8-09JUL13-5/6

Проверувајте го нивото на разладното средство периодично и внимавајте од знаци на истекување. Отстранете го капакот на напливниот резервоар (A), додадете разладно средство во напливниот резервоар и наполнете до линијата ”Max Cold” (макс. ладно) (B).

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите ”Max Cold” (макс. ладно) и ”Min Cold” (мин. ладно). Ако разладното средство е под линијата ”Min Cold” (мин. ладно), додајте разладно средство по потреба.

A—Капак на напливниот резервоар

B—Линија Max Cold (макс. ладно)



H105922 —UN—05OCT12

OUO6075,0001553 -A8-09JUL13-6/6

Нагодување на ременските погони - првите 50 работни часови

⚠ ВНИМАНИЕ: Никогаш не ги проверувајте или нагодувајте ременските погони во текот на работата на моторот. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Проверете ги сите нагодувања на затезната навртка на пружина по првите 50 работни часови. Повеќето оптегнувања на ременот се случуваат во првите работни часови.

По првите нагодувања, проверете го нагодувањето на ременот по потреба. Подлошката на загегнубвачот на пружината треба да е во положбата мешу крајот на мерачот и дното на скалата.

OUO6075,000056C -A8-14JAN10-1/1

Проверки при стартување на моторот во првите 100 работни частови

Работете со машината 10 часови дневно (погледајте го поглавјето Подмачкување и одржување).


Следете го приказот CommandCenter за дијагностичките кодови за грешка во температура на моторот и притисок на моторното масло. Ако кодовите се појават во текот на калибрирање на машината, видете во поглавјето Дијагностички кодови на грешки., за понатамошни информации.

Проверете го нивото на моторно масло (ако е потребно, додадете John Deere Break-In Oil) и нивото на разладното средство почесто и проверувајте ги знаковите на истекување.


Проверете цревата на системот за влез на воздух и спојките на системот за влез на воздух се стегнати.

OUO6075,000056D -A8-14JAN10-1/1

Сервисирање во периодот на разработување после 100 работни часови (Tier 2/Stage II)



H81205 —UN—15JUN04



H95377 —UN—16FEB10


S660 и S670

Испуштете го картерот за масло преку отворање на одводот (A) и затворете го одводот откако маслото ќе биде испуштено.

Отстранете и задржете го капакот и соодветно фрлете го филтерот за масло (B).

Поставете го филтерот за масло и затегнете го со капакот.

Наполнете го картерот со соодветно количество моторно масло (за спецификации за маслото, погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Гориво и подмачкувачи).




H95420 —UN—09MAR10

S680 и S690


A—Одвод **B—Филтер за маслото**

OUO6075,0001554 -A8-09JUL13-1/1

Сервисирање во периодот на разработување после 400 работни часови (Final Tier 4/Stage IV)




H81205 —UN—15JUN04



H95310 —UN—11FEB10

S660 и S670



H95397 —UN—17FEB10

S680, S685 и S690

Испуштете го картерот за масло преку отворање на одводот (A) и затворете го одводот откако маслото ќе биде испуштено.

Отстранете и задржете го капакот и соодветно фрлете го филтерот за масло (B).


Поставете го филтерот за масло и затегнете го со капакот.

Наполнете го картерот со соодветно количество моторно масло (за спецификации за маслото, погледнете во Масло за дизел мотор во поглавјето Гориво и подмачкувачи).

A—Одвод **B—Филтер за маслото**


OUO6075,0001555 -A8-19JUN13-1/1

Ниво на масло во моторот




H95375 —UN—16FEB10

S660 и S670 (Tier 2/Stage II)




H95419 —UN—19FEB10

S680 и S690 (Tier 2/Stage II)



H95306 —UN—11FEB10

S660 и S670 (Interim Tier 4/Stage III B)



H95396 —UN—17FEB10


S680, S685 и S690 (Interim Tier 4/Stage III B)

ВАЖНО: Од суштинско значење е да го одржувате пропишаното ниво на моторно масло за да обезбедите долг сервисен век. Проверете го нивото на моторното масло кога машината е паркирана на рамна површина.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека шипката за мерење е завртена или притисната целосно во куќиштето пред да ја отстранувате за да го проверите нивото на масло.

Дневно проверувајте го нивото на масло во моторот со шипката за мерење (A). Не работете со моторот кога нивото на масло е под ознаката ”ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење.

Извадете ја шипката за мерење и проверете го нивото на маслото. Нивото на маслото треба да биде помеѓу ознаката "ADD" (ДА СЕ ДОДАДЕ) и врвот на штрафираното подрачје на шипката за мерење. Ако нивото на масло е под ознаката ”ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ), додајте масло по потреба (за препораки за масло, погледнете во поглавјето Гориво и подмачкувачи).




H86717 —UN—19OCT06

A—Шипка за мерење

Внимавајте од истекувања. Не работете со моторот кога нивото на масло е под ознаката ’ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ).


OUO6075,0001556 -A8-09JUL13-1/1

Ниво на хидростатичкото/хидрауличното масло



H97523 —UN—04AUG10

S660 и S670




H106938 —UN—14FEB13

S680, S685 и S690

Проверете го нивото на хидростатичкото/хидрауличното масло додека хедерот е на земјата и сите цилиндри се вовлечени. Нивото на маслото треба да биде до врвот на окното за проверка (A) со целосно спуштена доставна комора. Додајте масло по потреба, но не пренаполнувајте.

ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот пред да го проверувате хидрауличното масло во запчестиот преносник. Маслото не смее да биде под ознаката ”ADD” (ДА СЕ ДОДАДЕ) на шипката за мерење (B).

A—Окно за проверка **B—Шипка за мерење**



H106937 —UN—14FEB13

Ниво на хидрауличното масло (запчест преносник на моторот)

OUO6075,0001557 -A8-19JUN13-1/1


Ниво на разладното средство

ВАЖНО: На напливниот резервоар се користи специјален капак. Ако капакот е оштетен или недостига, мора да биде заменет со еквивалентен капак.

Дозволете моторот да се олади. Разладното средство во напливниот резервоар треба да биде на линијата ”Max Cold” (макс. ладно) (A).

ЗАБЕЛЕШКА: Нивото на разладното средство мора да биде помеѓу линиите ”Max Cold” (макс. ладно) и ”Min Cold” (мин. ладно). Ако разладното средство е под линијата ”Min Cold” (мин. ладно), додајте разладно средство по потреба.

A—Линија Max Cold (макс. ладно)



H105923 —UN—05OCT12

OUO6075,000128C -A8-17OCT12-1/1


Систем за гориво

ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да извршувате работи за одржување на филтрите за гориво.

ЗАБЕЛЕШКА: Осигурете дека садот на предчистачот е целосно поставен за да се спречи навлегување на воздух во системот за гориво.

Затворете го вентилот за прекин на гориво сместен на резервоарот за гориво.

Отстранете го садот на предчистачот (A) и исчистете ја преградата ако е користено нечисто гориво.



H98377 —UN—30SEP10

Сад на предчистачот на горивото (сите машини)

A—Сад на предчистачот


OUO6075,0001558 -A8-09JUL13-1/4

S660 и S670 (Tier 2/Stage II)

Отворете го одводот (A) за да проверите дали системот за гориво има вода во главниот елемент (B) (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).

Отворете го одводот (C) за да проверите дали системот за гориво има вода во второстепениот елемент (D) (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).

Ако проблемот сè уште постои, променете ги филтрите за гориво (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).



H104937 —UN—28FEB12


A—Одвод
B—Главен филтер за гориво
C—Одвод
D—Второстепен филтер за гориво

OUO6075,0001558 -A8-09JUL13-2/4

S680 и S690 (Tier 2/Stage II)

Отворете го одводот (A) за да проверите дали системот за гориво има вода во главниот елемент (B) (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).

Ако проблемот сè уште постои, променете ги филтрите за гориво (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).



H104938 —UN—28FEB12

A—Одвод
B—Главен филтер за гориво

Продолжува на следната страница


OUO6075,0001558 -A8-09JUL13-3/4

S660, S670, S680, S685 и S690 (Interim Tier 4/Stage III B)

Отворете го одводот (A) за да проверите дали системот за гориво има вода во главниот елемент (B) (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).


Ако се користи нечисто гориво, заменете го филтерот (погледнете во поглавјето Сервисирање на моторот).

A—Одвод **B—Главен филтер за гориво**



H104939 —UN—28FEB12

S660 и S670



H104940 —UN—28FEB12


S680, S685 и S690

OUO6075,0001558 -A8-09JUL13-4/4

Одушник на резервоарот за гориво

Визуелно проверувајте го еднаш неделно одушникот на резервоарот за гориво (A). Не дозволувајте зголемени количини плева или остатоци да се собираат во одушникот. Ако одушникот е покриен со отпадоци, тоа не дозволува резервоарот за гориво да оддишува. Извадете го одушникот на резервоарот за гориво од цревото и исчистете го.

A—Одушник на резервоарот за гориво



H106003 —UN—23OCT12

OUO6075,00012CA -A8-27JUN13-1/1

Положби на лопатката за воздух на моторот

ЗАБЕЛЕШКА: Лопатката за воздух на моторот е испорачана од фабриката во положба за транспорт. Пред да работите на терен, лопатката за воздух на моторот мора да биде поместена во избраната положба за теренска работа.

Повлечете го клинот за блокирање (A) и завртете ја лопатката за воздух на моторот во посакуваната положба.

Положба за транспорт:

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за транспорт кога за тоа важат локалните сообраќајни прописи. Почитувајте ги локалните прописи кои важат во вашата држава.

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е поместена во положба за транспорт (1) кога машината мора да биде транспортирана.

За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за транспорт) во ова поглавје.

Положба за стандардна теренска работа:


ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за стандардна теренска работа кога се врши жнеење за да се спречи прегревање на моторот.

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е во положба за стандардна теренска работа (2) кога работите во нормални теренски услови.

За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за стандардна теренска работа) во ова поглавје.

Положба за продолжена теренска работа:

ВАЖНО: За да се спречи прегревање на моторот, лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за продолжена теренска работа кога се врши жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.



H106789 —UN—05FEB13


A—Клин за блокирање
1— Положба за транспорт
2— Положба за стандардна теренска работа
3— Положба за продолжена теренска работа

Осигурете дека лопатката за воздух на моторот е во положба за продолжена теренска работа (3) за зголемен капацитет на ладење кога вршите жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.


За понатамошни информации, погледнете во Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за продолжена теренска работа) во ова поглавје.

OUO6075,00013BB -A8-05FEB13-1/1

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за транспорт)



H106623 —UN—28JAN13



H106729 —UN—29JAN13

Положба за стандардна теренска работа

A—Клин за блокирање
B—Отвор
C—Завртки со глава и сигурносни навртки
D—Плоча
E—Завртки со глава и сигурносни навртки
F—Носач

ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за транспорт кога за тоа важат локалните сообраќајни прописи. Почитувајте ги локалните прописи кои важат во вашата држава.


ЗАБЕЛЕШКА: Лопатката за воздух на моторот е испорачана од фабриката во положба за транспорт. Пред да работите на терен, лопатката за воздух на моторот мора да биде поместена во избраната положба за теренска работа.

1. Повлечете го клинот за заклучување (A) и поместете ја лопатката за воздух кон внатре додека клинот не се порамни со отворот (B).
2. Отстранете и задржете ги завртките со глава и сигурносните навртки (C) и панелот (D) од лопатката за воздух.
3. Извадете ги и задржете ги завртките со глава и сигурносните навртки (E) и носачот (F).

Продолжува на следната страница

4. Поставете го претходно отстранетиот носач (A) и затегнете со користење на претходно отстранетите навртки (B) како што е прикажано.

A—Носач **B—Навртки**



H106692 —UN—30JAN13


Положба за транспорт

OUO6075,00013B8 -A8-11FEB13-2/3


ЗАБЕЛЕШКА: За ова поставување потребни се само една завртка со глава и една навртка. Задржете ја останатата завртка со глава и навртката за подоцнежна употреба.

5. Поместете ја лопатката за воздух кон внатре и поставете ја завртката со глава низ отворот на носачот (A) и затегнете со користење на претходно отстранетата сигурносна навртка (B).
6. Поставете ја претходно отстранетата плоча (C) и затегнете со претходно отстранетите завртки со глава и сигурносни навртки (D).

A—Отвор на носачот **C—Плоча**
B—Сигурносна навртка **D—Завртки со глава и сигурносни навртки**




H106693 —UN—30JAN13




H106696 —UN—30JAN13

OUO6075,00013B8 -A8-11FEB13-3/3

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за стандардна теренска работа)



H106614 —UN—23JAN13



H106615 —UN—30JAN13

Положба за транспорт

A—Клин за блокирање
B—Отвор
C—Завртки со глава и сигурносни навртки
D—Плоча
E—Сигурносни навртки
F—Носач


ВАЖНО: Лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за стандардна теренска работа кога се врши жнеење за да се спречи прегревање на моторот.

1. Повлечете го клинот за блокирање (A) и поместете ја лопатката за воздух кон надвор додека клинот не се порамни со отворот (B).
2. Отстранете и задржете ги завртките со глава и сигурносните навртки (C) и панелот (D) од лопатката за воздух.
3. Отстранете ги сигурносните навртки (E) и носачот (F).
4. Поставете ги претходно отстранетите навртки назад во завртките со глава.

OUO6075,00013B9 -A8-11FEB13-1/3

5. Поставете го носачот (A) и завртките со глава (B) низ отворите, како што е прикажано.

A—Носач
B—Завртки со глава




H106616 —UN—29JAN13


Положба за стандардна теренска работа

Продолжува на следната страница

OUO6075,00013B9 -A8-11FEB13-2/3



H106617 —UN—29JAN13



H106618 —UN—29JAN13

A—Отвори на носачот

B—Сигурносни навртки


C—Плоча

D—Машински делови


6. Поместете ја лопатката за воздух кон надвор и поставете ги завртките со глава низ отворите на носачот (A) и затегнете со користење на претходно отстранетите сигурносни навртки (B).
7. Поставете ја претходно отстранетата плоча (C) со користење на претходно отстранетите завртки со глава и навртки (D).

OUO6075,00013B9 -A8-11FEB13-3/3

Позиционирање на лопатката за воздух на моторот (положба за продолжена теренска работа)



H106619 —UN—28JAN13



H106615 —UN—30JAN13

Положба за транспорт

A—Клин за блокирање
B—Отвор
C—Завртки со глава и сигурносни навртки
D—Плоча
E—Завртки со глава и навртки
F—Носач


ВАЖНО: За да се спречи прегревање на моторот, лопатката за воздух на моторот мора да биде поставена во положба за продолжена теренска работа кога се врши жнеење во услови на висока надворешна температура и/или на површини со голема надморска висина.

1. Повлечете го клинот за блокирање (A) и поместете ја лопатката за воздух кон надвор додека клинот не се порамни со отворот (B).
2. Отстранете и задржете ги завртките со глава и сигурносните навртки (C) и панелот (D) од лопатката за воздух.
3. Отстранете ги навртките (E) и носачот (F).

OUO6075,00013BA -A8-11FEB13-1/3

4. Поставете го претходно отстранетиот носач (A) и завртките со глава (B) низ отворите, како што е прикажано.

A—Носач
B—Завртки со глава



H106620 —UN—30JAN13


Положба за продолжена теренска работа

Продолжува на следната страница


OUO6075,00013BA -A8-11FEB13-2/3

5. Поместете ја лопатката за воздух кон надвор и поставете ги завртките со глава низ отворите на носачот (A) и затегнете со користење на претходно отстранетите сигурносни навртки (B).
6. Поставете ја претходно отстранетата плоча (C) со користење на претходно отстранетите завртки со глава и сигурносни навртки (D).

A—Отвори на носачот
B—Сигурносна навртка
C—Плоча
D—Завртки со глава и сигурносни навртки



H106621 —UN—29JAN13




H106622 —UN—29JAN13

OUO6075,00013BA -A8-11FEB13-3/3

Чистење на одделот за мотор

ВНИМАНИЕ: Не чистете го моторот или оддел за моторот додека моторот работи. Нечистота, масло, плева и отпад од култура во оддел за моторот и на моторот може да предизвикат пожар. Насока на ветер, вид на култура и содржината на влага од содржина може да имаат влијание врз тоа каде и колку многу се наталожуваат отпад и плева. Почесто го преверувајте и чистете ова пордачје.




H95319 —UN—11FEB10

OUO6075,0000575 -A8-17MAR10-1/1

Чистење на филтер на издувни гасови

Сервисирање на машината или на приклучните уреди за време на чистење на филтерот на издувни гасови може да предизвика сериозни лични повреди. Избегнувајте изложување и допир на кожата со врелите издувни гасови и компоненти.

За време на автоматска или рачна/стационарна работа при чистење на филтерот на издувните гасови, моторот може да работи со зголемен празен од и да постигне високи температури за продолжен временски период. Издувните гасови и компонентите на филтерот на издувните гасови се загреваат до температура што може да ги изгори луѓето, како и да ги запали или растопи најчестите материјали.



RG17488 —UN—21AUG09

DX,FILTER -A8-20JAN10-1/1

Преглед на ситемот на филтерот за издувните гасови (Interim Tier 4/Stage III B)

Вашата машина е опремена со мотор усогласен за емисија кој ги чисти и филтрира издувните гасови. При нормално работење со машината и со системот во АВТОМАТСКИ режим, системот има потреба од минимална интеракција од страна на возачот.

За да избегнете непотребно таложење на дизел честички или саѓи во системот на филтерот за издувни гасови;

- Употребете АВТОМАТСКИ режим на чистење на филтерот на издувните гасови
- Избегнувајте непотребно работење на моторот во место
- Користете соодветно моторно масло. Видете го поглавјето Горива и подмачкувачи за препораки.
- Користете само гориво со ултра ниско ниво на сулфур. Видете го поглавјето Горива и подмачкувачи за препораки.

Допрете го или притиснете го потврдниот прекинувач кога ќе се означи иконата за информации за моторот.

Системот има два режими за филтер на издувни гасови:

- Автоматски (A)
- Исклучи (B)

ВАЖНО: Режимот за исклучување треба да се користи САМО кога маш-ината е привремено поврзана со систем на издувни гасови во затворен простор кога се врши дијагностика или поправка.


ЗАБЕЛЕШКА: Иконата за чистење на филтер на издувни гасови во паркирана состојба (C) може да биде активно или неактивно (не-осветлено) во зависност од нивото на рестрикција на издувниот филтер. Видете Чистење на филтер на издувни гасови во паркирана состојба понатаму во ова поглавје.

Системот се префрлува во режимот АВТОМАТСКИ кога чистењето на филтерот за издувни гасови во паркирана состојба е завршено или прекинувач зо клуч е свртен. Секогаш потврдете дека е одбран режим АВТОМАТСКИ, освек во условите каде тоа не е безбедно. Погледајте Кога да се исклучи системот за чистење на издувните гасови во ова поглавје.

H94480 —UN—31MAR10



Икона за информации за моторот



H95633 —UN—09MAR10

A—АВТОМАТСКИ режим за чистење на филтерот на издувните гасови
B—Исклучување на режимот за чистење на филтерот на издувните гасови
C—Икона за чистење на филтерот на издувни гасови во паркирана положба

OUO6075,00010E4 -A8-21MAR12-1/1

Кога да се исклучи системот за чистење на издувните гасови

ВАЖНО: Исклучете го автоматскиот систем за чистење на издувни гасови само кога е потребно.

ВНИМАНИЕ: Кога чистењето во режимот АВТОМАТСКИ или ПАРКИРАН е вклучен, температурата на издувните гасови може да биде повисока во условите без товар или полесен товар и во одредено време во текот на циклус на чистење на филтерот за издувните гасови.

Исклучете го системот за чистење на филтерот за издувните гаосви во условите каде тоа не не безбедно за повисоки температури на издувните гасови.

Како на пример:

- Во затворен простор или под покров освен ако системот за надворешно вентирирање на издувните гаосви кај високи температури е поврзан.
- Кога нема доволно време машината да заврши со сиклусот на чистење пред да се исклучи.
- Кај условите на висок ниво на прав или плева.
- Покрај подрачјето за полење со гориво.

OUO6075,000071B -A8-28JUN11-1/1


АВТОМАТСКИ режим на системот на филтерот за издувни гасови (Interim Tier 4/Stage III B)

ЗАБЕЛЕШКА: Системот се префрлува во режимот АВТОМАТСКИ кога чистењето на филтерот за издувни гасови во паркирана положба е завршено или контактниот клуч е завртен. Секогаш осигурете дека е одбран режимот АВТОМАТСКИ, освен во условите каде тоа не е безбедно. Погледнете во Кога да се исклучи системот за чистење на издувните гасови во ова поглавје.

АВТОМАТСКИ режим (A) му овозможува на системот на филтерот на издувни гасови интелигентно да врши чистење на филтерот кога тоа е потребно. Индикаторите на приказот во столпчето во аголот и приказот на потпирачот за рака му даваат информации на операторот поврзани со активноста на системот на филтерот на издувни гасови.

Индикаторот за чистење на филтерот за издувни гасови (B) се осветлува кога системот на филтерот за издувни гасови активно врши чистење на филтерот за издувни гасови.

Затнување на филтерот на издувни гасови — Во зависност од работните услови, системот на филтерот за издувни гасови може да побара промена во работењето. Екранот на потпирачот за рака ќе препорача промена во работењето.



H96154 —UN—21APR10



H105919 —UN—05OCT12

A—АВТОМАТСКИ режим за чистење на филтерот на издувните гасови

B—Индикатор за чистење на филтерот на издувни гасови

OUO6075,00012DB -A8-26OCT12-1/1

Чистење на филтерот за издувни гасови во паркирана положба (Interim Tier 4/Stage III B)

Жнеењето на одредените култури може да предизвикува особени проблеми. Некои култури се многу “лепливи” и често е тешко машината да се исчисти кога тие култури се жнеат. Во примероци на овие култури вклучени се сончоглед, канола и шафраника. Особено се погрижете за чистењето на машината кога жнеете овие култури.

Секогаш следете ги сите постапки за безбедност поставени на машината и во овој Прирачник за користење. Пред да извршувате каква било проверка или чистење, секогаш ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот за стартување.

OUO6075,0001167 -A8-21JUN12-1/1

Чистење на машината (периодично)

Фотографиите во ова поглавје прикажуваат порачја од машината кои што побаруваат редовна контрола и чистење. Постојат и други подрачја што треба редовно да се чистат, но овие подрачја бараат посебно внимание за да се овозможи што подобра противпожарна заштита.

Некои од тие фотографии прикажуваат наталожувањата на материјалот на култура и останатиот отпад пред чистењето. Овој вид на наталожување не е нормален, се дозволува само за илустрација.

ВАЖНО: Тие подрачја треба почесто да се чистат, дури и повеќекратно на ден, во зависност од условите на жнеење. Бидете свесни за условите на жнеење и нагодете го Вашиот распоред за чистење за да се осигури соодветно функционирање на машината и да се намали ризикот од пожар.

Во други подрачја неспомнати во ова поглавје исто така може да се собира отпад од културата и ТРЕБА да се исчисти периодично за подобар изглед и функција на машината. Внимателно ја прегледувајте целата машуна редовно во текот на сезоната на жнеење.


Секогаш следете ги сите постапки за безбедност поставени на машината и во овој Прирачник за користење. Пред да извршувате каква било проверка или чистење, секогаш ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и извадете го клучот за стартување.

Внимателно ја исчистете машината од врвот до дното со компримиран воздух. Најпрвин ги исчистете сите подрачја достапни од платформата на моторот. Започнете од оддел со моторот кон надвор и во насока обратна од насоката на стрелките на часовникот кон останатите подрачја околу одделот со моторот, подот под моторот, задниот горни дел од роторот и задната платформа, вклучувајќи го горниот дел од филтерот за дизел честички (ако е вградено). Еднаш кога горните делови од машината се чисти, продолжете со чистењето на подрачјата достапни од теренот.

Од теренот, исчистете го задниот дел од долната страна на резервоарот за гориво и горниот дел од задниот дел на системот за отстранување на отпад. Подрачјето околу филтерот за дизел честички (ако е вградено) исто така треба да биде исчистено од теренот. Кога чистењето од теренот е завршено, одново го прегледајте одделот со моторот да не е издуван отпад од културата од чистењето од теренот.

ЗАБЕЛЕШКА: Фотографиите (А) се само за машини тип S550.

Оддел со моторот (горни подрачја)



H105220 —UN—18APR12




H105236 —UN—02MAY12

(1 и 1А) — Турбокомпресор(и)

Продолжува на следната страница

Оддел со моторот (горни подрачја)



H105221 —UN—18APR12




H105237 —UN—02MAY12


(2 и 2A) — Колектор на издувните гасови и штитник на колектор

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-2/18

Оддел со моторот (горни подрачја)



H105226 —UN—02MAY12




H105238 —UN—02MAY12


(3 и 3A) — Околу моторот

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-3/18

Оддел со моторот (горни подрачја)



H105546 —UN—21JUN12



H105547 —UN—21JUN12


(4) — Под моторот

(5) — Горниот заден дел од роторот

Продолжува на следната страница


OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-4/18

Оддел со моторот (горни подрачја)



H105548 —UN—21JUN12

(6) — Главното куќиште на запчест пренос на моторот



H105549 —UN—21JUN12


(7) — Подрачја околу и под филтерот за дизел честички (ако е вградено)

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-5/18

Оддел со моторот (горни подрачја)



H105550 —UN—21JUN12



H105551 —UN—21JUN12


(8 и 8A) — На горниот дел од резервоарот за гориво

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-6/18

Оддел со моторот (горни подрачја)



H105552 —UN—21JUN12



H105553 —UN—21JUN12

(9 и 9A) — Пакетот за разладување на моторот


Продолжува на следната страница

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-7/18

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H100574 —UN—20JUN11



H105346 —UN—02MAY12

(1 and 1A) — Под резервоарот за гориво

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-8/18

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105229 —UN—19APR12



H105335 —UN—02MAY12

Центер со осигурувачи (машини тип S550, S660 и S670)

ВАЖНО: Ознаки за подмачкување прикажуваат различни локации за помачкување околу машината. Следете ги времињата за подмачкување како што е опишано на ознаките и за повеќе информации прочитајте за часовни интервали наведени во поглавјето Подмачкување и одржување.

Дефекти во лагерите и прегревање може да предизвикаат пожар. За намалување на неуспешна работа на лежиштето или прегревање, секогаш прочитајте ги ознаките за подмачкување на машината.

(2) — Подрачја околу лежишта и штитници на лежишта (различни локации)

(3) — Центар со осигурувачи и подрачја на кутија на акумулаторот

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-9/18

Достапно од теренот (подрачја од дно)

(4) — Погони за елеватор за чисти зрна




H105230 —UN—02MAY12

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-10/18

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105336 —UN—02MAY12



H105231 —UN—02MAY12

(5) — Бочно подрачје за одење

(6) — Бочни штитници од кал

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-11/18

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105337 —UN—02MAY12

(7) — Штитници од десната страна на доставната комора



H105338 —UN—02MAY12

(8) — Штитници од левата страна на доставната комора

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-12/18

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105232 —UN—02MAY12

(9) — Пренос




H105339 —UN—02MAY12

(10) — Подрачје од левата страна за Catwalk

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-13/18


Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105340 —UN—02MAY12

Центер со осигурувачи (машини тип S680 и S690)

(11) — Центар со осигурувачи и подрачја на кутија на акумулаторот



H105341 —UN—02MAY12

(12) — Погони за битер за празнење

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-14/18

Достапно од теренот (подрачја од дно)

(13) — Левата страна од подрачјето на ротор




H105233 —UN—02MAY12


Продолжува на следната страница

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-15/18

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105234 —UN—02MAY12




H105242 —UN—02MAY12

(14 и 14A) — Погони на ротор

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-16/18

Достапно од теренот (подрачја од дно)



H105235 —UN—02MAY12



H105243 —UN—02MAY12


(15 и 15A) — Погони за отстранување на отпад

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-17/18

Достапно од теренот (подрачја од дно)

(16) — Подрачја околу и под филтерот за дизел честички (ако е вградено)



H105343 —UN—02MAY12

OUO6075,0001120 -A8-27JUN12-18/18

Чистење на машината (годишно чистење и специјални култури)

ВНИМАНИЕ: За да спречите повреда, никогаш не чистете ја машината додека моторот работи или сепараторот е вклучен. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Следните упатства се препорачуваат кога се чисти машината за сертифицирани семенски посеви или при меѓудржавен транспорт на машината.

ВНИМАНИЕ: Безбедно блокирајте го хедерот така што да не може да се движи. Спуштете ги безбедносните граничници на намотката.

Отстранете го хедерот од машината.


Возете ја машината над крајот од редовите или над испакнатини да за ги ослободите нечистотиите. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, вклучете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот.

Отворете или отстранете ги сите врати и отвори за испуштање.

ВНИМАНИЕ: Свирнете со сирената (A) за да ја исчистете површината од други лица. Бидете подалеку од машината кога вршите празнење на плевата.

Завртете го контактниот клуч (B) за да го стартувате моторот.

Вклучете го сепараторот сè додека плевата не престане да излегува од задниот дел од машината.



H97186 —UN—02NOV10

A—Сирена **B—Контактен клуч**

Спуштете ги вртежите/мин на моторот во бавен празен од и вклучувајте го сепараторот повеќе пати. Работењето на сепараторот во бавен празен од предизвикува отстранување на нечистотиите од внатрешноста на роторот.

Поместете ја гаста до високи вртежи/мин и работете неколку минути. Повторете го циклусот додека од задниот дел на машината не престане да излегува плева.

ВНИМАНИЕ: Погрижете се други лица да бидат подалеку од машината при празнењето на плевата.

Возете ја машината на некое подигнување така што десната страна да биде околу 150 mm (6 in.) повисоко од левата, или пак паркирајте на закосена површина така што прашината да може да излезе.


Продолжува на следната страница

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-1/30

⚠ ВНИМАНИЕ: ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање, извадете го клучот, блокирајте ги тркалата и спуштете го безбедносниот граничник на доставната комора.


При работење со компримиран воздух во прашливи услови, поради лична заштита, мора да носите очила и маска за заштита од прашина. Воздушното црево мора да има стап од 2 m (6 ft.) (краен дел).

Започнете од врвот на машината, па продолжете надолу.




H39607 —UN—11OCT88

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-2/30



H62230 —UN—19JAN00

S660 и S670



H98866 —UN—27OCT10

S680, S685 и S690

A—Врата за чистење **B—Врата за чистење** **C—Врата за чистење**

Отворете ги вратите за чистење (A), (B) и (C).

Исчистете ги зрната под напречните спирали на резервоарот за зрна над коритото.

Исчистете ги зрната од рабовите на коритото на растоварната спирала кон дното. Зрната мора да бидат исчистени од вратите со стоење на земјата.


Продолжува на следната страница OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-3/30

Товарна спирала на резервоарот за зрна (наставки за резервоарот за зрна):

Ослободете ги стегачите (A) и спуштете ја спиралата.

Исчистете ја горната површина и надолу во елеваторот на чисти зрна за да го исчистете синџирот на елеваторот. Исчистете ги сите страни.

A—Стегачи



H102235 —UN—15JUN11

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-4/30

Товарна спирала на резервоарот за зрна (капаци за резервоарот за зрна):


ВНИМАНИЕ: НЕМОЈТЕ да го влечете или отстранувате клинот (A) за да ја спуштите товарната спирала на резервоарот за зрна. Отстранувањето на клинот може да резултира во лична повреда или оштетување на машината.

Товарната спирала на резервоарот за зрна е тешка. Бидете посебно внимателни кога ја подигнувате или спуштате спиралата.

Отстранете го клинот за брзо заклучување (B) и клинот (C) од затегата (D).

Употребете ја рачката (E) за помош при спуштањето на товарната спирала на резервоарот за зрна (F).

Исчистете ја горната површина и надолу во елеваторот на чисти зрна за да го исчистете синџирот на елеваторот. Исчистете ги сите страни.



H102236 —UN—15JUN11

A—Клин
B—Клин за брзо заклучување
C—Клин
D—Затега
E—Рачка
F—Спирала

Продолжува на следната страница


OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-5/30

Олабавете ги стегачите (A) и завртете го прозорецот на резервоарот за зрна (B) нагоре.

Исчистете го подрачјето зад кабината, околу примарното меѓупреносно вратило и над сепараторот.

A—Стегачи

B—Прозорец на резервоарот за зрна




H76204 —UN—28APR03

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-6/30

Отстранете ја пристапната врата (A) (ако пости) на предната страна од резервоарот за зрна.

Исчистете го материјалот околу запчестиот преносник на погонот на доставната комора со повеќе брзини.

A—Пристапна врата



H87627 —UN—13MAR07

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-7/30


Повлечете го клинот за блокирање (A) и завртете го држачот за раце (B) нагоре додека држачот за раце не влезе на место.

Отворете ги пристапните капаци (C) на моторот и исчистете го горниот дел од одделот за моторот како и околу сепараторот на предната страна од моторот.

Исчистете ја целата површина на одделот за моторот, особено површината под моторот.

Избришете какво било масло или подмачкувач во површината на моторот.

A—Клин за блокирање
B—Држач за рака
C—Капаци за пристап до моторот



H1102385 —UN—22JUN11

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-8/30


Повлечете го клинот за блокирање (A) и завртете ја скалата (B) нагоре додека скалата не влезе на место.

Отворете го пристапниот капак на филтерот (C) за да го ослободите од магнетот.

Исчистете ја задната страна на површината на одделот за моторот.

Исчистете ја целата површина на одделот за моторот, особено површината под моторот.

Избришете какво било масло или подмачкувач во површината на моторот.



H95353 —UN—25AUG10

A—Клин за блокирање
B—Скала
C—Капак

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-9/30

Tier 2/Stage II (S660 и S670):


ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете ги површините со компримиран воздух, дувајќи од внатре кон надвор.

Отворете ја вратата на ротационото сито.

Исчистете ги следниве површини во правец од внатре кон надвор:

- Радијатор (A)
- Кондензатор
- Ладилник на маслото
- Ладилник на воздушното полнење

Исчистете ја прашината од долниот вакуумски канал (B) и од преносниот канал (C).




H106852 —UN—08FEB13

A—Радијатор
B—Вакуумски канал
C—Преносен канал


Продолжува на следната страница

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-10/30

Interim Tier 4/Stage III B (S660, S670, S680, S685 и S690):



H106853 —UN—08FEB13



H106854 —UN—08FEB13

A—Клин за блокирање
B—Ладилник на горивото
C—Радијатор
D—Вакуумски канал
E—Кондензатори
F—Врата на ротационото сито
G—Преносен канал

ЗАБЕЛЕШКА: Исчистете ги површините со компримиран воздух, дувајќи од внатре кон надвор.

Отворете ја вратата на ротационото сито.

Повлечете го клинот за блокирање (A) и завртете го ладилникот на горивото (B) за да исчистите.

Исчистете ги следниве површини во правец од внатре кон надвор:

- Радијатор (C)
- Ладилник на маслото
- Ладилник на воздушното полнење


Исчистете ја прашината од долниот вакуумски канал (D).

Исчистете ги кондензаторите (E) сместени на вратата на ротационото сито (F).


Исчистете ја прашината од преносниот канал (G).

Продолжува на следната страница

S660 и S670:



H62232 —UN—19JAN00



H62233 —UN—19JAN00

A—Врата на елеваторот за отпад

B—Врата на елеваторот за чисти зрна

C—Крилести навртки

Отворете ја вратата на долниот елеватор за отпад (A) и вратата на елеваторот за чисти зрна (B).

Отстранете ги крилестите навртки (C) и отстранете ја вратата на горниот крај од елеваторот за отпад.


Отстранете го материјалот по потреба и исчистете ги страните на елеваторот.

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-12/30

S680, S685 и S690:

Употребете ја рачката (A) за да ја отворите вратата на елеваторот за чисти зрна (B) и вратата на елеваторот на системот за отпад (C).

Отстранете го материјалот по потреба и исчистете ги страните на елеваторот.



H97193 —UN—30JUN10

A—Рачка

B—Врата на елеваторот за чисти зрна


C—Врата на елеваторот на системот за отпад

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-13/30

S680, S685 и S690:

Употребете ја рачката (A) за да ја отворите вратата на спиралата на системот за отпад (B).

Отстранете го материјалот по потреба и исчистете ги страните на елеваторот.



H97194 —UN—30JUN10


A—Рачка

B—Врата на спиралата на системот за отпад

Продолжува на следната страница


OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-14/30

Исчистете ја плевата помеѓу сепараторот и страните на машината.




H100541 —UN—02MAR11

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-15/30



H100486 —UN—28FEB11



H90905 —UN—27FEB08

A—Навртки
B—Врата на доставната комора
C—Врата на доставната комора

Олабавете ги навртките (A) на секоја страна од вратата на доставната комора и притиснете ги навртките кон центарот на доставната комора.

Повлечете ја вратата нанапред за да ја отстраните.

Исчистете ја доставната комора низ горните врати (B) и (C).

Подигнете го преносниот синџир и дозволете синџирот да се поврати неколку пати додека го чистите.


OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-16/30

Извадете го клинот за брзо заклучување и поместете ја рачката (A) надолу и наназад за да се отвори доставната плоча.

Исчистете ја површината на доставната плоча.

Притиснете ја рачката нанапред и нагоре за да ја затворите доставната плоча. Блокирајте со клинот за брзо заклучување.

A—Рачка



H52761 —UN—17MAY99

Продолжува на следната страница


OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-17/30

Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и поместете ја рачката (B) за да се отвори собирачот на камења.

Исчистете ја површината на собирачот на камења.

Поместете ја рачката надолу за да се затвори собирачот на камења. Блокирајте со клинот за брзо заклучување.

A—Клин за брзо заклучување B—Рачка




H99239 —UN—01DEC10

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-18/30

Ако постои: Отстранете ги завртките со глава од вратите за чистење (A) за да ја исчистите површината.

Кога ќе завршите со чистење, поставете ги вратите за чистење и завртките со глава.

A—Врати за чистење




H102538 —UN—29JUN11

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-19/30

Ако постои: Повлечете го клинот за блокирање (A) и поместете ја рачката (B) нагоре за да ја растоварите вратата за чистење (C) и поместете ја рачката надолу за да ја затворите и заклучете вратата за чистење.


A—Клин за блокирање
B—Рачка
C—Врата за чистење



H91139 —UN—15APR08

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-20/30



H62265 —UN—19JAN00



H52708 —UN—23MAR99

A—Клинови за брзо заклучување


B—Брава со пружина

C—Капаци на сепараторот

Отстранете ги клиновите за брзо заклучување (A), бравата со пружина (B) и капаците на сепараторот (C). Со стругалката олабавете го материјалот и потоа темелно исчистете ги страните на машината.

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-21/30

Исчистете го горниот дел од оската и преносот.



H99165 —UN—22NOV10

Прикажана е машина со менување на брзините со притисно копче

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-22/30

Отворете го ситото и отстранувачот на плева колку е можно повеќе и исчистете ги.




H52710 —UN—23MAR99

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-23/30

Исчистете ја задната површина на оската.



H100556 —UN—02MAR11

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-24/30


Извадете ги клинот за брзо заклучување (A) и отворете го штитникот (B).

Извадете го клинот за брзо заклучување (C) и завртете ја бравата (D) да се отклучи.

Подигнете ги и тргнете ги задниот штитник (B) и штитникот на средниот вентилатор (E).

Исчистете ја површината на вентилаторот.

A—Клин за брзо заклучување
B—Штитник
C—Клин за брзо заклучување
D—Брава
E—Штитник



H96806 —UN—09JUN10


Продолжува на следната страница

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-25/30

Извадете го клинот за брзо заклучување (A) и завртете ја бравата (B) за да го отстраните штитникот (C).

Исчистете ја површината.


A—Клин за брзо заклучување
B—Брава
C—Штитник



H96803 —UN—09JUN10

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-26/30

Исчистете ја површината околу вентилаторот.




H100557 —UN—02MAR11

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-27/30

Подигнете ја дробилката (ако постои) преку прекинувачот (A).

A—Прекинувач




H97565 —UN—14SEP10

Продолжува на следната страница

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-28/30

Олабавете ја крилестата навртка (A) и употребете ја рачката (B) за да го одвоите блокот ножеви и исчистете ја дробилката.


A—Крилеста навртка **B—Рачка**



H98137 —UN—20SEP10

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-29/30

Исчистете ја плевата од површината на погонот на распрскувачот (ако постои) и од хаубата на распрскувачот.



H98906 —UN—27OCT10

OUO6075,0001574 -A8-27JUN13-30/30

Безбедно ракување со горивото—Избегнување пожари

Внимателно ракувајте со горивото: тоа е лесно запаливо. Не полнете ја машината со гориво додека пушете и внимавајте во близина да нема отворен пламен или извор на искри.

Секогаш исклучете го моторот пред полнењето на машината со гориво. Полнете го резервоарот за гориво само на отворено.

Спречете пожари со тоа што ќе ја одржувате машината чиста од насобрана нечистотија, масло и отпадоци. Секогаш исчистете го прелиеното гориво.

Употребувајте само одобрен сад за гориво кога пренесувате запаливи течности.

Никогаш не полнете сад за гориво во пикап камион со пластична долна обвивка. Секогаш поставувајте го садот за гориво на земја пред повторно да го полните. Допрете го садот за гориво со млазникот за полнење



TS202 —UN—23AUG88

гориво пред да го отстранете капакот на садот. Додека полните гориво држете го млазникот за полнење гориво во допир со отворот на садот за гориво.

Не складирајте го садот со гориво на места каде има отворен оган, искри или индикаторска светилка како што е грејач за вода или друг уред.

DX,FIRE1 -A8-12OCT11-1/1

Избегнете го ризикот од појава на статичен електрицитет при полнење на гориво

Отстранувањето на сулфур и на други компоненти во дизел горивото со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD), ја намалува неговата спроводливост и го зголемува ризикот од акумулирање на статичен електрицитет.


Рафинериите можеби го третирале горивото со антистатични додатоци. Меѓутоа, постојат многу фактори кои можат да ја намалат ефикасноста на тие додатоци со текот на времето.

Статичниот електрицитет може да се акумулира во дизел горивото со ултра ниска содржина на сулфур додека тоа течи низ системите за полнење со гориво. Празнењето на статичниот електрицитет во присутност на запаливи пареи би можело да резултира со оган или експлозија.

Затоа е важно да се обезбеди целиот систем кој се користи за полнење со гориво на Вашата машина (резервоар за гориво, пумпа, доводно црево, пиштол за полнење и др.) да е правилно заземјен и меѓусебно поврзан. Побарајте совет од Вашиот снабдувач со гориво или со систем за гориво, за да бидете сигурни дека системот за испорака е во согласност со стандардите за снабдување со гориво во однос на практиката за правилно заземјување и поврзување.



RG22142 —UN—21AUG13



RG21992 —UN—21AUG13


OUO6075,000159E -A8-25JUN13-1/1

Резервоар за гориво — полнење

ВНИМАНИЕ: Внимателно ракувајте со горивото. Не полнете ја машината со гориво додека пушите. ИСКЛУЧЕТЕ го моторот, поставете ја сопирачката за паркирање и отстранете го клучот пред да го полните резервоарот.

Не пренаполнувајте го резервоарот за гориво. Може да настане телесна повреда предизвикана од испрскување на гориво. Може да настанат протекувања поради ширењето на горивото. Ако резервоарот е наполнен премногу и ако е оставен на директна сончева светлина или ако температурата постане премногу висока, резервоарот ќе прелие.

ВАЖНО: Мотори Interim Tier 4/Stage III B: Користете САМО гориво со ултра ниско ниво на сулфур. За понатамошни информации, погледнете во Дизел гориво и биодизел гориво во ова поглавје.



H106862 —UN—11FEB13

A—Резервоар за гориво

Наполнете го резервоарот за гориво (A) на крајот од секој ден. Со тоа се спречува кондензирање во резервоарот кое настанува со ладењето на влажниот воздух.

OUO6075,00013CD -A8-11FEB13-1/1

Ракување и складирање на дизел гориво

ВНИМАНИЕ: Внимателно ракувајте со горивото. Не полнете го резервоарот со гориво додека работи моторот.

НЕ пушете кога го полните резервоарот со гориво или додека го сервисирате системот за вбризгување на гориво.

Полнете го резервоарот со гориво на крајот на секој ден работа, за да спречите кондензирање на водата и замрзнување за време на ладни временски услови.

Одржувајте ги контејнерите за складирање практично полни за да ја намалите кондензацијата.

Проверете дали сите капачки и поклопувачи за контејнерите со гориво се соодветно наместени за спречите појава на влага.

Редовно проверувајте ја содржината на вода во горивото.

Кога користете био-дизел гориво, филтерот за гориво можеби ќе треба да се менува почесто поради пребрзото затнување.

Проверете го нивото на масло на моторот дневно пред стартување на моторот. Зголемено ниво на масло може да индицира растворање на горивото или на маслото на моторот.

Кога горивото е складирано на подолги временски периоди или постои мал обрт на гориво, додадете кондиционер на гориво за да го стабилизирате горивото и да спречите кондензација на вода. Контактирајте го Вашиот снабдувач на гориво за препораки.

OUO6075,0000ADD -A8-09DEC10-1/1

Дизел гориво

Консултирајте се со Вашиот локален дистрибутер на горива за карактеристиките на дизел горива достапни во Вашиот крај.

Најчесто дизел горивата се мешани за да ги задоволат условите на ниски температури или географскиот предел каде се користат.

Препорачливи се дизел горива според спецификацијата EN 590 или ASTM D975. Обновливото дизел гориво произведено од хидро-обработени животински масти и растителни масла во основа е идентично со нафтеното дизел гориво. Обновливото дизел гориво кое ги задоволува стандардите EN 590 или ASTM D975 е прифатливо за користење во сите процентуални односи на мешавините.

Потребни карактеристики на горивото

Во секој случај, горивото треба да ги задоволува следниве карактеристики:

Цетански број од најмалку 43. Се препорачува цетански број поголем од 47, особено при температури под –20°C (–4°F) или при висини над 1500 m (5000 ft.).

Точката на затнување на ладниот филтер (CFPP) треба да биде најмалку 5°C (9°F) под очекуваната најниска температура или **точка на заматување** под очекуваната најниска температура на околината.

Лизгавоста на горивото треба да го помине максималниот дијаметар на трага од 0,45 mm според спецификацијата ASTM D6079 или ISO 12156-1.

Квалитетот на дизел горивото и содржината на сулфур мора да се во согласност со постоечките прописи за издувни гасови во подрачјето каде работи машината. НЕ користете дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 10 000 mg/kg (10 000 ppm).

Содржина на сулфур за мотори кои одговараат на Interim Tier 4 и Степен III B

- Користете САМО дизел гориво со ултра ниска содржина на сулфур (ULSD) со максимална содржина на сулфур од 15 mg/kg (15 ppm).

Содржина на сулфур за мотори кои одговараат на Tier 3 и Степен III A

- Се ПРЕПОРАЧУВА употреба на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 1000 mg/kg (1000 ppm)
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур од 1000–5000 mg/kg (1000–5000 ppm) го НАМАЛУВА интервалот на промена на масло и филтер.
- ПРЕД користење на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm), контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема

Содржина на сулфур за мотори кои одговараат на Interim Tier 2 и Степен II

- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 500 mg/kg (500 ppm) е ПРЕПОРАЧАНА.
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур од 500–5000 mg/kg (500–5000 ppm) го НАМАЛУВА интервалот на промена на масло и филтер
- ПРЕД користење на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm), контактирајте го Вашиот трговец со John Deere опрема

Содржина на сулфур за други мотори

- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур помала од 5000 mg/kg (5000 ppm) е препорачана.
- Употребата на дизел гориво со содржина на сулфур поголема од 5000 mg/kg (5000 ppm) го НАМАЛУВА интервалот на промена на маслото и филтерот.

ВАЖНО: Не мешајте користено масло за дизел мотори или кој било друг тип подмачкувач со дизел гориво.

ВАЖНО: Несоодветно користење на адитиви за гориво може да предизвика оштетување на опремата за вбризгување на гориво кај дизел мотори.

DX,FUEL1 -A8-11APR11-1/1

Биодизел гориво

Биодизелското гориво е составено од моно-алкил естери на долгата низа масни киселини добиени од растителни масла или животински масти. Биодизелските мешавини се биодизел помешани со нафтено дизел гориво на волуменска основа.

Пред употребување на гориво кое содржи биодизел, видете ги Условите за употреба на биодизел и Препораките во овој прирачник за користење.

Законите за животна средина и прописите може да ја охрабруваат или забрануваат употребата на биогорива. Возачите треба да се консултираат со соодветните владини органи пред употреба на биогорива.

Сите John Deere мотори со филтер за издувни гасови (произведени 2011 година и подоцна)

Иако се преферираат 5% мешавини (B5), може да се користат и биодизелски концентрации до 20% мешавина (B20) во нафтени дизелски горива. Биодизелски мешавини до B20 можат да се користат САМО ако биодизелот (100% биодизел или B100) ги задоволува стандардите ASTM D6751, EN 14214 или еквивалентни спецификации. Очекувајте 2% намалување на силата и 3% намалување во економичноста на горивото при користење на B20.

Биодизелски концентрации над B20 може да го оштетат системот за контрола на емисии на моторот и не треба да се користат. Ризиците вклучуваат, но не се ограничени на, повеќе зачестена стационарна регенерација, насобирање на саѓи и зголемени интервали на отстранување пепел.

Одобрените John Deere кондиционери за гориво, кои содржат детергентни и дисперзантски адитиви, се потребни кога се користи B20, и се препорачуваат кога се користат пониски биодизелски мешавини.

Сите John Deere мотори кои немаат филтер на издувните гасови (главно произведени пред 2012 година)

Иако се преферираат 5% мешавини (B5), може да се користат и биодизелски концентрации до 20% мешавина (B20) во нафтени дизелски горива. Биодизелски мешавини до B20 можат да се користат САМО ако биодизелот (100% биодизел или B100) ги задоволува стандардите ASTM D6751, EN 14214 или еквивалентни спецификации. Очекувајте 2% намалување на силата и 3% намалување во економичноста на горивото при користење на B20.

Овие John Deere мотори може да работат со биодизелски мешавини поголеми од B20 (до 100% биодизел). Работете на нивоата над B20 САМО ако биодизелот е дозволен со закон и ги задоволува спецификациите од EN 14214 (главно достапно во Европа). Мотори кои работат на биодизел мешавини над B20 може да не се целосно во согласност или пак да бидат дозволени од сите важечки прописи за емисии. Очекувајте до 12% намалување на силата и 18% намалување во економичноста на горивото при користење на 100% биодизел.

Одобрените John Deere кондиционери за гориво, кои содржат детергентни и дисперзантски адитиви, се потребни кога се користи B20, и се препорачуваат кога се користат пониски биодизелски мешавини.

Услови за употреба на биодизел и препораки

Нафтената дизел количина од сите биодизелски мешавини мора да ги исполнат барањата на комерцијалните стандарди ASTM D975 (САД) или на EN 590 (ЕУ).

Корисниците на биодизел во С.А.Д. се поттикнуваат за купување на биодизелски мешавини од сертифицирани трговци на BQ-9000 или со потекло од акредитиран производувач на BQ-9000 (како што е потврдено од страна на Националниот биодизелски одбор). Сертифицираните трговци и акредитираните производувачи можат да се најдат на следната интернет страница: http://www.bq9000.org.

Биодизелите содржат резидуална пепел. Нивоата на пепел кои ги надминуваат максималните дозволени нивоа според ASTM D6751 или EN14214 може да предизвикаат забрзано таложење на пепел и имаат потреба од позачестено чистење на Филтерот на издувни гасови (ако постои).

Филтерот за гориво може да има потреба од позачестено заменување, кога се користи биодизелско гориво, особено ако се преминува од употреба на дизел. Проверете го нивото на масло на моторот дневно пред стартување на моторот. Зголемено ниво на масло може да индицира растворање на горивото или на маслото на моторот. Биодизелските мешавини до B20 мора да се искористат во рок од 90 дена од датумот на производството на биодизелот. Ако се користат, биодизелските мешавини над B20 мора да се искористат во рок од 45 дена од датумот на производството на биодизелот.

Кога се користат биодизелски мешавини до B20, треба да се разгледа следното:

- Ладното време ја поттикнува деградацијата
- Прашања во врска со стабилноста и складирањето (апсорпција на влага, раст на микроби)
- Можно ограничување и затнување на филтерот (обично проблемот настанува при првото префрлање кон биодизел кај користените мотори.)
- Можно истекување на горивото низ заптивките и цревата (проблем поврзан главно со постари мотори)
- Можно намалување на сервисниот век на деловите на моторот

Побарајте сертификат за анализата од Вашиот дистрибутер на гориво за да проверите дали горивото е во согласност со спецификациите наведени во овој Прирачник за користење.

Продолжува на следната страница

Консултирајте се со Вашиот трговец на John Deere опрема за одобрени кондиционери на биодизелско гориво за подобрување на складирањето и перформансите на биодизелските горива.

Следното исто така треба да се земе предвид при користење на биодизелски мешавини над B20:

- Можно затнување или блокирани прскалки на вбризгувачите, што резултира во губење на силата и застој на моторот, ако не се користат одобрени John Deere кондиционери за гориво
- Можно растворање на маслото во картерот (што бара почеста промена на маслото)
- Можно затнување или блокирање на внатрешните компоненти
- Можно создавање на талог и седименти
- Можна термичка оксидација на горивото при повисоки температури
- Можни проблеми со компатибилноста со други материјали (вклучувајќи бакар, олово, цинк, калај, месинг и бронза) кои се користат со опрема за ракување со гориво
- Можно намалување на ефикасноста на одвојувачот на вода
- Можно оштетување на бојата при изложеност на биодизел
- Можна корозија во опремата за вбризгување гориво
- Можна деградација на еластомерниот капак и материјал на дихтунгот (првенствено проблем кај постарите мотори)
- Можни високи нивоа на киселина во рамките на системот на гориво
- Бидејќи биодизелските мешавини над B20 содржат повеќе пепел, употребата на мешавини над B20 може да предизвика поголемо таложење на пепел и имаат потреба од позачестено чистење на Филтерот на издувни гасови (ако постои)

ВАЖНО: Сурово пресирани растителни масла НЕ се прифатливи за употреба како гориво во каква било концентрација кај John Deere мотори. Нивната употреба може да предизвика оштетување на моторот.

DX,FUEL7 -A8-29AUG12-2/2

Способност за подмачкување на дизел горива

Повеќето дизел горива произведени во Соединетите Американски Држави, Канада и Европската Унија имаат соодветна способност за подмачкување за да осигурат правилно работење и трајност на компонентите на системот за вбризгување гориво. Меѓутоа, дизел горивата произведени во некои други места во светот можеби ја немаат соодветната способност за подмачкување.

ВАЖНО: Осигурете се дека дизел горивата во Вашата машина прикажуваат карактеристики на добра способност за подмачкување.

Лизгавоста на горивото треба да го помине максималниот дијаметар на трага од 0,45 mm според спецификациите ASTM D6079 или ISO 12156-1.

Ако се користи гориво со ниска или непозната способност за подмачкување, додадете John Deere Fuel-Protect Diesel Fuel Conditioner (или негов еквивалент) во наведената концентрација.

Способност за подмачкување на биодизел горива

Способноста за подмачкување на гориво може значително да се подобри со биодизелски мешавини до B20 (20% биодизел). Поголемото зголемување во способноста за подмачкување е ограничена за биодизелски мешавини поголеми од B20.

DX,FUEL5 -A8-14APR11-1/1

Намалување на ефектот од ладните временски услови на дизел мотори

John Deere дизел моторите се дизајнирани да оперираат ефикасно на ладни временски услови.

Но, за ефикасно стартување и работење во ладни временски услови, потребна е мала дополнителна грижа. Информациите подолу ги наведуваат чекорите кои можат да го намалат ефектот што лошите временски услови може да го имаат на стартувањето и работењето на Вашиот мотор. Посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема за дополнителни информации и локална достапност на средства за работа во ладни временски услови.

Користете гориво од зимска класа

Кога температурите паѓаат под 0°C (32°F), гориво од зимска класа (No. 1-D во Северна Америка) е најсоодветно за работење во ладни временски услови. Дизел гориво од зимска класа има пониска точка на заматување и температура на течливост.

Точката на заматување е температурата на која ќе почне да се формира восок во горивото и тој восок може да предизвика затнување на филтрите. **Точка на течливост** е најниската температура на која е овозможен проток на горивото.

ЗАБЕЛЕШКА: Просечно, дизел гориво од зимска класа има понизок степен на Btu (топлинска содржина). Користење на дизел гориво од зимска класа може да ја намали силата на моторот и ефикасноста на горивото, но не би требало да предизвика други намалувања на перформансите на моторот. Проверете го квалитетот на горивото кое се користи пред да решавате проблеми со мала сила на моторот во ладни временски услови.

Грејач на влезот на воздух

Грејач на влезот на воздух е достапна опција за некои мотори за помош при стартување во ладни временски услови.

Етер

Отворот за етер на влезот е достапен за да Ви помогне при стартувањето во ладни временски услови.

ВНИМАНИЕ: Етерот е лесно запалив. Не користете етер кога го стартувате моторот опремен со грејачи или грејач на влезниот воздух.

Грејач на разладното средство

Грејач на блокот на моторот (грејач на разладното средство) е достапна опција за помош при стартување во ладни временски услови.

Вискозитет на сезонско масло и соодветна концентрација на разладното средство

Употребете вискозитет на сезонското масло за мотор базиран на очекуваниот опсег на температура на воздухот помеѓу промената на масла, како и соодветна концентрација на силикатен антифриз, како што тоа е препорачано. (Видете ги барањата за МАСЛО ЗА ДИЗЕЛ МОТОРИ и РАЗЛАДНА ТЕЧНОСТ ЗА МОТОРИ во ова поглавје.)

Адитив за проток на дизел гориво

Користете кондиционер за дизел гориво John Deere Fuel-Protect Diesel (зимска формула) кое содржи хемиски анти-гел или негов еквивалент, за третирање гориво кое не е од зимска класа (бр. 2-D во Северна Америка) за време на ладните зимски периоди. Најчесто ова ја зголемува способноста за работење на приближно 10°C (18°F) под точката на заматување. За работа при пониски температури, користете гориво од зимска класа.

ВАЖНО: Третирајте го горивото кога надворешната температура опаѓа под 0°C (32°F). За најдобри резултати, употребувајте нетретирано гориво. Следете ги сите препорачани инструкции на ознаката.

Биодизел

Кога работете со биодизел мешавини, формирањето на восок може да се случи на потопли температури. Почнете со употреба на кондиционер за дизелски горива John Deere Fuel-Protect (зимска формула) на 5°C (41°F) за третирање на биодизелски горива за време на ладни временски услови. Користете B5 или пониски мешавини при температури под 0°C (32°F). Користете само нафтено дизел гориво од зимска класа при температури под -10°C (14°F).

Зимски штитници

Користење на ткаенина, картон или цврсти зимски штитници не е препорачливо за кој било John Deere мотор. Нивната употреба може да предизвика зголемена температура кај разладното средство, маслото и вовлечениот воздух. Ова може да доведе до намален век на моторот, загуба на силата на моторот и слаба економичност на потрошувачката на гориво. Зимските штитници можат да предизвикаат и невообичаено оптоварување на вентилаторот или составните делови на погонот на вентилаторот, предизвикувајќи прерано откажување.

Ако се користат зимски штитници, тие никогаш не треба целосно да го затвораат просторот на предната решетка. Приближно 25% од површината во центарот на решетката треба постојано да биде отворен. Во никој случај не треба да се поставува блокада директно на уредот за влез на воздух во јадрото на радијаторот.

Продолжува на следната страница

Капаци на радијаторот

Ако постои систем за термостатичка контрола на капаците на радијаторот, истиот треба да биде регулиран на таков начин што капаците се целосно отворени до моментот кога разладното средство достигне 93°C (200°F) со цел да се спречи прекумерна температура во влезот за воздух. Рачно контролирани системи не се препорачливи.

Ако се користи меѓуладење воздух-воздух, капаците мора да бидат целосно отворени до моментот кога температурата во влезот на воздух достигне максимална дозволена температура на вовлечениот воздух.

За повеќе информации посетете го Вашиот трговец со John Deere опрема.

DX,FUEL10 -A8-20APR11-2/2

Разладно средство на дизел мотор за тешки услови на работа

Разладниот систем на моторот е наполнет со цел да овозможи едногодишна заштита од корозија и оштетување на цилиндарот, како и заштита од ладни временски услови до -37°C (-34°F). Ако е потребна заштита за поладни временски услови, консултирајте се со Вашиот трговец со John Deere опрема за препораки.

Следниве разладни средства за мотор се препорачани:

- John Deere COOL-GARD™ II Premix
- John Deere COOL-GARD II PG Premix

Употребете John Deere COOL-GARD II PG Premix кога е потребна нетоксична формулација на разладното средство.

Додатни препорачани разладни средства

Следниве разладни средства исто така се препорачани:

- John Deere COOL-GARD II Concentrate во 40–60% мешавина од концентрат со квалитетна вода.

John Deere COOL-GARD II Premix, COOL-GARD II PG Premix и COOL-GARD II Concentrate разладните средства не бараат употреба на дополнителни адитиви за разладното средство.

Други разладни средства

Можно е разладните средства John Deere COOL-GARD II и COOL-GARD II PG да не се достапни во географските предели каде се извршува сервисирањето.

Ако овие разладни средства се недостапни, користете концентрирано разладно средство или растворено разладно средство наменето за употреба кај дизел мотори за тешки услови на работа со минимално следни хемиски и физички својства:

- Формулирано е со квалитетен нитрит без додаток на адитиви.
- Обезбедува заштита на внатрешната обвивка на цилиндарот во согласност со методата на John Deere за испитување на кавитацијата или со проучувањето извршено при капацитет на оптоварување од 60% или поголем
- Ги штити од корозија металите на системот за разладување (леано железо, алуминиумски легури и бакарни легури, како што е месинг)

Адитивите мора да бидат дел од следниве мешавини на разладно средство:

- растворено (40—60%) разладно средство за тешки работни услови, базирано на етилен гликол или пропилен гликол
- Концентрирано разладно средство за тешки услови на работа во 40—60% мешавина на концентрат со квалитетна вода, базирано на етилен гликол или пропилен гликол

Квалитет на вода

Квалитетот на водата е важен за работата на разладниот систем. Се препорачува дестилирана, дејонизирана или деминерализирана вода за мешање со концентрат на разладно средство на база на етилен гликол и пропилен гликол.

ВАЖНО: Не користете залеани адитиви на разладното средство или антифриз кој содржи залеани адитиви.

Не мешајте разладни средства базирани на етилен гликол и пропилен гликол.

Не користите разладни средства што содржат нитрати.

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,COOL3 -A8-14APR11-1/1

Интервали на испуштање на разладно средство за дизел мотор

Испуштете и исперете го системот за разладување и повторно наполнете го со свежо разладно средство на означениот интервал, кој зависи од употребеното разладно средство.

John Deere COOL-GARD™ II Premix, COOL-GARD II PG Premix и COOL-GARD II Concentrate се разладни средства без потреба од одржување до шест години или 6000 работни часови, под услов дека системот за разладување да е целосно наполнет само со John Deere COOL-GARD II Premix или COOL-GARD II PG Premix.

Годишно тестирајте ја состојбата на разладното средство со Ленти за тестирање на разладно средство дизајнирани за употреба со разладни средства John Deere COOL-GARD II. Ако табелата за лентите за тестирање покажува дека е потребен адитив, додадете John Deere COOL-GARD II Coolant Extender како што е наведено.

Ако е употребено John Deere COOL-GARD™ II Premix, COOL-GARD II PG Premix или COOL-GARD II Concentrate, но разладното средство не е тестирано ИЛИ адитивите не се обновени со додавање на John Deere COOL-GARD II Coolant Extender, интервалот на испуштање е четири години или 4000 работни часови. Овој интервал на испуштање се применува само на COOL-GARD II разладни средства кои се одржувани со 40—60% мешавина од концентрат со квалитетна вода.

Ако се употребува друго разладно средство освен COOL-GARD II или COOL-GARD II PG, намалете го интервалот на испуштање на две години или 2000 работни часови.

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,COOL11 -A8-14APR11-1/1

John Deere COOL-GARD™ II Coolant Extender

Некои адитиви на разладните средства целосно ќе се истрошат со самата работа на моторот. За John Deere COOL-GARD™ II Premix, COOL-GARD II PG Premix и COOL-GARD II Concentrate, обновете ги адитивите на разладно средство помеѓу интервалите на испуштање со додавање на John Deere COOL-GARD II Coolant Extender.

John Deere COOL-GARD II Coolant Extender не треба да се додава освен ако тоа не е наведено од тестирањето на разладното средство.

John Deere COOL-GARD II Coolant Extender е хемиски усогласен систем на адитиви за употреба со сите John Deere COOL-GARD II разладни средства. John Deere COOL-GARD II Coolant Extender не е наменет за употреба со разладни средства кои содржат нитрати.

ВАЖНО: Не додавајте дополнителни адитиви на разладното средство кога се испушта и повторно се полни системот за разладување со кој било од следните адитиви:

- **John Deere COOL-GARD II**
- **John Deere COOL-GARD II PG**

Употребата на дополнителни адитиви на разладното средство кои не се препорачани може да предизвика истекување на адитивот, стврднување на разладното средство или корозија на компонентите на системот за разладување.

Додадете ја препорачаната концентрација на John Deere COOL-GARD II Coolant Extender. НЕ додавајте повеќе од препорачаната количина.

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,COOL16 -A8-20APR11-1/1

Дополнителни адитиви на разладното средство

Некои адитиви на разладните средства целосно ќе се истрошат со самата работа на моторот. За разладни средства кои содржат нитрати, обновете ги адитивите на разладното средство помеѓу интервалите на испуштање со додавање на дополнителен адитиви на разладно средство како што е опишано како потребно преку тестирање на разладното средство.

Како дополнителен адитив на разладно средство за разладни средства кои содржат нитрати, се препорачува John Deere Liquid Coolant Conditioner.

John Deere Liquid Coolant Conditioner не е дизајниран за употреба со John Deere COOL-GARD™ II Premix, COOL-GARD II PG Premix или COOL-GARD II Concentrate.

ВАЖНО: Не додавајте дополнителни адитиви на разладното средство кога се испушта и повторно се полни системот за разладување со кој било од следните адитиви:

- **John Deere COOL-GARD II**
- **John Deere COOL-GARD II PG**

Ако се користат други разладни средства, консултирајте се со доставувачот на разладни средства и следете ги препораките на произведувачот за користење на дополнителното адитиви на разладно средство.

Употребата на дополнителни адитиви на разладно средство кои не се препорачани може да предизвика истекување на адитивот и стврднување на разладното средство.

Додајте го дополнителниот адитив на разладно средство во концентрација која ја препорачува произведувачот. НЕ додавајте повеќе од препорачаната количина.

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,COOL4 -A8-14APR11-1/1

Работа во топли временски услови

Моторите John Deere се дизајнирани за работа со користење на разладни средства за мотор врз база на гликол.

Секогаш користете препорачано разладно средство за мотор врз база на гликол, дури и кога работете во географски предели каде не е потребна заштита од замрзнување.

John Deere COOL-GARD™ II Premix е достапно во концентрации од 50% етилен гликол. Сепак, ова се ситуации на топли временски услови каде разладно средство со помала концентрација на гликол (околу 20% етилен гликол) се одобрени. Во вакви случаи, ниската формулација на гликол е модифицирана за да овозможи иста инхибиција на корозија како и John Deere COOL-GARD II Premix (50/50).

ВАЖНО: Вода може да се користи како разладно средство *во случај на опасност.*

Создавање на пена, корозија на жешки алуминиумски и железни делови, градација и појавување на шуплини можат да се појават кога се користи вода како разладно средство, дури и кога се додадени и други кондиционери на разладното средство.

Испуштете го системот за разладување и наполнете го со препорачано разладно средство за мотор врз база на гликол колку што е можно побргу.

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

DX,COOL6 -A8-03NOV08-1/1

Дополнителни информации за разладни средства за дизел мотори и John Deere COOL-GARD™ II Coolant Extender

Разладните средства за мотори се комбинација од три хемиски компоненти: антифриз на база на етилен гликол (EG) или пропилен гликол (PG), инхибиторни адитиви на разладни средства и квалитетна вода.

Спецификации за разладно средство

John Deere COOL-GARD™ II Premix или EG или PG, се целосно формулирани разладни средства кои ги содржат сите три компоненти во нивните точни концентрации. НЕ додавајте почетно полнење од John Deere COOL-GARD II Coolant Extender во COOL-GARD II Premix. НЕ додавајте никакви други дополнителни адитиви на разладно средство или вода во COOL-GARD II Premix.

John Deere COOL-GARD II Concentrate содржи етилен гликол и инхибиторни адитиви на разладно средство. Мешајте го овој производ со квалитетна вода, но НЕ додавајте почетно полнење од John Deere COOL-GARD II Coolant Extender или каков било друг дополнителен адитив за разладно средство.

Надополнување на адитиви на разладно средство

Некои адитиви на разладните средства целосно ќе се истрошат со самата работа на моторот. Потребно е и периодично надополнување на инхибиторите, дури и кога се користат John Deere COOL-GARD II Premix или COOL-GARD II Concentrate. Следете ги препораките наведени во ова упатство за користење на John Deere COOL-GARD II Coolant Extender.

Зошто да користите John Deere COOL-GARD II Coolant Extender?

Работењето без соодветни адитиви на разладно средство ќе предизвика зголемена корозија, ерозија на обвивката на цилиндарот и пукнатини, како и други оштетувања на моторот и системот за разладување. Едноставна мешавина од етилен гликол или пропилен гликол и вода нема да овозможат соодветна заштита.

John Deere COOL-GARD II Coolant Extender е хемиски усогласен систем на адитиви дизајниран за зајакнување на заштитните адитиви употребени со John Deere COOL-GARD II Premix и COOL-GARD II Concentrate и да овозможат оптимална заштита до шест години или 6000 работни часови.

COOL-GARD е регистриран заштитен знак на Deere & Company

